ISSN 2671-3764

# МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ
# БЕЗБЕДНОСТ

## INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL SECURITY

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**МИНИСТЕРТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
**MINISTRY OF INTERNAL AFFAIRS**

ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ НА СРЕДСТВАТА ЗА СМИРУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ...

ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО МУЛТИЕТНИЧКИ ОПШТЕСТВА – ПОСКОНФЛИКТЕН МОДЕЛ...

(НЕ)НАМЕРНИ ГРЕШКИ ВО ПРОТОКОЛОТ:„ПРАШАЛНИК“ ЗА СВЕТСКАТА ДИПЛОМАТИЈА

СОВРЕМЕНА ГЕОПОЛИТИЧКА АНАЛИЗА НА БАЛКАНОТ

ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ НА ПОЗОРНАТА СЛУЖБА – НЕЈЗИНА ПРИМЕНА

БЕЗБЕДНОСНИ И ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ОД ПРОМЕНИТЕ НА ИМИЊАТА НА УЛИЦИТЕ ВО ГРАД СКОПЈЕ

НОВИ АСПЕКТИ ОД МИГРАЦИСКИТЕ ТРЕНДОВИ И НИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА НА ЗЕМЈИТЕ ОД „БАЛКАНСКАТА РУТА“

АКСИОЛОГИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА (ПРИЛОГ КОН ФИЛОЗОФИЈАТА НА БЕЗБЕДНОСТА)

ПРОЦЕС НА РАДИКАЛИЗАЦИЈА, ОБУКА И ПРОФИЛИРАЊЕ НА ТЕРОРИСТ САМОУБИЕЦ

**БР. 5 / 2020**

**ГОДИНА LXI, БРОЈ 5, СКОПЈЕ, 2020 ГОДИНА**

ISSN 2671-3764

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

**МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ**

# БЕЗБЕДНОСТ

**БР. 5 / 2021**

**Скопје, 2022**

**Издавач:**
Министерство за внатрешни работи
на Република Северна Македонија
ул. Димче Мирчев бр. 9
1000 Скопје

www.moi.gov.mk
e-mail: spisanie@moi.gov.mk
Телефон: +389 (0)2 3 117 222
ISSN 0351-0220

**За издавачот:**
Оливер Спасовски, Министер

**Техничка обработка:**
Никола Дујовски
Зоран Цоцовски

**Главен и одговорен уредник:**
Никола Дујовски

**Лектура:**
Елена Георгиевска

**Заменик главен и одговорен уредник:**
Агим Нихиу

**Печати:** Графо Пром - Битола
**Тираж:** 100 примероци

**Меѓународен уредувачки одбор:**
Оливер Бачановиќ,
Цане Мојаноски,
Наташа Пеливанова,
Снежана Мојсоска,
Фросина Ташевска Ременски,
Трпе Стојановски,
Марина Митревска,
Тони Дескоски,
Гордана Лажетиќ,
Наташа Габер Дамјановска,
Ќебир Авзиу,
Зоран Ѓорѓевиќ
Владимир Цветковиќ
Соња Циндори
Андреј Сотлар
Неџат Корајлиќ
Премисил Росулек
Детлеф Шредер
Норберт Лајтнер
Билбил Мемај
Руси Јанев
Крунослав Боровац

Зоран Цоцовски, Главен советник,
Секретар на Меѓународен уредувачки одбор

Сите права се задржани.
Се забранува репродуцирање на публикацијата и нејзините делови, како и нивно трансформирање во разни медиуми: електронски, магнетни ленти, механичко фотокопирање, снимање и друго, без писмено одбрение на издавачот и авторите.

# С О Д Р Ж И Н А

Цане Мојановски, Гоце Аризанкоски ........................................................... 4

АКСИОЛОГИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА
(ПРИЛОГ КОН ФИЛОЗОФИЈАТА НА БЕЗБЕДНОСТА)......................................... 4

Стевчо Јолаковски.................................................................................... 32
ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ НА СРЕДСТВАТА ЗА СМИРУВАЊЕ НА
СООБРАЌАЈОТ........................................................................................ 32

Санде Смиљанов ..................................................................................... 56
(НЕ)НАМЕРНИ ГРЕШКИ ВО ПРОТОКОЛОТ: „ПРАШАЛНИК“ ЗА СВЕТСКАТА
ДИПЛОМАТИЈА.........................................................................................56

Љупчо Шошоловски, Методија Дојчиновски............................................... ..72
МИГРАЦИСКИТЕ ТРЕНДОВИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА НА
ЗЕМЈИТЕ ОД „БАЛКАНСКАТА РУТА“, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА БЕГАЛСКАТА
КРИЗА ОД 2015 ГОДИНА......................................................................... ..72

Младен Трајков, Деан Николов...................................................................91
ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ НА ПОЗОРНАТА СЛУЖБА – НЕЈЗИНА
ПРИМЕНА.................................................................................................91

Панче Коцев........................................................................................... 110
ПРОЦЕС НА РАДИКАЛИЗАЦИЈА, ОБУКА И ПРОФИЛИРАЊЕ НА ТЕРОРИСТ
САМОУБИЕЦ........................................................................................... 110

Младен Трајков ...................................................................................... 136
БЕЗБЕДНОСНИ И ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ОД

ПРОМЕНИТЕ НА ИМИЊАТА НА УЛИЦИТЕ ВО ГРАД СКОПЈЕ......................... 136

Фросина Ташевска-Ременски .................................................................... 153
ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО МУЛТИЕТНИЧКИ ОПШТЕСТВА –

ПОСКОНФЛИКТЕН МОДЕЛ...................................................................... 153

Фросина Ташевска-Ременски, Иван Ристов................................................. 173
СОВРЕМЕНА ГЕОПОЛИТИЧКА АНАЛИЗА НА

БАЛКАНОТ.............................................................................................. 173

УДК: 14:355

Цане Мојановски, Гоце Аризанкоски

# АКСИОЛОГИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА (ПРИЛОГ КОН ФИЛОЗОФИЈАТА НА БЕЗБЕДНОСТА)

проф. д-р Цане Мојаноски

Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Свети Климент Охридски“ - Битола

*cmojanoski@fb.uklo.edu.mk*

дипломиран криминалист Гоце Аризанкоски

Министерство за внатрешни работи

*makelement@gmail.com*

***Апстракт***

Основата на нашите размисли во трудот е фундирана во три наши елементарни, филозофско-безбедносни, односно аксиолошко-безбедносни ставови: *прво*, сметаме дека човештвото не е можно безбедно да егзистира на витално и оптимално потребно ниво, ако сопствената, актуелна (привремена) или релативно трајна (лонгитудинална, продолжена) егзистенција не ја заснова, насочува, одржува и развива врз основа на конкретен систем на вредности или врз основа на одредени поединечни вредности; *второ*, сметаме дека безбедноста (како идеја, состојба, вредност, потреба, интерес, функција, организација и систем) може да се одреди низ еден прочистен и јасен *аксиолошки пристап* изразен низ определување на *општествено-безбедносните вредности* под кои се воспримаат: човекот; правно нормираните и универзално прифатени основни слободи, права и должности; општествените групи; како и минати, сегашни и идни идеи; релативно стабилни

и хиерархиски организирани индивидуални и групни карактеристики; факти, состојби, односи и процеси кои се пожелни и кои го насочуваат човекот и општествените групи кон правно дозволено и морално прифатливо, социјално-рационално размислување и социјално-интегративно и безбедно однесување кон себе, кон другите луѓе и општествени групи, кон природните и техничките системи и кон целокупното опкружување во својот тоталитет, при што смислата и целисходноста на создавањето, остварувањето, одржувањето, унапредувањето, менувањето и заштитата на наведените вредности се состои во задоволување на безбедносните потреби на човекот, општествените групи и човештвото во целина; и трето, сметаме дека претбезбедносното, *метабезбедносното – претставува идејата за безбедноста и безбедносните вредности*, без чие спознавање и уважување не може да се овозможи функционалност на безбедносната теорија и на безбедносната практика, односно не може да се овозможи функционалност на безбедносните науки и научни дисциплини, како и на практичното организирање и вршењето на безбедносните мерки и активности.

Врз основа на наведените филозофско-безбедносни ставови, кои очекуваме да овозможат методолошки коректно утврдување на основите на релација помеѓу безбедноста (како идеја, состојба, вредност, потреба, интерес, функција, организација и систем) и вредностите како реални појави, во трудот ќе се обидеме да ги оствариме следниве филозофско-научни цели: **1)** елементарна научна експланација(претпоставка) на ***вредносната заснованост на безбедноста***, како и на ***трајната, егзистенцијална и природно-општествена потреба од заштита на општоприфатените, општопризнатите и нормираните вредности***; **2)** контекстуално и покрај познатиот факт според кој безбедноста е отворен поим – ќе се обидеме да утврдиме една од можните ***концепции на трајни и универзални општествено-безбедносни вредности*** како резултат на нашите размисли, како и врз основа на концепциите на други автори чии ставови делумно ги прифаќаме; **3)** ***дефинирање на аксиологијата на безбедноста***; и **4)** базично ***втемелување на***

***аксиологијата на безбедноста како посебна и автентична филозофско-безбедносна дисциплина*** во настанување и развој.

***Клучни зборови:*** безбедност, вредности, безбедносни вредности, аксиолологија на безбедноста, филозофија на безбедноста, онтологија на безбедноста, општествено-вредносен консензус.

## 1. ПРОЛЕГОМЕНА ЗА ЕДЕН ОД МОЖНИТЕ НАЧИНИ НА ВТЕМЕЛУВАЊЕ НА АКСИОЛОГИЈАТА НА БЕЗБЕДНОСТА КАКО ПОСЕБНА ФИЛОЗОФСКА ДИСЦИПЛИНА

**1.** Безбедносните науки и научни дисциплини (како и сите природни и општествени науки), поаѓаат од оние филозофски детерминирани основни принципи кои се групирани во *теории* за: 1) битисувањето (егзистирањето) на безбедносните појави (*онтологија на безбедноста*); 2) спознавањето на безбедносните појави (*гносеологија на безбедноста*); и 3) вредностите и вреднувањето на безбедносните појави (*аксиологија на безбедноста*), при што битисувањето го претпоставува спознавањето и вреднувањето на безбедносните појави, и обратно – спознавањето на безбедносните појави го претпоставува битисувањето и вреднувањето на спознаеното, како што и вреднувањето го претпоставува постоењето на безбедносните појави и методолошката и методската можност за нивно спознавање.[1] Контекстуално ќе напомниме и дека развивањето на безбедносните науки и научни дисциплини, односно на *науката за безбедност*

[1] Cane T. Mojanoski, Goce Arizankoski, ***Basic of Philosophy Security***; Во: Marjan Gjurovski (Ур.), 10$^{th}$ International Scientific Conference „*The great powers influence od the security of small states*“ (Том I, pp. 152-165), University „St. Kliment Ohridski“, Faculty of Security- Skopje, Ohrid, 2019., p. 156.

(*асфалиалогијата*[2]), може (и потребно е) да се согледува во три паралелни и меѓусебно поврзани области: ***безбедносната практика***, ***безбедносната теорија*** (вклучувајќи ги и *предметот*, *методите на истражување* и *јазикот на безбедносните науки*) и ***филозофијата на безбедноста***.[3] Според тоа, од *филозофски* и *безбедносно-научен*

---

[2] ***Асфалиалогијата*** е наука која ги систематизира постојните научни сознанија и со помош на научно-истражувачките методи, постапки, техники и инструменти врши верификација на научните сознанија, ги утврдува научните закони и придонесува за унапредувањето на човечката практика, на безбедносната практика. За наведеното, како и за *основните теориско-методолошки прашања околу дефинирањето на поимот наука за безбедноста*, односно *безбедносна наука* (*асфалиалогија*), може да се види во: Цане Т. Мојаноски, ***За поимот наука за безбедноста (асфалиалогија)***, Годишник на Факултетот за безбедност, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010 год.; и во: Цане Т. Мојаноски, ***Дилеми во дефинирањето на Методологијата на асфалиалогијата***, Зборник на трудови од научно-стручната конференција „Безбедност, еколошка безбедност и предизвиците на Република Македонија“ (Охрид, 17-18 септември 2010 год.), Универзитет „Свети Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010 година (во наведените научни трудови **за првпат во македонската безбедносна наука е предложен за употреба [и е употребен] терминот *асфалиалогија***).

[3] ***Филозофијата на безбедноста*** ја дефинираме како **фундаментален, продлабочен, критички и креативен пристап на размислување, насочен кон континуирано стекнување и унапредување на референтната рамка на хронолошко, актуелно и антиципативно знаење за битноста, битието, идејата, вредностите и спознавањето на безбедносната стварност во својот тоталитет, односно за општествената, природната и техничката севкупност и целовитост на безбедносните појави и нивната феноменолошка, етиолошка и последична димензија, како и за заснованоста на безбедноста (како состојба, вредност, потреба, интерес, функција, организација и систем) врз нужноста, детерминираноста, континуираноста, битноста и развојот на општествено-безбедносното егзистирање (битисување) на човекот и човештвото како појавен облик на неговото постоење врз основа на задоволувањето на неговата трајна, егзистенцијална и природно-општествена потреба за безбедност.** Инаку, *филозофијата на безбедноста* ја втемеливме како *посебна теоретска област*, односно како *посебна теоретска дисциплина во настанување и развој*, при што истата ја структуиравме како **единство на *безбедносна онтологија*, *аксиологија на безбедноста* и *безбедносна гносеологија*, вклучувајќи ги и *безбедносната логика* и**

*аспект*, *онтолошката категоризација на безбедносните појави* низ кои се остварува *конкретизација на безбедноста во стварноста*, меѓу другото упатува и на мислење и разбирање на безбедноста како *историска појава*, која во различни историски етапи својата *феноменолошка практичност* ја остварува(ла) како *идеја*, *состојба*, *вредност*, *потреба*, *интерес*, *функција*, *организација* и *систем*.[4]

Врз основа на еден продлабочен филозофско-безбедносен и аксиолошки пристап ќе се обидеме во овој труд да ги презентираме само основните наши ставови за релацијата помеѓу *безбедноста* и *вредностите* како едни од *елементарните филозофско-безбедносни теоретски категории* кои претставуваат дел од *основата за конституирање на категоријалниот систем на филозофијата на безбедноста како посебна теоретска дисциплина.*[5] Аксиолошкиот пристап на промислување на безбедноста е фундиран во три наши елементарни, филозофско-безбедносни, односно аксиолошко-безбедносни ставови: ***прво***, сметаме дека **човештвото не е можно безбедно да егзистира на витално и оптимално потребно ниво, ако сопствената, актуелна (привремена) или релативно трајна (лонгитудинална, продолжена) егзистенција не ја заснова, насочува, одржува и развива врз основа на *конкретен систем на вредности* или врз основа на одредени *одделни вредности***; ***второ***, сметаме дека безбедноста (како идеја, состојба, вредност, потреба, интерес, функција, организација и систем) може да се одреди низ еден прочистен и јасен *аксиолошки пристап* изразен низ определување на **општествено-безбедносни вредности** под кои се воспримаат: *човекот*; *правно нормираните и универзално прифатените*

***безбедносната херменевтика***. Наведено според: Cane T. Mojanoski, Goce Arizankoski, ***Basic of Philosophy Security***, op. cit., p. 157.

[4] Cane T. Mojanoski, Goce Arizankoski, Zlatko Angjeleski, ***Ontology of Seuritiy (Appendix to the establishment and devolopment of the Phsilosophy Security)***. Во: Cane T. Mojanoski (Ур.), International scientific Conference: *The Euro-atlantic values in the Balkan Countries* (Volume II, стр. 79-90). Ohrid: Faculty of Security - Skopje, 2020.

[5] **Заради ограничениот текстуален простор**, во овој труд **ќе отсуствуваат сите ставови од целокупната рамка на нашето истражување** на мрежата на релации помеѓу *безбедноста* и *вредностите*.

*основни слободи, права и должности*; *општествените групи*; како и *минатите, сегашните и идните идеи*; *релативно стабилни и хиерархиски организирани индивидуални и групни карактеристики*; *факти*, *состојби*, *односи* и *процеси* кои се ***пожелни*** и кои ***го насочуваат човекот и општествените групи кон правно дозволено и морално прифатливо, социјално-рационално размислување и социјално-интегративно и безбедно однесување кон себе, кон другите луѓе и општествени групи, кон природните и кон техничките системи и кон целокупното опкружување во својот тоталитет***, при што ***смислата и целисходноста на создавањето, остварувањето, одржувањето, унапредувањето, менувањето и заштитата на наведените вредности се состои во задоволување на безбедносните потреби на човекот, општествените групи и човештвото во целина***; и ***трето***, сметаме дека ***претбезбедносното, метабезбедносното – претставува идејата***[6] ***за безбедноста и безбедносните вредности***, без чие спознавање и уважување не може да се овозможи функционалност на *безбедносната теорија* и на *безбедносната практика*, односно не може да се овозможи *функционалност на безбедносните науки и научни дисциплини*, како и на *практичното организирање и вршењето на безбедносните мерки и активности*.

Од аспект *на суштината на вредностите*, вредностите можат да се поделат на *очекувани, односно нормативни стандарди на однесување* и на

[6] ***Идејата за безбедноста*** ја дефинираме како **вoопштено одредлив и основен поим, несведлив на други термини, чиј обем и содржина се разликуваат од непосредното сетилно сознание, односно истите се забележани како резултат на комбинирано теориско и практично мислење фундирано врз општествено-безбедносната емпирија или истото е комбинирано и со теориски материјали кои се насочени кон теориски исходи, кое мислење, притоа, може да биде и креативно, критичко, продлабочено и насочено кон развивање на замислата за природно-општествената потреба на човекот за негово општествено-безбедносно егзистирање, како и на наоѓање врски и утврдување на релации помеѓу безбедносните и другите општествени, природни и технички појави, што овозможува создавање на идеен модел за утврдување на сознанија што би овозможило решавање на практични или теориски безбедносни прашања/проблеми**. Наведено според: Cane T. Mojanoski, Goce Arizankoski, ***Basic of Philosophy Security***, op. cit., p. 159.

*вредности насочени кон остварување на егзистенцијата*, при што нормативните стандарди се поврзани со општествената вредност на колективот, пред сè, неговата успешност да реализира заеднички, групни цели, односно нормативните стандарди ги поттикнуваат луѓето, како членови на општеството, да се стремат кон она, што во општеството (групата) се смета за потребно.[7] Во тој контекст психологот *Шериф* ги изедначил вредностите со општествените норми кои, во услови на групната динамика, се претвораат во заеднички стандарди, релевантни за опстанок на групата и нејзините членови.[8] Притоа, *Шериф* во општествените норми открил елементи на емоционални генерализации кои, како очекувани и идеални правила на однесување, воспитувањето ги вградува во личноста. Против нормативната одредба дека вредностите се *она, што треба* да бидат, истапила *Хуманистичката етика на Фром*, според која вредностите се примарно насочени кон реализирање на она, што постои како потенцијал во човекот, односно кон остварување на *она што е*.[9] Од друга страна, според *Едуард Шпрангер*, вредностите на човекот постојат како кохерентен динамички систем во кој можат да се издвојат теориски, економски, естетски, социјални, политички и религиозни вредности, при што секој човек доследно следи една од шесте вредносни ориентации.[10]

Од филозофски аспект, вредностите претставуваат општи категории кои битно учествуваат во дефинирањето и смислата на човечкото битисување.[11] Конкретно, од онтолошки аспект, не можат да постојат ниту поединецот, ниту општествените групи, ниту општеството, ако својата сопствена егзистенција не ја раководат од одредени вредности. Социокултурната антропологија ги третира вредностите како многу важен дел

---

[7] Панајотис Цакирпалоглу, ***Психологија на вредности и вреднување: психолошки осврт кон современата аксиологија***, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2019 година, стр. 437.

[8] Ibidem.

[9] Ibidem.

[10] Панајотис Цакирпалоглу, op.cit., стр. 296.

[11] Aleksandar Janković, *Društvena stvarnost posmatrana iz perspektive vrednosti*, Sociološka luča XI/2 2017, str. 78.

од културата, а културите меѓусебно се разликуваат по вредностите кои ги прифаќаат, од кое разликување поаѓаат многу истражувања на вредностите.[12]

Инаку, слично по обемноста и содржинската опфатеност, но со различна терминолошка одреденост од сфаќањето на *Олпорт*, *Вернон* и *Линдзи* (*Allport*, *Vernon* и *Lindzey*) кои вредностите ги сфаќаат како *темелни подрачја на интересите*, односно како *доминантни животни цели* и *интересни ориентации*[13], во нашиот филозофско-безбедносен и научен пристап во одредувањето на општествено-природната рамка во која се создаваат, остваруваат, одржуваат, унапредуваат, менуваат и штитат вредностите, ќе ја употребуваме синтагмата ***безбедносно егзистирање на човекот во општеството*** (условно одредено и како ***општествено-безбедносното егзистирање на човекот***) кое егзистирање претставува појавен облик на постоење на човекот врз основа на задоволувањето на природно-општествената потреба од безбедност, кој облик на постоење свој израз има во онаа состојба која подразбира релативно, но доволно отсуство на физиолошки, психолошки и социјални недостатоци потребни за функционирање на човекот и неговиот организам, како и однесувањето на човекот насочено кон задоволување на потребата за безбедност.[14] Таквото егзистирање, односно конкретно поведение на поединецот, член на заедницата, е со цел да се обезбедат перспективни услови за сопствениот индивидуален и општествен развој,[15] при што „вредностите се јавуваат како значење на целите кон кои треба да се

[12] Ibidem.

[13] *Олпорт* ги дефинира вредностите како крајни цели на човечката мотивација кои можат директно да им се припишат или произлегуваат од основните потреби и инстикти на поединецот кои му обезбедуваат доминантен животен стил, интересна ориентација или целисходност и кои на неговиот живот му даваат смисла и значење. Наведено според: Allport, G.W., Vernon, P.E. i Lindzey, G. (1960). ***A study of values***. Holghton. Mifflin. Boston; наведено во: Dragana Đ. Alargić, ***Karakteristike pojedinca kao činioci sistema vrednosti pripadnika Vojske Srbije (doktorska disertacija)***, Univerzitet u Beogradu, Filozofski fakultet, Beograd, 2012., str. 21.

[14] Гоце Аризанкоски, ***Теоретски основи на социологијата на безбедноста (обид за втемелување на нова научна дисциплина во системот на науки)***, Годишник на Факултетот за безбедност, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010 год., стр. 116.

[15] Цане Т. Мојаноски, ***Политичка социологија***, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2017 година, стр. 37.

придржуваат членовите на заедницата, да ги применуваат и следат и низ секојдневното однесување да ги негуваат и развиваат“.[16] Од наведеното може да констатираме дека постои *каузаелен однос помеѓу вредностите и индивидуалниот и општествениот развој* кои, пак, претставуваат едни од клучните категории на *општествената безбедност*, која може да се определи како конкретна и потенцијално менлива состојба во конкретен општествено-безбедносен простор, во кој последиците кои настануваат од влијанието на вкупните општествени, природни и технички загрозувања и стимулирања, **егзистенцијално не ги попречуваат, туку ги стимулираат *општествениот развој* и *заштитата на општествените вредности***, при што на членовите на конкретното општество им е создадена **елементарна, реална и релативно постојана можност од остварување и штитење на своите *вредности*, потреби, интереси, слободи и права кои се наоѓаат во одредена општоприфатена и општопризната рамка**.[17] Контекстуално ќе напомниме дека *вредностите како израз на потребите* се набљудуваат во поширока рамка на *мотивацијата*, а се дефинираат како *цели* чие остварување доведува до *задоволување на потребите*, односно за психологот *Супер*: вредностите, како и интересите, произлегуваат од потребите.[18] *Интересите*, се разбира, често имаат *вредносна димензија*, бидејќи изборот меѓу потенцијалните правци на акцијата не е нужно вредносно неутрален.[19] Контекстуално ќе напомниме и дека „безбедноста, меѓу другото претставува и **интерес** за да се зачуваат личните и колективните добра, но и да предупредат на можните нарушувања на усвоените општествени вредности“.[20]

---

[16] Цане Т. Мојаноски, ***Политичка социологија***, op. cit., стр. 37.

[17] Гоце Аризанкоски, ***Теоретски основи на социологијата на безбедноста (обид за втемелување на нова научна дисциплина во системот на науки)***, op. cit., стр. 114.

[18] Dragana Đ. Alargić, op. cit., str. 20.

[19] Цане Т. Мојаноски, ***Социјален и политички профил на политичките партии во Македонија***, „Либер“ – Скопје, 1996 година, стр. 29.

[20] Цане Т. Мојаноски, ***За поимот наука за безбедноста (асфалиоалогија)***, op. cit, стр. 16.

Според повеќето психолози, *пожелноста* претставува најзначаен атрибут на вредноста,[21] при што *пожелното* во текот на социјализацијата се интернализира во поединецот и се фиксира во свеста на општествените групи.[22] Во контекст на *интернализацијата*, односно *прифаќањето на вредностите*, особено е битна социјализацијата (како процес преку кој поединците учат како да станат членови на едно општество, со помош на прифаќање на нормите и вредностите на една култура), вклучително (од социолошко-безбедносен аспект) и <u>*безбедносната социјализација*</u> која може да се определи како дел од единствениот процес на вклучување на поединецот во општествените односи на конкретно општество, односно процес на усвојување (интернализација) на знаења, вештини и ставови за облиците на загрозување, безбедносните ризици и закани, заштитата и воопшто, безбедносното поведение од страна на личноста.[23] Контекстуално ќе го акцентираме *моралот* (еден од сродните поими на вредноста и вреднувањето), а во безбедносен контекст – <u>*безбедносниот морал*</u> кој може да се определи како збир на прифатени општествени норми кои одреден субјект го поттикнуваат на совесно, задолжително и одговорно отстранување на изворите и облиците на загрозување кои се насочени кон одредена темелна општествено-безбедносна вредност, при што евентуалниот неуспех во отстранувањето, кај истиот, би предизвикало психолошки ефекти на грижа на совест·.[24]

Вредностите можат да се појават и како *важечки позитивни норми* и како проект за измена на постојната состојба, односно како проекција, која, исто така, претставува вредност за одредени општествени групи.[25] Спротивставеноста помеѓу овие два система на вредности – позитивистичкиот и проектираниот, во практиката се појавува како *општествен конфликт* на

---

[21] Панајотис Цакирпалоглу, op. cit., стр. 430.
[22] Dragana Đ. Alargić, op. cit., str. 20.

[23] Гоце Аризанкоски, ***Теоретски основи на социологијата на безбедноста (обид за втемелување на нова научна дисциплина во системот на науки)***, op. cit., стр. 119.
[24] Ibidem.
[25] Зоран Драгишић, ***Безбедност и вредности***, Српска политичка мисао, бр. 4/2009, год. 16, vol. 26, стр. 184.

ниво на *безбедносни предизвици*, *ризици* или *закани*,[26] што воедно значи и *отсуство на општествено-вредносен консензус.* Така, на пример: отсуството на *општествено-вредносен консензус* помеѓу различните етнички групи во едно мултиетничко општество, односно отсуството на вредносен консензус помеѓу одредена етничка група и државата, може да биде една од причините [етиологијата] за појавите на *етнонационалистичко политичко насислтво* и на *етносецесионистички насилен трибализам*[27] [во вид на *политичко насилство* кое својата феноменолошка практичност и конкретизација може да ја пројави во различни облици на: *терористичко загрозување на уставниот поредок*; *велепредавство*; *загрозување на територијалната целина*; *вооружен бунт*; *предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминациска основа*; *здружување заради непријателска дејност*, како и во други *сродни облици*, односно во други *сродни кривични дела против државата*[28]]). Контекстуално и илустративно ќе напомниме дека при едно пошироко социолошко-безбедносно определување на ***тероризмот*** како еден од облиците на *политичко насилство* (и како *посебен облик на загрозување на безбедноста*), во определувањето на неговата дефиниција комплементарно учествува и *аксиолошкиот пристап*, односно ***општествените вредности*** претставуваат една од клучните категории во дефиницијата – во контекст на практикување на различни политички мотивирани и инкриминирани облици на нелегитимна и нелегална сила со што ***терористички се загрозуваат казнено-***

[26] ibidem.

[27] Наведено врз основа на: Гоце Аризанкоски, ***Безбедносните импликации на етнонационалистичкото политичко насилство и сецесијата во светот***, Годишник на Факултетот за безбедност, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2009 година, стр. 286; Контекстуално може да се види и спореди во: Гоце Аризанкоски, ***Масовен етнонационалистички тероризам***, стручно списание „Одбрана“, бр. 143, Министерство за одбрана, март, 2008 година; и во: Гоце Аризанкоски, ***Историски аспекти на етнонационалистичкиот тероризам***, стручно списание „Одбрана“, бр. 145, Министерство за одбрана, мај, 2008 год.

[28] Гоце Аризанкоски, ***Политичкото насилство и загрозувањето на безбедноста (обид за утврдување на теоретски основи)***, Годишник на Полициската академија, бр. 3, Полициска академија, 2008 год.

***правно заштитените општествени вредности***.[29] Дополнително, *од аспект на (не)постоењето на општествено-вредосен консензус и обемот и содржината на ангажманот на безбедносните државни институции*, ќе напомниме дека во помалите, послабо диференцирани и релативно хомогени заедници во кои постои *висок вредносен консензус*, (според авторот *Бентон*): *работата на полицијата е само да „достави масло во општествената машинерија“*.[30] Како што „содржината на демократската политичка култура, глобално, опфаќа, меѓу другото и *консензус околу еден темелен круг на вредности и правила на играта*“[31], така и содржината на безбедносната култура во едно општество и држава (на оптимално или високо ниво), меѓу другото (***треба!***) комплементарно да опфаќа и да одразува безбедносно релевантен и конструктивен вредносен консензус околу темелните вредности на уставниот поредок[32], односно околу националните вредности или околу темелните вредности на одреден сојуз на држави. Во таа насока, илустративно и низ

---

[29] Наведено врз основа на дефиницијата на: Goce Arizankoski, Jonche Ivanovski***, An Attempt to incorporate Sociology of Terrorism (An Attempt to incorporate new scientific branch of Sociology of Safety)***, International Yearbook 2013, Faculty of Security – Skopje, Skopje, 2013., p. 111-120; Контекстуално може да се види и спореди и во: Гоце Аризанкоски, ***Социологија на тероризмот***, стручно списание „Одбрана“, бр. 147, Министерство за одбрана, јули, 2008 год.; и во: Гоце Аризанкоски, ***За оправданоста од истражување на тероризмот***, стручно списание „Одбрана“, бр. 144, Министерство за одбрана, април, 2008 год.

[30] Желимир Кешетовић, ***Социологија: избор текстова за раднике органа унутрашњих послова: практикум***, Виша школа унутрашњих послова, Београд, 2002 година, стр. 23.

[31] Цане Т. Мојаноски, ***Политичката култура – значаен фактор на демократскиот процес***, Годишник на Факултетот за безбедност - Скопје, XVII(1), 1999 год., стр. 117-122.

[32] Од аспект на правната нормираност и аксиолошката определеност на *темелните вредности на македонскиот уставен поредок*, во македонската академска заедница се отвори научно прашање за терминолошката (не)адекватност на уставно уредените *темелни вредности*, односно „во врска со *темелните вредности* на уставниот поредок во Уставот на македонската држава (од 1991 година), според Светомир Шкариќ, специфично е дека од правна гледна точка, терминот *„основи на уставниот поредок“* е поадекватен за употреба од терминот *„темелни вредности на уставниот поредок“*. Тоа е разбирливо, наведува Шкариќ, бидејќи терминот *„основи на уставниот поредок“* е *правен поим*, а терминот *„темелни вредности на уставниот поредок“* е *филозофски*, односно *аксиолошки поим*. Наведено и акцентирано од: Цане Т. Мојаноски, ***Основи на општественото уредување***, Педагошки факултет „Гоце Делчев“ – Штип, „2 Август – С“ – Штип, Штип, 2002 година, стр. 87.

аксиолошки пристап ќе напомниме дека и *безбедносниот идентитет на македонското оптество и држава* (*македонскиот безбедносен идентитет*) го определуваме како кохерентна организација на препознатливи и релативно непроменливи безбедносно релевантни елементи кои се однесуваат, меѓу другото и на *националните вредности* и од нив произлезените *трајни, витални и важни интереси* на македонското општество и држава, како и на облиците на загрозување на националната безбедност.[33] Особено интересна за размислување (и разбирање) е *релацијата помеѓу вредностите, емоциите* (на *политичкиот страв*, *понижувањето* и *надежта*) *и безбедноста* – имено, не земајќи ги предвид скриените опасности на политички обликуваното секојдневие, општо-општествениот и конкретно, политичко-безбедносниот простор во секое општество и држава, меѓу другото е исполнет и со испреплетени безбедносно релевантни и политичко-психолошки елементи амалгамирани во комбиниран и сложен културен образец чија структура ја сочинуваат различни извори и појавни облици на политички страв кај граѓаните и нивно понижување, (не)присуство на општествено-безбедносен консензус, како и обиди за достигнување на оптимално ниво на надеж за *сеопфатна и заедничка заштита на националните вредности* од надворешни и внатрешни закани, ризици и предизвици.[34] Контекстуално ќе напомниме дека сметаме,

[33] Поопширно за **македонските национални вредности во контекст на македонскиот безбедносен идентитет** може да се види во: Гоце Аризанкоски, ***Безбедносниот идентитет на македонското општество и држава (синтеза на суштинските елементи на македонскиот безбедносен идентитет)***, Зборник на трудови од научно-стручната конференција *„Безбедност, еколошка безбедност и предизвиците на Република Македонија“* (Охрид, 17-18 септември 2010 год.), Универзитет „Свети. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010 година; како и во следните македонски, официјални *стратегиски безбедносни документи*: ***Национална концепција за безбедност и одбрана***, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 40/03; и во: ***Стратегиски одбранбен преглед – Кон членството во НАТО и „Идни вооружени сили 2028“***, Министерство за одбрана, јуни, 2018 година, стр. 14.

[34] Инспирирано врз основа на: Гоце Аризанкоски, ***(Гео)политиката на емоциите – политичкиот страв, понижувањето и надежта во безбедносниот дискурс за Македонија***, Мактел, 13. јануари 2013 год; Контекстуално може да се спореди и во:

односно го афирмираме и акцентираме општоприфатениот став: дека ***вредностите*** ***<u>треба</u>*** **да бидат *заеднички*, што овозможува градење, развивање и одржување на *општ вредносен консензус* кој претставува едно од клучните средства за одржување на *општественото уредување*** како „систем на главните општествени установи и органи на глобалното општество и нивните меѓусебни односи“,[35] под што се подразбира и еден од суштинските елементи на ***основите на заштитата на уставниот поредок и безбедноста на државата***.

И <u>приоретизацијата на безбедносните ризици, ис</u>то така, <u>се врши во соодност со *вредностите* на кои се однесуваат соодветните безбедносни ризици</u>.[36] Така, во основа, <u>*големината на вредноста* ја определува и големината на безбедносниот ризик</u>, а натаму и значајноста на тој ризик и третманот кој го има во однос на останатите.[37]

Врз основа на фактот според кој различни науки и научни дисциплини (*психологијата*, *социологијата*, *антропологијата*, *политикологијата*, *економијата*, *асфалиалогијата* итн.), вклучително и *филозофијата* (односно *аксиологијата* како филозофска дисциплина) ги проучуваат вредностите во контекст на нивните научни полиња, подрачја и области, сметаме дека овој мултидисциплинарен капацитет и од него произлезениот мултидисциплиниран пристап на проучување на вредностите има *клучно <u>безбедносно-херменевтичко</u> и <u>безбедносно-антиципативно значење</u>*, односно *<u>клучно безбедносно-научно</u>* и *<u>безбедносно-практично значење</u>* во *разбирањето, објаснувањето, но и во предвидувањето на безбедносно релевантното однесување и дејствување на поединци и на општествени групи*, што е особено важно за безбедносната,

---

Никола Божиловић, ***Рамнотежа емоција у ери глобализације***, Социолошки преглед, vol. XLVI (2012), no. 4, стр. 619–626.

[35] Дефиницијата за *општественото уредување* е определена од: Цане Т. Мојаноски, ***Основи на општественото уредување***, op. cit., стр. 7.

[36] Наведено врз основа на: Саше Герасимоски, ***Анализа на карактерот на безбедносните ризици***; во: Марјан Ѓуровски, Марјан Николовски, Саше Герасимоски, ***Безбедносни ризици и закани – третман, феноменологија и мапирање***, Фондација „Конрад Аденауер“, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2020 година, стр. 66.

[37] Ibidem.

односно за полициско-криминалистичката, воената, разузнавачката и контраразузнавачката (оперативна и аналитичка) практика. Контекстуално ќе напомниме дека не само филозофијата, теологијата и науката, туку и лаичката јавност сè повеќе се интересира за вредностите во контекст на напорите за подобро разбирање, евентуална контрола и прогноза на индивидуалните, групните и општествените процеси.[38] Ваквиот епистемиолошки предизвик подразбира посебна анализа на вредностите, за кои веќе не постои сомневање, дека се главните посредници во односот на човекот кон светот на своите искуства, а преку нив и кон светот на природните и и општествените појави.[39]

## 2. ВРЕДНОСНАТА ЗАСНОВАНОСТ НА БЕЗБЕДНОСТА И ТРАЈНАТА, ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛНА И ПРИРОДНО-ОПШТЕСТВЕНА ПОТРЕБА ОД ЗАШТИТА НА ВЕРЕДНОСТИТЕ

***<u>Вредносната заснованост на безбедноста</u>*** и ***<u>трајната, егзистенцијална и природно-општествена потреба од заштита на вредностите</u>***, елементарно и синтетизирани ќе ги експланираме со следниве филозофски и безбедносно-научни ставови:

**1.** *Основна филозофско-аксиолошка претпоставка* е дека **<u>безбедноста (како идеја, состојба, вредност, потреба, интерес, функција, организација и систем) претставува вредност</u>**, која сама по себе не е доволна, исто како што и аксиолошките претпоставки не можат да се одвојот од онтолошките и гносеолошките претпоставки и изолирано да се мислат и разбираат – односно, како што на почетокот на трудот напомнавме: <u>битисувањето го претпоставува спознавањето и вреднувањето на безбедносните појави</u> и обратно – <u>спознавањето на безбедносните појави го претпоставува битисувањето и вреднувањето на спознаеното</u>, како што и ***<u>вреднувањето го претпоставува</u>***

**38** Панајотис Цакирпалоглу, op. cit., стр. 487.
**39** Ibidem.

***постоењето на безбедносните појави и методолошката и методската можност за нивно спознавање***.[40]

**2. Вредностите претставуваат главни и есенцијални критеруми врз основа на кои се конституираат концептите на човечката, социеталната, националната и меѓународната безбедност, кои како теориски и практични модели ги штитат основните вредности како референтни вредности и интереси на одредени категории на објекти на безбедноста** (поединецот, општествените групи, општеството, државата [како посебна општествена група], меѓународната заедница, човештвото и планетата).

**3.** Вредносната заснованост на безбедноста може да се согледа и преку дефиницијата на *Арнолд Волферс* (*Arnold Wolfers*), кои многумина во оваа област безбедноста ја сметаат за „стандард“.[41] Имено, *Волферс*, безбедноста ја дефинира преку вредностите: „**Безбедноста, во објективна смисла, го одмерува отсуството на закани за стекнатите вредности, додека во субјективна смисла таа претставува отсуство на страв од напаѓање на тие вредности“.** [42]

**4.** Во вкупните облици на загрозување на безбедносните вредности, **како *посебен облик на загрозување* претставува *ориентационо-вредносното загрозување***.[43] Контекстуално, како пример ќе го употребиме и актуелното и

---

[40] Cane T. Mojanoski, Goce Arizankoski, ***Basic of Philosophy Security***, op. cit., p. 156.

[41] Wolfers Anrold, ***National Security as an Ambiguous Symbol***, John Hopkins UP, Baltimor, 1962; во: Зоран Драгишић, op. cit., стр. 182.

[42] Ibidem.

[43] За наведеното да се види во: Ðevad Termiz, Slavomir Milosavljevič, ***Analitika***, NIK Grafit, Lukavac, 2008 god., str. 353; во: Cane T. Mojanoski, Goce Arizankoski, ***Basic of Philosophy Security***, op. cit., p. 156; и во Cane T. Mojanoski, Goce Arizankoski, Zlatko Angjeleski, ***Ontology of Seuritiy (Appendix to the establishment and devolopment of the Phsilosophy Security)***, op. cit., p. 79-90.

темпорално непредвидливо*загрозување на глобалната безбедност*[44] со егзистирањето и ширењето на *пандемијата COVID-19* во својата непредвидлива форма која создава непредвидливи последици, односно илустративно ќе напомниме дека овој *специфичен облик на пандемски детерминирано безбедносно загрозување*, меѓу другото предизвикува (директно или индиректно) и ***ориентационо-вредносно загрозување***, односно **загрозување на постојниот вредносен систем и натурања на други ориентациони вредносни ситеми, нарушувајќи ги нужните и прифатени етички и морални норми на однесување**.[45]

## 3. ЕДНА ОД МОЖНИТЕ КОНЦЕПЦИИ НА ТРАЈНИТЕ И УНИВЕРЗАЛНИ ОПШТЕСТВЕНО-БЕЗБЕДНОСНИ ВРЕДНОСТИ

Секуратизацијата на вредностите претставува процес со кој одредени општествени вредности се ставаат во фокусот на безбедносните студии, а според тоа – и во безбедносните стратегии, додека десекуратизацијата претставува процес на исклучување на вредностите; што има значајни импликации на вкупната безбедносна состојба на конкретен референтен објект.[46] Од аспект на *аксиологијата на безбедноста*, од суштинско значење е

---

[44] Генералниот секретар на Организацијата на Обединетите нации, Антонио Гутереш, изјави дека пандемијата на новиот коронавирус е **„број еден закана за глобалната безбедност во денешниот свет“**. Наведено според: Гутереш, ***Во моментов КОВИД-19 е број еден закана за глобалната безбедност***, https://plusinfo.mk/guteresh-vo-momentov-kovid-19-e-bro-eden-zakana-za-globalnata-bezbednost/ (последен пат посетен на 17 септември 2020 година).

[45] Цане Т. Мојаноски, Гоце Аризанкоски, ***Филозофско-безбедносна концептуализација на загрозувањата на безбедноста предизвикани со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД-19 (синтетизирани ставови)***, Меѓународно научно списание „Безбедност“, бр. 3, Министерство за внатрешни работи, Скопје, 2021 година, стр. 49.

[46] Основата на наведениот став се наоѓа во: Зоран Драгишиќ, op. cit., стр. 181.

*кој* има овластување и моќ да ги артикулира вредностите и да ја организира нивната заштита.[47] Вредноста се појавува и како *опредметен критериум* за рационалноста на безбедноста.[48]

***Основни вредности***, прокламирани со *Договорот за Европската Унија* (и *Договорот за Европската заедница*) се: **мир меѓу народите**, **благосостојба**, **слобода**, **човеково достоинство** и **универзални права на човекот**, вклучувајќи ги и **правата на малцинствата**, **правда**, **еднаквост**, **демократија**, **владеење на правото**, **приватна сопственост**, **социјална солидарност**, **социјален дијалог** и **толеранција**[49] и за истите постои трајна и егзистенцијална потреба од нивна безбедносно-практична, како и од нивна кривично-правна и прекршочно-правна заштита.

Од аспект на *вредносната ориентација на македонскиот безбедносен систем*, истата е утврдена и определена, меѓу другото и во *македонскиот стратегиски документ Национална концепција за безбедност и одбрана*, која своите корени ги има во: *националните вредности* и од нив произлезени трајни, витални и важни интереси на македонската држава, почитувањето на Уставот и законите, рамноправноста на сите граѓани без оглед на нивната етничка припадност, демократската основа на државата, владеењето на правото, почитувањето на човековите права и слободи, пазарната економија, социјалната правда и почитувањето на меѓународното право и меѓународните

---

[47] Фундаментот на овој став е формиран врз основа на: Билјана Ванковска, ***Меѓународна безбедност: критички пристап***, Филозофски факултет – Скопје, 2011 год., стр. 16.

[48] Инспирирано и адаптирано врз основа на**:** Владо Камбовски, op. cit., стр. 227.

[49] *Основните вредности* прокламирани со *Договорот за Европската Унија* (и *Договорот за Европската заедница*) се наведени и преземени од: Bunikowski David, ***Axiology and the Treatry on Constitition for Europe***, 2007, p. 2, online version; во: Владо Камбовски, ***Филозофија на правото***, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2010 год., стр. 224.

договори и спогодби.[50] Сметаме дека вредносната ориентација на македонскиот безбедносен систем потребно е да се разгледува и во контекст на вредносната ориентација на македонскиот правен систем кој е насочен кон апсолутни вредности, што е јасно детерминирано со определбата за прифаќање на *меѓународниот корпус норми и стандарди за човекови права*.[51]

**2.** Според нашата изведена концепција[52] и покрај познатиот факт според кој безбедноста е отворен поим, и дека зависно од промените на околностите, времето и местото вклучува и исклучува одредени нови и некои „стари" вредности[53], како ***трајни и универзални општествено-безбедносни вредности*** ги определуваме: **1)** *опстанокот на човековиот вид*; **2)** *постоењето на услови за здрав живот*; **3)** *безбедноста и заштитата на слободите и правата на човекот и граѓанинот*; **4)** *заштитата на животната средина*; **5)** *мирот*; **6)** *редот*; и **7)** *обезбедувањето и заштитата на облиците на општествена свест (морал, религија, обичаи) од појавни облици на безбедносно-загрозувачка трансформација во патолошка колективна свест.*

## 4. ДЕФИНИРАЊЕ НА АКСИОЛОГИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА

***Аксиологија*** претставува *учење за вредностите*, *теорија за вредностите*[54] и изразот доаѓа од грчкиот збор *„axios"*, што значи вреден,

---

[50] *Национална концепција за безбедност и одбрана*, „Службен весник на Република Македонија", бр. 40/03

[51] Врз основа на: Владо Камбовски, op. cit.., стр. 224.

[52] Нашата концепција за *елементарните општествено-безбедносни вредности* е теориски конструирана врз основа на нашите размисли за безбедносното кои своја основа имаат и во концепциите на други автори чии ставови делумно ги прифаќаме. Во таа насока, меѓу другото, го консултиравме и редоследот на светските интереси на *Brown*, во: Dragan Simić, ***Nauka o bezbednosti - savremeni pristupi bezbednosti***, JP Službeni list SRJ – Beograd, Fakultet političkih nauka – Beograd, Beograd, 2002., str. 54.

[53] Dragan Simić, op. cit., str. 30.

[54] Арним Регенбоген, Уве Мајер, ***Речник филозофских појмова***, БИГЗ Publishing, Београд, 2004 год., стр. 14.

достоен и „logos“, што значи наука, учење, теорија.[55] Теоријата на вредностите, најпрвин е воведена во германската економска мисла од *Фон Нојман*, а во филозофската дебата на филозофите *Мојнонг* и *Еренфелс* во почетокот на XX век, кога изразот „аксиологија“ се појавува во неколку филозофски книги.[56] Аксиологијата се појавува на преминот од XIX во XX век, како *реакција на развојот на природните науки* и запоставувањето на прашањата за вредностите, како тие за смислата и вредноста на животот, односите меѓу поединецот и општеството, правдата, слободата итн., кои остануваат надвор од подрачјето на научните истражувања.[57] Истовремено, таа е дел од системот на општата филозофија, фокусиран врз *светот на вредностите*, а, од друга страна, и комплементарен елемент на *општиот методолошки пристап* кон предметот на филозофијата: покрај спознајната, епистемолошка страна, филозофскиот метод ја вклучува и *оценувачката*, *вредносната заснованост* и насоченост на филозофското промислување на светот и филозофската претстава за човекот во светот.

Врз основа на погоре изложената елементарна научна експланација на *вредносната заснованост на безбедноста*, како и на *трајната, егзистенцијалната и природно-општествената потреба од заштита на општоприфатените, општопризнатите и нормираните вредности*, ***аксиологијата на безбедноста*** ќе ја дефинираме како **филозофско-безбедносна дисциплина насочена кон континуирано стекнување и унапредување на референтна рамка на хронолошко, актуелно и антиципитавно знаење за создавањето, остварувањето, одржувањето, унапредувањето, менувањето и заштитата на пожелните, правно нормирани и морално и универзално прифатени безбедносни вредности.**

[55] Arif Tanović, ***Vrijednost i vrednovanje (prilog proučavanju aksiologije)***, Zavod za izdavanje udžbenika, Sarajevo, 1972 god., str. 7

[56] Axtell, *Guy* (2009): ***General Theory of Value 1909-2009: Reflections on the First Centennial of American Axiology***, „Virtuel and Value“ Conference, Bled, June. p. 2; во: Владо Камбовски, op. cit.., стр. 226.

[57] Владо Камбовски, op. cit., стр. 226.

***<u>Предметот на истражување</u>*** на *аксиологијата на безбедноста* претставува **мрежата на релации помеѓу *безбедноста* (како идеја, состојба, вредност, потреба, интерес, функција, организација и систем) и *вредностите*.**

*Аксиологијата на безбедноста* својот предмет на истражување потребно е да го истражува со примена на ***<u>филозофскиот, односно спекулативниот метод</u>***, но и со примена на ***<u>методите на науката за безбедност</u>***, ***<u>методите на психологијата</u>*** и ***<u>методите на социологијата</u>***, нужно адаптирани на сознајната природа на предметот на истражување.

## 5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во трудот беа презентирани есенцијалните претпоставки за еден од можните начини за втемелување на *аксиологијата на безбедноста* во прилог кон развивање на *филозофијата на безбедноста*, при што ги издвојуваме следниве заклучни согледувања:

**1.** ***<u>Аксиологијата на безбедноста</u>*** ја дефиниравме како **филозофско-безбедносна дисциплина насочена кон континуирано стекнување и унапредување на референтна рамка на хронолошко, актуелно и антиципитавно знаење за создавањето, остварувањето, одржувањето, унапредувањето, менувањето и заштитата на пожелните, правно нормирани и морално и универзално прифатени безбедносни вредности.**

**2.** ***<u>Предметот на истражување</u>*** на *аксиологијата на безбедноста* претставува **мрежата на релации помеѓу *безбедноста* (како идеја, состојба, вредност, потреба, интерес, функција, организација и систем) и *вредностите*.**

**3.** *Аксиологијата на безбедноста* својот предмет на истражување потребно е да го истражува со примена на ***<u>филозофскиот, односно спекулативниот метод</u>***, но и со примена на ***<u>методите на науката за</u>***

***безбедност***, ***методите на психологијата*** и ***методите на социологијата***, нужно адаптирани на сознајната природа на предметот на истражување.

**4.** *Аксиологијата на безбедноста* како *филозофско-безбедносна дисциплина* претставува **комплементарно, непротивречно, но и квалитативно различно од *постојното верификувано знаење за безбедноста*.**

**5.** Како ***општествено-безбедносни вредности*** се восприемаат: *човекот*; *правно нормираните и универзално прифатени основни слободи, права и должности*; *општествените групи*; како и *минатите, сегашните и идните идеи*; *релативно стабилни и хиерархиски организирани индивидуални и групни карактеристики*; *факти*, *состојби*, *односи* и *процеси* кои се ***пожелни*** и кои ***го насочуваат човекот и општествените групи кон правно дозволено и морално прифатливо, социјално-рационално размислување и социјално-интегративно и безбедно однесување кон себе, кон другите луѓе и општествени групи, кон природните и кон техничките системи и кон целокупното опкружување во својот тоталитет***, при што ***смислата и целисходноста на создавањето, остварувањето, одржувањето, унапредувањето, менувањето и заштитата на наведените вредности се состои во задоволување на безбедносните потреби на човекот, општествените групи и човештвото во целина***.

**6.** *Основна филозофско-аксиолошка претпоставка* е дека **безбедноста (како идеја, состојба, вредност, потреба, интерес, функција, организација и систем) претставува вредност**, која сама по себе не е доволна, исто како што и аксиолошките претпоставки не можат да се одвојот од онтолошките и гносеолошките претпоставки и изолирано да се мислат и разбираат – односно, како што на почетокот на трудот напомнавме: битисувањето го претпоставува спознавањето и вреднувањето на безбедносните појави, и обратно – спознавањето на безбедносните појави го претпоставува битисувањето и вреднувањето на спознаеното, како што и ***вреднувањето го претпоставува***

***постоењето на безбедносните појави и методолошката и методската можност за нивно спознавање***.

**7. Вредностите претставуваат главни и есенцијални критеруми врз основа на кои се конституираат концептите на човечката, социеталната, националната и меѓународната безбедност, кои како теориски и практични модели ги штитат основните вредности како референтни вредности и интереси на одредени категории на објекти на безбедноста** (поединецот, општествените групи, општеството, државата [како посебна општествена група], меѓународната заедница, човештвото и планетата).

**8.** Според тоа, ќе заклучиме дека за **втемелувањето на *аксиологијата на безбедноста* како посебна и автентична филозофско-безбедносна дисциплина постои научна, општествена и образовна оправданост**.

## 6. СЕЛЕКТИРАНА БИБЛИОГРАФИЈА

**1.** Alargić, Đ. Dragana, ***Karakteristike pojedinca kao činioci sistema vrednosti pripadnika Vojske Srbije (doktorska disertacija)***, Univerzitet u Beogradu, Filozofski fakultet, Beograd, 2012 god.

**2.** Аризанкоски, Гоце, ***Теоретски основи на социологијата на безбедноста (обид за втемелување на нова научна дисциплина во системот на науки)***, Годишник на Факултетот за безбедност, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010 год.

**3.** Аризанкоски, Гоце, ***Политичкото насилство и загрозувањето на безбедноста (обид за утврдување на теоретски основи)***, Годишник на Полициската академија, бр. 3, Полициска академија - Скопје, 2008 год.

**4.** Аризанкоски, Гоце, ***Безбедносниот идентитет на македонското општество и држава (синтеза на суштинските елементи на македонскиот безбедносен идентитет)***, Зборник на трудови од научно-стручната конференција *„Безбедност, еколошка безбедност и предизвиците на Република Македонија“* (Охрид, 17-18 септември 2010 год.), Универзитет

„Свети Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010 год.

**5.** Аризанкоски, Гоце, ***Безбедносните импликации на етнонационалистичкото политичко насилство и сецесијата во светот***, Годишник на Факултетот за безбедност, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2009 год.

**6.** Аризанкоски, Гоце, ***Социологија на тероризмот***, стручно списание „Одбрана“, бр. 147, Министерство за одбрана, јули, 2008 год.

**7.** Аризанкоски, Гоце, ***За оправданоста од истражување на тероризмот***, стручно списание „Одбрана“, бр. 144, Министерство за одбрана, април, 2008 год.

**8.** Аризанкоски, Гоце, ***Масовен етнонационалистички тероризам***, стручно списание „Одбрана“, бр. 143, Министерство за одбрана, март, 2008 год.;

**9.** Аризанкоски, Гоце, ***Историски аспекти на етнонационалистичкиот тероризам***, стручно списание „Одбрана“, бр. 145, Министерство за одбрана, мај, 2008 год.

**10.** Аризанкоски, Гоце, ***(Гео)политиката на емоциите – политичкиот страв, понижувањето и надежта во безбедносниот дискурс за Македонија***, Мактел, 13 јануари 2013 год.

**11.** Arizankoski, Goce, Ivanovski, Jonche***, An Attempt to incorporate Sociology of Terrorism (An Attempt to incorporate new scientific branch of Sociology of Safety)***, International Yearbook 2013, Faculty of Security – Skopje, Skopje, 2013.

**12.** Ванковска, Билјана, ***Меѓународна безбедност: критички пристап***, Филозофски факултет – Скопје, 2011 год.

**13.** Герасимоски, Саше, ***Анализа на карактерот на безбедносните ризици***; во: Ѓуровски, Марјан, Николовски, Марјан, Герасимоски, Саше, *Безбедносни ризици и закани – третман, феноменологија и мапирање*,

Фондација „Конрад Аденауер“, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2020 година, стр. 66.

**14.** Драгишић, Зоран, ***Безбедност и вредности***, Српска политичка мисао, бр. 4/2009, год. 16, vol. 26, 2009 год.

**15.** Janković, Aleksandar, *Društvena stvarnost posmatrana iz perspektive vrednosti*, Sociološka luča XI/2 2017 god.

**16.** Камбовски, Владо, ***Филозофија на правото***, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2010 год.

**17.** Кешетовић, Желимир, ***Социологија: избор текстова за раднике органа унутрашњих послова: практикум***, Виша школа унутрашњих послова, Београд, 2002 год.

**18.** Мојаноски, Т. Цане, ***Политичка социологија***, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2017 год.

**19.** Мојаноски, Т. Цане, ***Социјален и политички профил на политичките партии во Македонија***, „Либер“ – Скопје, 1996 год.

**20.** Мојаноски, Т. Цане, ***Политичката култура – значаен фактор на демократскиот процес***, Годишник на Факултетот за безбедност - Скопје, XVII(1), 1999 год.

**21.** Мојаноски, Т. Цане, ***Основи на општественото уредување***, Педагошки факултет „Гоце Делчев“ – Штип, „2-ри Август – С“ – Штип, Штип, 2002 год.

**22.** Мојаноски, Т. Цане, ***За поимот наука за безбедноста (асфалиалогија)***, Годишник на Факултетот за безбедност, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010 год.

**23.** Мојаноски, Т. Цане, ***Дилеми во дефинирањето на Методологијата на асфалиалогијата***, Зборник на трудови од научно-стручната конференција „Безбедност, еколошка безбедност и предизвиците на Република Македонија“ (Охрид, 17-18 септември 2010.), Универзитет „Свети Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010 год.

**24.** Мојаноски, Т. Цане,; Аризанкоски, Гоце, ***Филозофско-безбедносна концептуализација на загрозувањата на безбедноста предизвикани со егзистирањето и ширењето на пандемијата КОВИД -19 (синтетизирани ставови)***, Меѓународно научно списание „Безбедност“, бр. 3, Министерство за внатрешни работи, Скопје, 2021 год.

**25.** Mojanoski, T. Cane,; Arizankoski, Goce, ***Basic of Philosophy Security***, 10th International Scientific Conference „*The great powers influence od the security of small states*“, University „St. Kliment Ohridski“, Fakulty of Security – Skopje, Volume I, 2019.

**26.** Mojanoski, T. Cane,; Arizankoski Goce,; Angjeleski, Zlatko, ***Ontology od Seuritiy (Appendix to the establishment and devolopment of the Phsilosophy od Security)***. Во: Cane T. Mojanoski (Ур.), International scientific Conference: *The Euro-atlantic values in the Balkan Countries* (Volume II, стр. 79-90). Ohrid: Faculty of Security - Skopje, 2020.

**27.** ***Национална концепција за безбедност и одбрана***, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 40/03.

**28.** Регенбоген, Арним,; Мајер, Уве, ***Речник филозофских појмова***, БИГЗ Publishing, Београд, 2004 год.

**29.** Simić, Dragan, ***Nauka o bezbednosti - savremeni pristupi bezbednosti***, JP Službeni list SRJ – Beograd, Fakultet političkih nauka – Beograd, Beograd, 2002.

**30.** ***Стратегиски одбранбен преглед – Кон членството во НАТО и „Идни вооружени сили 2028“***, Министерство за одбрана, јуни, 2018 год.

**31.** Tanović, Arif, ***Vrijednost i vrednovanje (prilog proučavanju aksiologije)***, Zavod za izdavanje udžbenika, Sarajevo, 1972 god.

**32.** Termiz, Đevad,; Milosavljevič, Slavomir, ***Analitika***, NIK Grafit, Lukavac, 2008 god.

**33.** Цакирпалоглу, Панајотис, ***Психологија на вредности и вреднување: психолошки осврт кон современата аксиологија***, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2019 год.

Prof. Cane Mojanoski, PhD

„St. Kliment Ohridski“ University – Bitola
Faculty of Security – Skopje
*cmojanoski@fb.uklo.edu.mk*

Goce Arizankoski, BSc in Criminology
Ministry of Internal Affairs
*makelement@gmail.com*

# AXIOLOGY OF SECURITY
(APPENDIX TO THE PHILOSOPHY OF SECURITY)

***Abstract***

The foundation of our thoughts in the paper is based on our three elementary, axiological-legitimate and philosophical-security, i.e. ontological-security views: *first*, we believe that it is not possible for humanity to exist safely at a vital and optimally necessary level, if its own, current (temporary) or relatively permanent (longitudinal, extended) existence is not established, directed, maintained and developed on the basis of a specific value system or on the basis of certain individual values; *second*, we believe that security (as an idea, condition, value, need, interest, function, organization, and system) can be determined through a refined and clear *axiological approach* expressed through the determination of **socio-security values** by which *lato sensu* we mean ***phenomena arising from social security practice whose meaning and expediency consists in satisfying the security needs of humanity as a whole****;* and *third*, we consider that *pre-security*, *meta-security – is the idea of security and safety values*, without the knowledge and respect of which the functionality of security theory and security practice can not be enabled, that is, the functionality of security sciences and scientific disciplines can not be enabled. as well as of the practical organization and execution of security measures and activities.

Based on the stated ontological-security views that we expect to enable methodologically correct determination of the basis of the relationship between

security (as an idea, condition, value, need, interest, function, organization and system) and values as real phenomena, in the paper we will try to achieve the following philosophical-scientific goals: **1)** elementary scientific explanation of security's value base, as well as the permanent, existential and natural-social need for protection of the generally accepted, generally recognized and standardized values; **2)** contextually, despite the well-known fact that security is an open concept – we will try to establish one of the possible conceptions of lasting and universal social security values as a result of our considerations, as well as based on the conceptions of other authors whose views we partly accept; **3)** defining the axiology of security; and **4)** basic grounding of the axiology of security as a separate and authentic philosophical-security discipline in emergence and development.

***Keywords***: security, values, axiology of security, philosophy of security, ontology of security

УДК: 656.13.05:[352:336.532.1(497)"2008/2012"

Стевчо Јолаковски

# ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ НА СРЕДСТВАТА ЗА СМИРУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ

Стевчо Јолакоски
Министерство за транспорт и врски
e-mail: stevcejolak@yahoo.com

Урбаниот сообраќај особено е важен и неопходен дел од современото општество и современото живеење и претставува мошне значаен фактор кој го дефинира квалитетот на урбаниот живот. Но, неговата распространетост со континуирана тенденција на раст, потенцира широка рамка од несакани влијанија врз човекот како и врз човековата околина. Жртвите во сообраќајот се трагичната последица на развојот на човештвото и потребни се мерки за активно намалување на бројот на настрадани лица и на предизвикана материјална штета.

Целта на трудот е да се истакне дека смирувањето на сообраќајот има големо значење за безбедноста на учесниците во сообраќајот, економско значење, како и суштинско значење од здравствен аспект и од аспект на заштита на животната средина, користејќи го методот на дескрипција, компаративниот метод и анкетен прашалник.

Системот на поврзаност помеѓу сообраќајот и економијата е многу комплексен со присуството на променливи карактеристики и улоги на различните форми и видови на сообраќај, со разлики во регулаторните и законодавните тела, давателите на услуги, финансиските системи, технологијата, користењето на земјиштето и однесувањето на луѓето кои учествуваат на сите нивоа и во сите сегменти на системот - како корисници, даватели на услуги и креатори на политиката.

Економските аспекти се значајни, особено во држави како нашата, каде ресурсите се ограничени и не постои можност за поставување средства за смирување на сообраќајот секаде каде има потреба за тоа. Со мудра и

рационална политика многу може да се придонесе за искористување на капацитетите и подобрување на безбедноста во сообраќајот на соодветни места, со истовремена економска корист или мали издвојувања од буџетот.

Клучни зборови: сообраќај, економија, безбедност.

# 1. Вовед

Улогата на сообраќајот во општествениот живот во секоја земја е многу голема. Постои силна поврзаност помеѓу степенот на развој на земјата и нивото на развој на производствените сили. Сообраќајот претставува четвртата област на материјалното производство, бидејќи транспортот на стоки претставува „продолжување на процесот на производство кој се прави низ сообраќајните процеси и за сообраќајните процеси " (Marks 1947).

Смирувањето на сообраќајот има големо значење за безбедноста на учесниците во сообраќајот, како и суштинско значење од здравствен аспект и од аспект на заштита на животната средина.

Економските аспекти се значајни, особено во држави како што е нашата, каде ресурсите се ограничени и не постои можност за поставување на средства за смирување на сообраќајот, секаде каде за тоа има потреба. Со мудра и рационална политика многу може да се придонесе за искористување на капацитетите и подобрување на безбедноста во сообраќајот на соодветните места, со истовремена економска корист или мали издвојувања од буџетот (Јолакоски 2014). Но, дали има економски бенефит од поставување на средства за смирување на сообраќајот?

Сообраќајот е резултанта на одреденото ниво на развојот на земјата, како и обратно и самиот врши силен притисок за развој на економијата.Постои силна корелација меѓу сообраќајот и економскиот развој. Со развојот на технологијата сообраќајот има големо влијание и зависност на транспортните системи од нивната околина во економска, социјална и природно-географска

смисла. Сообраќајот е една од централните теми во сите концепти на одржливиот развој.

Системот на поврзаност помеѓу сообраќајот и економијата е многу комплексен со присуството на променливи карактеристики и улоги на различните форми и видови на сообраќај, со разлики во регулаторните и законодавните тела, давателите на услуги, финансиските системи, технологијата, користењето на земјиштето и однесувањето на луѓето кои учествуваат на сите нивоа и во сите сегменти на системот - како корисници, даватели на услуги и креатори на политиката.

Инвестициите во сообраќајот, во многу земји значително ги надминуваат приходите кои државите ги остваруваат врз основа на неговата употреба. Тоа значи дека корисниците на сообраќајната инфраструктура само делумно ги компензираат направените трошоци врз основа на обезбедување (изградба, одржување и модернизација) и употреба на сообраќајната инфраструктура, додека остатокот е надополнет од државниот буџет. И поради тоа, една од клучните цели на употребата на економските инструменти, особено во минатото, беше со цел да се обезбедат средства за да се покријат инфраструктурните трошоци меѓу кои спаѓаат и средствата за смирување. Економските инструменти, денес, сè повеќе се користат со цел за интернализација на различни надворешни ефекти кои се јавуваат во сообраќајот и транспортот.

## 1.1 Економска корист од средствата за смирување на сообраќајот

Средствата за смирување на сообраќајот може да го подобрат економскиот развој на локалната заедница. Анкетата спроведена врз сопствениците на претпријатијата во една урбана малопродажна околина во Соединетите Американски Држави, покажа дека 65 % од анкетираните лица сметаат дека локалната програма за смирување на сообраќајот има позитивно влијание врз економските поволности, во споредба со 4 % кои сметаат дека

севкупно има негативно влијание, а 65 % ја поддржуваат идејата за дополнителни проекти за смирување на сообраќајот. Овие поволности особено можат да бидат важни за бизнис-регионите како и за туристичките места поради заживување на заедницата. Дренен, исто така, тврди дека смирувањето на сообраќајот може да овозможи економски поволности со постепено зголемување на алтернативните модуси и намалување на расходите за автомобили, што на потрошувачите им овозможува поголем дел од своите пари да ги трошат на производи од локално производство. Дренен ги анализира следните потенцијални економски влијанија на смирувањето на сообраќајот.:

1. Економски раст и раст на вредноста на имотот. Смирувањето на сообраќајот може да ја зголеми резиденцијалната и комерцијалната вредност на имотот, со што привлекува побогато население во областа (гентрификација) и може да ја зголеми малопродажбата и да предизвика економски раст во комерцијалните места (Drennen December, 2003,).

2. Атрактивност и безбедност. Смирувањето на сообраќајот создава поатрактивна средина, преку намалување на брзината на движење на автомобилите и другите транспортни средства и ја зголемува безбедноста за пешаците, велосипедистите, возачите и другите корисници на улиците, што е позитивно за бизнисот.

3. Продажби и привлекување на клиенти. Смирувањето на сообраќајот ги охрабрува локалните жители да купуваат во нивното соседство, а, исто така, привлекува клиенти од пооддалечените места бидејќи е намалено времето за патување, трошокот и напорот. Смирувањето на сообраќајот, исто така, може да помогне луѓето да живеат по независен живот од своите автомобили, што ќе го зголеми дискретниот приход што го трошат на други работи освен за превоз.

4. Влијание врз вработените. Лошите можности за да стигнат вработените на работните места можат штетно да влијаат врз претпријатијата со тоа што ја намалуваат продуктивноста на вработените и времето да излезат од сообраќајниот застој и да ги влоши можностите за вработување на нови вработени. Затоа, подобрените транспортни врски можат да придонесат за смирување и вработените на време да стигнат на своите работни места.

5. Изградба и трошоци. За проектите за смирување на сообраќајот е потребно минимално „време “за нивната изградба, а во повеќето од нив нема потреба од инвестиции од малите претпријатија.[58]

Во табелата бр. 1. се прикажани влијанијата и трошоците на смирување на сообраќајот.

Табела бр.1.- Позитивни влијанија од смирување на сообраќајот (Litman 1999)

| **Позитивни влијанија** | **Опис** |
| --- | --- |
| Зголемена патна безбедност. | Ја намалува фреквентноста и сериозноста на сообраќајните несреќи, особено сообраќајни несреќи во кои се вклучени и пешаци и велосипедисти. |
| Ја зголемува комфорноста и мобилноста за немоторизирано патување. | Ја зголемува комфорноста и мобилноста за пешаци и велосипедисти. |
| Го намалува влијанието на автомобилите. | Зголеменото немоторизирано патување го заменува одењето до одредена дестинација со автомобил, трошоците и загадувањето. |
| Зголемена општествена животна средина. | Го намалува загадувањето на воздухот и ја намалува бучавоста, а во истовреме ја зголемува естетиката. |
| Зголемена интеракција со соседството. | Погостопримливи улици поттикнуваат поголем број на улични активности и општествена интеракција. |
| Зголемена вредност на имотот. | Ја намалува сообраќајната брзина и волумен, а се зголемува резиденцијалната вредност на имотот. |
| Јавно здравје. | Повеќе можности за пешачење и други физички активности. |

[58] Traffic Calming , Roadway Design to Reduce Traffic Speeds and Volumes, TDM Encyclopedia, Victoria Transport Policy Institute.

| **Трошоци** | |
|---|---|
| Трошоци за проекти. | Финансиски трошоци поврзани со воведување и одржување на установи за смирување на сообраќајот. |
| Барања на обврски. | Зголемени барања на обврски предизвикани од смирување на сообраќајот. |
| Застој на возила. | Намалена сообраќајна брзина. Мотористите или го зголемуваат своето време на патување или го намалуваат растојанието за патување. |
| Преместување на сообраќајот на други улици. | Смирување на сообраќајот на една улица може да го помести сообраќајот на други улици. |
| Тешкотии за возилата за брза помош и услуги. | Застој за противпожарни возила и тешкотии за автобусите, камионите за собирање на отпад и возилата за чистење на снег. |
| Зголемена фрустрација и напнатост кај возачите. | Зголемена напнатост при возење на патиштата во кои е воведен проектот за смирување на сообраќајот и фрустрациите кои се резултат на истите. |
| Тешкотии за велосипедистите и пешаците со оштетен вид. | Некои од стратегиите за смирување на сообраќајот прават тешкотии за велосипедистите и пешаците со оштетен вид. |

Кан и Кан Годеке ги споредуваат разните уреди за смирување на сообраќајот и ги посочуваат релативните приоритети на обележување на патиштата како еден евтин начин да се намали сообраќајната брзина на некои од патиштата, како што е опишано во табела бр. 2.

Табела бр. 2. - Споредба на уреди за смирување на сообраќајот (Kahn 2011)

| **Техника за смирување** | **Приоритети** | **Негативна страна** | **Намалување на брзината** | **Трошок** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **на сообраќај** | | | | |
| Лежечки полицајци. | • Ефикасно ја намалува брзината во просек од 12.8748 км/час.<br>• Може да предизвика диверзија на преголеми сообраќајни волумени. | • Неприфатено од страна на многу локални власти и служби за итна помош.<br>• Несоодветното возење може да предизвика штета на возилото и возилото да изгуби контрола.<br>• Среден трошок.<br>• Има влијание врз моторните возила/велосипедите.<br>• Тежок за вадење. | 12.8748 км/час | од 1.500 до 3.000 американски долари. |
| Испрекинат лежечки полицаец. | • Ефикасен за намалување на брзината до 8.04672 км/час.<br>• Поприфатливи јавни агенции/служби за итна помош, бидејќи можат да ја намалат брзината на | • Неколку агенции и служби за итна помош не ги поддржуваат ваквите средства.<br>• Трошокот за изградба е среден.<br>• Тежок за вадење.<br>• Може да влијае врз велосипедите/моторните возила. | 8.04672 км/час | од 2.500 до 3.500 американски долари. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | малите возила, а, сепак, да дозволат поголемите возила за итна помош да поминат без да ја намалат брзината. | | | |
| Стеснувачи и засвитоци. | • Ефикасно ја намалува сообраќајната брзина за околу 4.82803 км/час.<br>• Може да ја намали широчината на патиштата со цел да се намали растојанието за пешаците кои ја преминуваат улицата (што претставува безбедносна мерка). | • Трошокот за воведување е голем.<br>• Може да предизвика проблеми со улично празнење од вода.<br>• Тешко за отстранување во иднина доколку не се покаже ефективно.<br>• Губење на место за паркинг.<br>• Може да влијае врз велосипедистите. | 4.82-9.65 км/час | од 7.000 до–15.000 американски долари. од еден пар |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | • Може да се подобри со уредување на земјиштето со цел да се подобри естетиката. | | | |
| Медиани. | • Можат да ја намалат брзината до одреден степен. • Овозможуваат естетски одлики во заедницата. | • Трошокот за воведување е голем. • Тежок за отстранување доколку не се покаже како ефективен. • Може да повлече и дополнителни трошоци за одржување. • Прелив на вода на тротоарите. • Губење на паркинг. | 3.21-4.82 км/час. | од 5.000 до – 15.000 американски долари. |
| Текстура на тротоарите. | • Може да предизвика мало намалување на брзината. • Може да биде естетски задоволувачко. | • Трошокот за воведување е голем. • Тежок за вадење. • Може да има влијание врз одреден вид на пешаци кои ја преминуваат улицата. | Ограничени податоци. | од 5 до –16 американски долари. од квадратна стапка. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | • Може да се монтира на премини и раскрсници, со цел да се дефинираат канализираните области за пешаците. | • Може да предизвика бучава. | | |
| Мини сообраќајни кругови. | • Мало намалување на брзината. • Ја подобрува естетиката. • Го намалува сообраќајот низ раскрсницата. | • Трошокот за воведување е голем. • Може да ги збуни возачите во врска со тоа по кој пат треба да возат низ раскрсницата. • Може да влијае врз велосипедистите и пешаците. • Може да влијае врз вртењето налево за големите возила. • Може да ги забави возилата за итна помош. | 6.43-9.65 км/час. | од 10.000 до– 60.000 американски долари. |
| Обележување за смирување на сообраќајот | • Ефикасно во намалување на брзината од 1.6 до 11.26 км/час. | • Ограничувања во намалувањето на брзината. | 1.6 до 11.26 км/час | од 500 до –1.000 американски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | • Прифатено од страна на многу јавни агенции и служби за итна помош бидејќи претставуваат стандарден начин за контрола на сообраќајот. • Лесно се менува доколку е потребно во иднина. • Евтина опција за инсталација-воведување. • Инсталацијата се воведува брзо. • Лесно се вади во споредба со другите опции | • Неефикасно доколку брзината е веќе ниска. | | долари. од 500-стапки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (песочна машина). | | | |

Малите претпријатија, исто така, се сметаат како фактор кој има корист од смирувањето во сообраќајот преку средствата за смирување. Тие се најголемиот предизвик за проектите за смирување на сообраќајот бидејќи се плашат дека ќе забележат загуба во приходите како резултат на промените во сообраќајниот систем во средината во која имаа отворени фирми. Политичарите и владините застапници многу често се неодлучни и незаинтересирани да продолжат со такви проекти бидејќи претставува политички ризик да не можат да дадат поддршка на малите претпријатија. Поддршката за малите претпријатија може да игра главна улога во тоа дали еден проект за смирување на сообраќајот ќе се прифати или ќе се одбие.

Според одредени истражувања проектите за смирување на сообраќајот можат позитивно да влијаат врз условите на малите претпријатија и да ги зголемат приходите (Stillings 2001). Впрочем, поседувачите на таквите претпријатија, во места каде што претходно биле преземени мерки за смирување на сообраќајот, можат да станат едни од највидните показатели за овој тип на работа. Но, сопствениците на претпријатијата во местата во коишто се анализира смирувањето на сообраќајот, најчесто, не се свесни колку добро функционираат овие мерки во споредба со местата во другите делови од градот каде што ги нема. Доколку транспортните инженери, градоначалниците и адвокатите би биле во можност да прикажат доволно податоци кои ќе покажат на кој начин мерките за смирување на сообраќајот ги подобриле условите на малите претпријатија, проектите за смирување на сообраќајот би можеле полесно да се одобруваат со помалку пречки и поголема поддршка од страна на општеството (Guy D. Garrod 2002).

Смирувањето на сообраќајот може да ја подобри општествената животна средина, што, пак, ја зголемува вредноста на имотот. Хуес и Сирманс покажуваат дека имотите имаат поголема вредност доколку се лоцирани на

улици со помала фреквенција на сообраќај и улици каде возилата се движат со помала брзина. Истражувањето кое ги споредуваше вредностите на имотот во Гранд Рапидс, Мичиген по воведувањето на програмата за управување во сообраќајот покажа дека намалувањето на фреквенцијата на сообраќајот за неколку моторни возила на ден ја зголемила вредноста на имотот за 5 до25 %. (Bagby 1980)

Други истражувања покажуваат дека домовите во новите урбанистички заедници се продавале во просек за 20.189 американски долари повеќе отколку сличните домови во други конвенционални заедници, што претставува 11 % зголемување на вредноста, што делумно се должи на смирување на сообраќајот кој е интегриран во новите урбанистички заедници (Tu 2000). Во повеќе научни истражувања, намалувањето на сообраќајната брзина и редизајнирањето на улиците повеќе да бидат насочени кон пешаците, значително ја зголемиле продажната вредност и вредноста на имотите[59].

Економската корист од поставувањето на средствата за смирување на сообраќајот во урбаните заедници е од голема важност од различни аспекти и тоа и за жителите и за бизнис-заедницата. Смирувањето на сообраќајот, обично, најмногу добивки обезбедува за пешаците, велосипедистите и локалните жители, притоа наметнувајќи најголеми трошоци за возачите кои возат интензивно (односно колку што е можно побрзо). Смирувањето на сообраќајот има тенденција да ја зголемува хоризонталната вредност со намалување на надворешните трошоци наметнати од моторните возила и подобрување на рамнотежата меѓу различните употреби на јавните улици. Смирувањето на сообраќајот ја зголемува вертикалната вредност бидејќи обезбедува добивки за луѓето кои се наоѓаат во физичка, економска и социјална неповолна состојба, притоа наметнувајќи најголеми негативни вредности за релативно богатите возачи, кои возат на подолги растојанија.

[59] LGC (2001), *The Economic Benefits of Walkable Communities*, Local Government Commission (www.lgc.org).(accessed 1.3.2013 godina).

## 1.2 Поставување на средства за смирување на сообраќајот

Технолошкиот развој во XX век доведе до комплексна сообраќајна мрежа и комплексен транспортен систем, преку развивање на исклучително сложена структура во просторот и времето, со голем број на функции и алтернативни технологии. Функционирањето на овој систем го овозможува функционирањето на светската економија на сите нивоа, но, исто така, предизвикува директни и индиректни ефекти, кои од гледна точка на човечката заедница може да се оценат како негативни. Согледувањето и квантификацијата на овие ефекти се првиот чекор кон економско моделирање на трошоците во сообраќајот. Во академските истражувања постоело мислење дека сообраќајните трошоци го вклучуваат само она што државата или корисниците го плаќаат за сообраќајните услуги. Но, поимот ефекти или сообраќајни трошоци опфаќаат поширок збир на трошоци кои може да се сметаат во однос на директните и индиректните корисници во однос на општеството. Секоја од развиените земји има различен пристап кон пресметување на трошоците за поставување на средствата за смирување на сообраќајот. Во некои земји пресметките се сведуваат само на трошоците за физичко поставување на истите, а во некои се пресметуваат и сите останати фактори, сметајќи ги и трошоците за поставување на сигнализација, зголемувањето на безбедноста на луѓето, бенефитот како трошок за намалување на фреквенцијата на сообраќајот, зголемувањето на интерактивноста на учесниците во сообраќајот, отежнувањето на движењето на возилата за итни случаи, а во некои земји се пресметува дури и бенефитот на бизнис-заедницата.

Секоја земја има различен пристап кон cost-benefit анализата од средствата за смирување во сообраќајот. Кај повеќето развиени земји како што се Соединетите Американски Држави и Велика Британија пресметките се базираат врз основа на направен проект во кои се вклучуваат различни варијабли.

Агенцијата за државен транспорт во Канада проценува подобрување на безбедноста во сообраќајот на 3.000.000 американски долари. за избегнување на смртен случај, 50.000 американски долари. за избегнување на несреќа со повреди и по 2.500 американски долари. за избегнување на оштета само на имот. Програмата за смирување на сообраќајот предвидува намалување на судирите за 40 %. Според процените во Канада придобивките од безбедноста се проценуваат на 274.000 американски долари. годишно.

Според истражувањето на секторот за транспорт на Минесота (табела бр. 3.) поставувањето на средствата за смирување на сообраќајот ја потврдиле нивната хипотеза дека тие ја зголемуваат безбедноста во сообраќајот и од аспект на намалување на брзината на возилата и намалување на фреквенцијата на возилата во поставените улици. Во однос на трошоците за нивното поставување cost-benefit анализата го оправдува поставувањето на средствата за смирување. Во табелата број 3. дадени се трошоците и предностите од поставувањето на средствата за смирување во Минесота на годишно ниво.

Табела бр.3. - Финансиски средства издвоени за средства за смирување на сообраќајот во Минесота[60]

| **Вид средство за смирување** | **Трошоци** | **Перформанси** | |
|---|---|---|---|
| **Шикани.** | **5.000-10.000 долари по локација.** | **Намалување на брзината за 6 %.** | **Намалување на фреквенцијата на сообраќајот за 13 %.** |

[60] Извор: Investigationg the effectiveness of traffic calming strategies on driver behavior, traffic flow and speed, 2002, Minnesota local road research boeard, Department of transportation Minnesota, стр.75-80.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Стеснување на улицата.** | **50 долари на 30 см.** | **Намалување на брзината од 4 до 22 %.** | **Намалување на фреквенцијата на сообраќајот од 17 до 48 %.** |
| **Издигнатини.** | **7.000 долари по пар.** | **Намалување на брзината до 15 %** | **Намалување на фреквенцијата на сообраќајот за 13 %.** |
| **Кружен тек.** | **3.000-15.000 долари.** | | **Намалување на 94 % во сообраќајните незгоди.** |

Надлежните институции од Минесота постојано работат да има сè побезбедни улиците и патиштата. Како комплексен чекор се подразбира усогласувањето на сите фактори, смирувањето на сообраќајот, квалитетниот живот, безбедниот живот и ефективно со помали трошоци за транспорт[61].

На барање на граѓаните од Атланта за зголемување на безбедноста во сообраќајот, владата направи програма за поставување на средства за смирување во сообраќајот како една од мерките за зголемување на безбедноста. Во Атланта во програмата од 1994 година, која сè уште функционира, опфатени се 436 локации за поставување на средства за смирување на сообраќајот со акцент на 90 локации. Цената за инсталација на „средствата за смирување на сообраќајот"е 1.100 долари по средство.[62] Додека трошокот за секое средство

[61] Investigationg the effectiveness of traffic calming strategies on driver behavior, traffic flow and speed, 2002, Minnesota local road research boeard, Department of transportation Minnesota, стр. 23.

[62] Адаптирано според: Group of Authors, Calming neighborhood traffic with speed humps: Comparing policies and programs in metro Atlanta, 2000, Atlanta.

вклучувајќи ги и сите придружни елементи како знак, маркирање на средствата или сигнален знак дека има средство за смирување е 2.200 долари по средство.

**Табела бр. 4. - Програма на Атланта за поставување на „средства за смирување на сообраќајот“ [63]**

| Општина | Цена | Намалување на брзината | Вклученост во цената |
|---|---|---|---|
| **Атланта** | **1.100 долари** | **25 mph** | „Средства за смирување на сообраќајот“ знаци. |
| **Коб** | **2.200 долари** | 25 **mph** | „Средства за смирување на сообраќајот“ знаци. |
| **Декалб** | **Н/А** | 25 **mph** | „Средства за смирување на сообраќајот“ знаци. |
| **Гвинет** | **1.934 долари** | 25 **mph** | „Средства за смирување на сообраќајот“ знаци. |

Владата на Велика Британија направи политики, со цел, на министерствата одговорни за безбедноста во сообраќајот, да им дозволи да ги означат улиците како „домашни зони“ односно резиденцијални улици со ограничена сообраќајна брзина. Дизајнираната брзина ќе биде помала од 32,18 км/час, најверојатно 16,09 км/час. Ќе се постават знаци на краевите на местата за да се означи специјалниот статус на просторот од улицата. Дизајните ќе вклучуваат поделен простор, разубавување на просторот и опрема за играње.

[63] Извор: Calming neighborhood traffic with speed humps: Comparing policies and programs in metro Atlanta, 2000, Atlanta, стр.18.

Федералната власт дистрибуира финансии до локалните агенции за планирање и имплементација.[64]

Средствата за смирување на сообраќајот во Лондон, како претставник од европските земји, за првпат се воведени со закон во 1865 година, со забрана за движење повеќе од 4 км/час. Истиот закон беше укинат во 1896 година, дозволувајќи им на возилата да се движат од 12 до 14 км/час. Во 1903 година, со нов закон лимитот на движењето се зголеми на 20 км/час. Во 1990 година беа поставени средства за смирување на сообраќајот кои нема да дозволат брзина поголема од 20 км/час. Средствата за смирување на сообраќајот во Лондон се поставуваат со помош на инсталирање на инженеринг средства кои не влијаат на психичката состојба на умот на возачот туку физички ќе ја ограничи брзината на автомобилот. Трошоците за поставување на средствата за смирување на сообраќајот во Лондон варираат во зависност од видот, бројот на ленти или бројот на прегради, како и материјалот кој ќе се користи. Во 1993 година термопластичните инсталации чинеле од 500 до 1.500 фунти. Грубите тркалезни средства имале вредност од 2.500 до 10.000 фунти со век на траење од три години. Брановидните средства имаат цена од 50 фунти за метар квадратен или 5.000 фунти за 20 метри квадратни.

Од податоците за селектирани развиени земји, може да се заклучи дека секоја земја/регион има различни трошоци, како во зависност од големината на средството за смирување на сообраќајот, така и во однос на поставеноста, материјалот од кој е изработен и, секако, видот на материјалот. Исто така, секоја земја има различен пристап во пресметувањето на трошоците, а со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот преку средствата за смирување.

Средствата за смирување на сообраќајот можат да имаат траен или временски определен карактер зависно од посакуваниот ефект на одредена локација. Во законските и подзаконските акти со кои се регулира материјата за поставување на средства за смирување на сообраќајот, не се предвидени

[64] www.homezonenews.org.uk (accessed 7.6.2013 година).

санкции или казнени одредби во случај на поставување на истите доколку се поставени спротивно на постапката за поставување. Во нашата држава е направено истражување во врска со начинот, местото, како и финансиските средства за поставување на средствата за смирување спроведено во институциите кои се одговорни за нивно поставување, односно општините. Во истражувачкиот примерок учество земаа вкупно 52 општини на територијата на Република Северна Македонија на база на анкетен прашалник (Јолакоски 2014).

**Табела бр.5. - Одвоени средства за смирување на сообраќајот**[65]

| | Број на општини кои одвоиле средства за смирување на сообраќајот | Процентуална застапеност на одговорите |
|---|---|---|
| Да | 24 | 47 |
| Не | 27 | 51 |
| Не одговориле | 1 | 2 |
| Вкупно | 52 | 100 |

Дијаграм бр. 1. - Одвоени средства за смирување на сообраќајот

[65] Извор: Анкетен прашалник, обработка на авторот.




Извор: Анкетен прашалник, обработка на авторот

Според прикажаните резултати на дијаграмот бр. 1. можеме да забележиме дека повеќе од половина, односно 51 % од општините дале одговор дека немале одвоени средства за поставување на средства за смирување на сообраќајот во периодот од 2008 до 2012 година, 47 % истакнале дека издвоиле средства за таа намена и преостанатите 2 % не дале никаков одговор во однос на тоа.

Според прегледот на општините кои во анализираниот период поставиле, односно не поставиле мерки за смирување на сообраќајот ´средства за смирување на сообраќајот´ може да се согледа дека безбедноста во сообраќајот во некои општини од аспект на заштита на жителите е на многу ниско ниво. Во повеќе од половина од општините не се поставени средства за смирување на сообраќајот, што од безбедносна гледна точка ги става жителите во структура подложна на ризик.

**Дијаграм бр. 2. - Буџетски средства на општините во периодот 2008-2012 во милиони денари**




Извор: Анкетен прашалник, обработка на авторот

Од анализата во дијаграмот бр.2. може да се види дека во периодот 2008-2012 година инвестирањето во средствата за сообраќај во општините е на многу ниско ниво, а најмногу финансиски средства издвоил Град Скопје како најголема општина во државата (Јолакоски 2014).

## 1.3 Заклучок

Безбедноста во сообраќајот предизвика сè поголем интерес како на стручната така и на научната јавност. Речиси и не постои државен орган, институција, па и невладина организација која не остварува дел од своите дејности во областа на сообраќајот. Радува фактот што ниту научната јавност не е надвор од случувањата и сè почесто се организираат научни и стручни конференции кои имаат за цел промовирање на научната мисла за безбедноста во сообраќајот и развивање на нови и современи модели и техники за контрола и регулирање на истиот. Развивањето на теориите за безбедност во сообраќајот, како и искуствата кои се стекнуваат со развојот на напредокот на сообраќајната техника, води кон соодветни и правилни препораки за зголемување на нивото на безбедност на патиштата.

Во светот, особено во поразвиените земји постои висок степен на застапеност на средствата за смирување на сообраќајот, каде често се применува постапката на планирање и проектирање на концептот за смирување на сообраќајот. Зацртаната концепција се применува на места каде нивното поставување ќе значи намалување на брзината на движење во зголемување на вниманието кај возачите, особено во близина на институции, училишни и предучилишни установи, како и на локации каде има зголемено движење на пешаци. Резултатите од истражувањата покажуваат дека со текот на годините бројот на загинати и повредени лица на местата каде се поставени средствата за смирување на сообраќајот се намалува.

Развиените земји имаат различен пристап кон пресметување на трошоците за поставување на средствата за смирување. Во некои пресметките се сведуваат само на трошоците за физичко поставување на истите, а во некои се пресметуваат и сите останати фактори, сметајќи ги и трошоците за поставување на сигнализација, зголемувањето на безбедноста на луѓето, бенефитот како трошок за намалување на фреквенцијата на сообраќај,

зголемување на интерактивноста на учесниците во сообраќајот, отежнувањето на движењето на возилата за итни случаи, а во некои земји дури се пресметува и бенефитот на бизнис-заедницата.

Сообраќајот има многу важна улога како во општествениот, така и во економскиот развој на една земја. Влијанието е взаемно и обострано, бидејќи и економскиот развој на земјата влијае врз развојот на сообраќајот. Економската корист од поставувањето на средствата за смирување на сообраќајот во урбаните заедници е голема од различни аспекти како за жителите, така и за бизнис-заедницата. Смирувањето на сообраќајот обично најмногу добивки овозможува за пешаците, велосипедистите и локалното население. Поставувањето на средствата за смирување значи зголемена безбедност на сообраќајот, намалување на брзината на возилата, зголемена сигурност и мобилност за патување без користење на моторни возила, намалена бучава и загадување на воздухот, зголемена интеракција на соседствата, зголемена вредност на имотите и многу попривлечна слика за улиците, позитивно да влијаат врз условите на работа на малите претпријатија и да ги зголемат нивните приходи.

## Референци


1.Bagby, Gordon, 1980. „Effects of Traffic Flow on Residential Property Values“, Journal of the American Planning Association, Vol. 46, No. 1, стр. 88-94. .

2.Drennen, Emily, December, 2003,. Economic Effects of Traffic Calming on Urban Small Businesses, str.16. Department of Public Administration, San Francisco State University.

3.Guy D. Garrod, Riccardo Scarpa, Kenneth G. Willis. 2002. Journal of Transport Economics and Policy (Impact Factor: 0.95). 01/2002; 36(2):211-231. DOI:10.2139/ssrn.222149 .

4.Kahn, Robert and Goedecke, Allison Kahn. 2011. „Roadway Striping as a Traffic Calming Option“, ITE Journal (www.ite.org), Vol. 81, No. 9, pp. 30-37; at. www.ite.org/membersonly/itejournal/pdf/2011/JB11IA30.pdf.(аццессед 15.05.2013).

5.Litman, Todd, 1999. Traffic Calming Costs, Benefits and Equity Impacts, VTPI (www.vtpi.org); at www.vtpi.org/calming.pdf.

6.Marks, K., 1947. Kapital, II tom, str. 117. Beograd.

7.Stillings, Timothy and Lockwood, Ian. 2001. West Palm Beach Traffic Calming: The Second Generation, Transportation Research Board Circular E-C019: Urban Street Symposium www.nas.edu/trb/publications/ec019/ec019_i5.pdf)(accessed 27.03.2012).

8.Tu, Mark Eppli and Charles C. 2000. Valuing the New Urbanism; The Impact of New Urbanism on Prices of Single-Family Homes, Urban Land Institute (www.uli.org).

9. Јолакоски, Стевчо, 2014. Значењето на средствата за смирување на сообраќајот во насока на подобрување на безбедноста на секундарната патна мрежа (безбедносно – практичен и економски аспект), (докторска дисертација). Скопје.

УДК: 341.76-044.377:355(100)

**Санде Смиљанов**

# (НЕ)НАМЕРНИ ГРЕШКИ ВО ПРОТОКОЛОТ: „ПРАШАЛНИК“ЗА СВЕТСКАТА ДИПЛОМАТИЈА

# (UN)INTENTIONAL MISTAKES IN FIELD OF PROTOCOL: A QUESTION MARK FOR THE WORLD DIPLOMACY

**Sande Smiljanov, PhD, Ministry of Interior Affairs, Protocol Department, ssmiljanov@gmail.com**

**АПСТРАКТ**

Дали безбедноста и стабилноста во и на една држава зависи само од евидентната, т.н. „тврда сила “, „тврда моќ “, односно Армијата, вооружените сили, опременоста, економскиот капацитет? Не. Постои една многу посуптилна форма на моќ која и тоа како влијае врз безбедноста и сигурноста, врз моделирањето на идните геополитички односи помеѓу играчите на глобалната сцена. Станува збор за одбранбената дипломатија, која, пак, е нераскинливо поврзана со правилата и процедурите на протоколот, како составен дел на дипломатската практика. Протоколот е практика поврзана со културата, јазикот, религијата, кралската власт, историјата и „де факто“претставува начин на добро однесување и практицирање на очекувани манири и правила.Според тоа, исклучително значајно е да се направи вистинска класификација на секоја грешка – дали таа е намерна или случајна и да се извлече заклучок кој може да влијае на геополитичките односи, на глобално ниво. А, грешките во протоколот, иако предмет на недоволно познавање на практиките од страна на лицата задолжени за протокол, можат да предизвикаат политички скандали, па

дури и нетрпеливост на државно ниво. Трудот се темели на примери кои прават јасна дистинкција на вистински грешки со монтирани случаи кои имаат за цел да пратат јасна политичка порака.

**Клучни зборови:** протокол, грешки, дипломатија, безбедност, одбрана.

**ABSTRACT**

Does security and stability of a state solitary dependent on the evident and obvious – "raw power" or "brute force", meaning its armed forces, military equipment, or the economic power? No. There is a subtler form of power that directly influences security and stability, in the form of modeling future geopolitical relations on global scale. What we are referring to is the power of defense diplomacy, a power very much dependent on the rules and regulations of protocol as an integral part of diplomatic practices. Protocol is a discipline in close connection with culture, language, religion, royal traditions, and history. In practice protocol means "good manners", implemented through pre-determined rules and regulations. This is why it is highly important for one to know how to make a professional observation of every error during protocol procedures – whether it was done on purpose, or by accident, and draw a conclusion which can significantly influence geopolitical relations on global scale. Although possibly made due to inadequate professional "know-how", errors in the field of protocol can result in political scandals and even lead to tensions between countries. This paper aims at making clear distinction between honest mistakes and staged incidents which serve the purpose of sending a political message.

**Key words:** protocol, errors, diplomacy, security, defense.

## I. IMPROVISATION – AN EVERYDAY OCCURRENCE IN TODAY'S ORGANIZATIONS

Today's companies and even institutions are facing some rather substantial changes, fueled by many contemporary phenomena, mainly connected to the changing environment, the need for the organization to adapt to these changes, the increasingly faster pace of decision-making and the dissemination of information that is nearing "the speed of light". By definition, "improvisation involves using an element of creative thought, combined with an intuitive feel for what will assist in the resolution of a particular problem"[66].

Improvisation as a concept and phenomenon has remained a largely unstudied and untheorised topic, especially in terms of its relevance for contemporary work in cultural studies, anthropology, pedagogy, sociology, and philosophy – in other words, it is an interesting and obvious topic for interdisciplinary research[67]. It is of outmost importance to acknowledge the fact that improvisation is potential that can be found in all our activities, all professions. When improvisation occur, that is the result of past experiences, previous activities, that put in context will be reborn as a completely new experience, thus increasing the pool of possible solutions to a challenge in a professional sense.

That is completely true when we look at the diplomats and other international practitioners, which "are simultaneously influenced by past experiences and constantly innovating in response to situations that are never exactly the same"[68].

---

[66] https://gbr.pepperdine.edu/2010/08/improvisation-as-a-way-of-dealing-with-ambiguity-and-complexity-3/, accessed October 15th, 2019

[67] "Improvisation as a tool for worldwide communication and interaction", Alterhaug, B., NTNU

[68] https://journals.sagepub.com/doi/abs/10.1177/1354066117725156, accessed October 15th, 2019

## II. PROTOCOL PROFESSION AS A MIX OF SCIENCE AND FINESSE

When we mention "protocol", we think of a very specific occupation that has its positive and negative side – it carries many responsibilities but is also a very significant part of the world order, diplomacy, peace and stability. Unfortunately, this profession is maybe the one that is most often prone to mistakes, errors that push protocol specialists into improvising, and that can backslide into unforeseen and unpleasant situations. The most interesting part of practicing protocol is the fact that every success story in this profession goes unnoticed, while on the other hand, any mistake during public events are highly noticed and more or less become the "star of the night". Protocol specialists must be experienced leaders, but also extremely well practiced **team players**. A successful leader in protocol management always relies on the team and the pre-determined course of action, but also on his'/hers' professional qualifications and – luck. Having great **communication skills** and openness is a precondition for successful and apt completion of protocol operations. Inadequate communication and assumptions lead to mistakes. One other essential skill is the **organizational** one. Good coordination of activities is a key to a successful organization of any protocol event; regardless it is related to a visit from a foreign dignitary, a conference, or a celebration of any kind. Protocol means organizing a network of activities and services that must work with each other and also parallel to each other. Still, the capacity to improvise in each situation is possibly the added value of every protocol specialist and professional. The word "improvise" comes from the Latin providere, "make preparation for", and its derivative improvisus, "unforeseen". Improvisation, thus, involves dealing with the unforeseen without the benefit of preparation. Improvisation is a skill that can also be used in all professions.

Being **cooperative** is also high on the skill list. Being part of a protocol team means to foresee, plan, coordinate, organize, execute, and control a great number of tasks and responsibilities. Protocol specialist must have close cooperation with every stakeholder – they have to project calmness, politeness, humbleness. **Flexibility** is

also key ingredient in making a protocol specialist. Plans will often go in different directions, most of which not in the right ones. On-time reactions may very well save the day since improvisation is a well-known tool in this profession, not because there are no rules and regulations, but because high ranking dignitaries don't follow those rules and regulations (intentionally or not). Not having the perfect balance of all of the above-mentioned skills lead to mistakes (small or big) that can easily influence not just one's reputation, but the reputation of the whole country at the same time. Mistakes will happen, and that is quite normal. What is important is the ability to accept that a mistake has happened and to take corrective measures in a manner that will lower their "cost" and damage. Even more important is to be able to implement lessons learned and to not repeat that mistake in future.

## III. PROTOCOL'S FINESSE IN DELIVERING MESSAGES

There is no upper limit to politeness. But there is an irreducible minimum below which bad manners become obvious. The failure by one country to extend to another country's representatives an appropriate level of good manners may well be taken as a sign of deliberate insult, or at least a level of carelessness which amounts to the same thing (Wiki on "Diplomatic protocol").

Talking of the subtle finesse in protocol, one has to have in mind that every movement, every decision, every step might have its own meaning and – consequence. Seasoned politicians and diplomats know how to use this art to relay their message to their target audience – whether it is the other person, or the wider audience connected to that person. And this perspective is the one that is a so-called grey or uncharted area: do we perceive one error in protocol procedure as just that – an error, or does that relay certain message that needs to be understood?

It all comes to the sender and the receiver has the sender intended to send a "cover" message to the receiver; is it a plain error of the diplomatic protocol's staff; is that message understood as an error or is it understood as its intended meaning. There are many examples in the world of diplomatic protocol, throughout history, and even more today that can be subject to interpretation.

Maybe the easiest way to explain this complex matter is by deductively looking into several examples from both Macedonian and world diplomatic practice, and come with a conclusion, from a perspective of a protocol specialist (as follows).

## IV. DIPLOMATIC PROTOCOL MISTAKES – A NEED FOR IN-DEPTH ANALYSES OR NOT?

Protocol mistakes could occur at any event, even at those considered as high-profile events which are organized by large number of professionals. During such events (organizing of reception for foreign dignitaries in front of the building of the government of Republic of North Macedonia) the country and its diplomatic protocol utilize the capacities of the government protocol department, protocol department of the Ministry of foreign affairs, and the protocol department of the Army of the Republic of North Macedonia, part of which is the honor guard. (Military Protocol Rulebook, Army of the Republic of North Macedonia)

### 1. Austrian Chancellor bowed to foreign flag

We still hold fresh the memories from the visit of Austrian Chancellor Sebastian Kurz. On 7$^{th}$ of September of 2018 in front of the plateau of the government of Republic of North Macedonia, during the welcoming ceremony in his honor, the playing of the Austrian and Macedonian anthem – all went under the flight of a mistaken Austrian flag.

At first glance this seemed to be a minor mistake which did not have a major impact over the official visit, while it was the most important news that came out of this official visit. Unfortunately, mistake like this leads to following conclusions – Austria is of no great importance for the Republic of North Macedonia, or that the Republic of North Macedonia is a state without professionals operating in a sector as important as the protocol.

The Austrian flag is rectangular and is divided in three equal rectangles top and bottom being red while the middle one is white. The flag at the ceremony had more narrow middle white line then the red ones, thus reminding more of the Latvian flag although the colors do not correspond to this flag as well.

**2. US Secretary of Defense James N. Mattis meets broom**

Yet another mistake made by the Macedonian diplomatic protocol which was once again result of the (lack of) cooperation between the protocol of the Ministry of Foreign Affairs and that of the Ministry of Defense happened during the welcoming ceremony for the US Secretary of Defense, who arrived at Skopje International Airport on 18$^{th}$ of September of 2018.

During preparations for the brief military ceremony goal of which was to show respect for the high-ranking guest from the United States of America, couple of professional soldiers from the Army of the Republic of North Macedonia came in the way of Defense Secretary Mattis while sweeping the red carpet. Picture from this very important even caused sensation, and left room to be interpreted as an example of dysfunctional state and in context with this a dysfunctional army.

Facts resulting from the internal research show these mistakes were not done with the purpose of deliberately disrespecting protocol rules, which by the way were especially strict during the arrival of the high-ranking American guest (high ranking guest comes out of the plane only after the protocol team leader come aboard and gives green light). These mistakes were more of a classic example of lack of cooperation and coordination between protocol personnel from various institutions (Smiljanov, 2018). In the first case mistake was done by not appropriately checking the flag when obtaining it (flag was being kept and archived as the flag of Austria) and in the second case partial fault comes on to the guest who did not sufficiently take into consideration the appropriate protocol rules and procedures.

**3. Kosovo springing up protocol spirits**

A true example of how much one protocol mistake can spring up the spirits in world politics is the recent episode with the seating arrangement for Kosovo President Hashim Thaci during the ceremony commemorating World War One 100-year anniversary.

This mistake had a very profound impact onto international relations. So much so that Frederic Mondoloni, French ambassador to Belgrade had to send a formal letter of apology to Serbian President Aleksandar Vucic and the Serb nation. Apology stated "…We are very close with Serbia. During World War One Serbia lost almost one third of its population, 62 percent of its male population. France will never forget this." This points out to the fact that this mistake left a profound impact over the relations between Serbia and France. French Ambassador went on saying "…I am sad because we were suppose to celebrate our joint victory as a prelude to the announced visit of French President Macron to Serbia, but in a kind of a way this spoiled everything." This is true example of how much a seemingly harmful event and mistake can stain relations.

After the scandal with the seating arrangement during the Paris-held ceremony commemorating the trust that ended World War One, Kosovo President Hashim Thaci once again came in front line during the Peace Forum, where the same protocol mistake happened once again. In the picture that went viral you can see Thaci seating right behind the leaders of the greatest country participants in World War One – France, Germany, and Russia.

Extend of the impact such protocol mistake (or not!?) can have in springing up geopolitical spirit can best be seen through the comment by Serbian President Aleksandar Vucic – "Can you imagine what someone was thinking when putting Thaci next to Putin. Thaci came from behind Putin's back and offered him a hand. When Putin realized who he was he just turned towards the others," said Vucic before the reporters covering this event.

**4. Soccer World Cup in Russia – not enough umbrellas for high-ranking officials**

Vladimir Putin, Emanuel Macron, and Kolinda Grabar – Kitarovic all in one place – Russia held Soccer World Cup Finale played between France and Croatia.

Soccer World Cup is a planetary event held every four years and has always attracted great attention worldwide. The importance of this event can be seen through explosion of media attention directed at Croatian President Grabar-Kitarovic who as an experienced former diplomat used this well to promote her country. What was really interesting to see was not just the match, but events following the match as well. Once the match ended, heavy rain set in. Security and protocol personnel had only one umbrella which was intended for the Russian President Putin.

From aspect of protocol this picture indicates serious organizational mistake, but on the other hand this may have been the best moment for demonstrating strength and power by humiliating the "enemy" and presenting your opinion regarding the leaders from the "opposite side". This is an example of how one unbelievable protocol mistake, one bad misjudgment and lack of quick reaction, can open the question about the relations between the two European forces, France and Russia.

**5. Mistakes in protocol during the official visit of the Russian President Putin to Serbia**

During the recent official visit of the Russian president Vladimir Putin to the Republic of Serbia (Belgrade, January $17^{th}$, 2019) there were a couple of protocol mishaps that a protocol specialist can easily detect. Primarily, after the plane with several Russian businessmen landed, there was no protocol personnel to greet them and to direct them to the designated vehicles. Because of that mishap, they had to find the vehicles themselves that led to chaos. The second mistake that was observed is the fact that right after the official greeting by the commander of the Honor Guard, the two presidents (Putin and Vucic) passed by the second marker (where they should have stood). The third mistake is Putin's point of entry in the VIP-vhicle – he entered from the left, instead of the right side of the vehicle, which is one of the most cherished rules in protocol – the guest is always on the right. One may argue that it actually was

Putin's vehicle, but that in no way has impact on the standard protocol rule. The fourth observed mistake was at the laying flowers ceremony that contrary to the established rule, there was no signal from the trumpet at the beginning and the end of the ceremony.

All of them are simple rules, but also a "must have" elements in every activity, especially when it comes to high-ranking foreign officials.

**6. Israel humiliating the Turkish Ambassador**

January 12, 2010 is the day when through a protocol mistake an Israeli official made it public to the whole world, and especially the Arab portion of it, what is his opinion of Turkey. In the Israeli Ministry of Foreign Affairs, during a meeting between Israeli Deputy Minister of Foreign Affairs Danny Ayalon and Turkish Ambasador to Israel, Ahmet Oguz Celikkol, the two co-speakers were seated at places with obvious height differential.

Just a day later, on 13$^{th}$ of January, came an express apology by the Israeli side due to the fact that the ambassador was seated at a lower stool. Turkish ambassador and Turkish authorities expressed open outrage over the humiliation of their special representative. In a short ultimatum to Israel, sent just one day after the incident, official Ankara demanded apology for "Ayalon's humiliating behavior towards their ambassador". Headlines in Turkish newspapers reflect on this anger: newspaper "Vatan" had the headline "Scandalous", "Cumhuriyet" published article titled "Ties with Israel tarnished", "Sabah" had the article "Evil conspiracy", while pro-Islamic daily "Yeni Safak" wrote "Disrespectful and Immoral."

Later, the public affairs office of Israeli Prime Minister Benjamin Netanyahu, came out with an announcement, in which in one portion of it states that the "protest note handed to the Turkish Ambassador should have been handled in a conventional manner".

Ayalon himself came out with an announcement stating "it is not my style to disrespect ambassadors and in future I will demonstrate my positions in a **diplomatically acceptable manner**".

## 7. Examples of other protocol mistakes influencing (defense) diplomacy

List of diplomatic errors and mistakes which are presumably not made intentionally and with the purpose of sending a political message is truly long. Those directly involved in defense diplomacy and protocol know that every element and detail regarding protocol, can have repercussions over political developments. Therefore, simply put, mistakes in implementing protocol are intolerable.

Following are some presumably unintentional mistakes – Montenegro Prime Minister Igor Luksic congratulating Sweden its Statehood Day as part of which he is wishing Denmark success and prosperity; former US first lady Michelle Obama hugging English Queen Elizabeth the Second (protocol strictly prohibits any kind of physical contact with the Queen); inappropriate seating arrangement for the Presidents of Albania, Serbia, Croatia, and Montenegro at the plenary meeting hall in the Parliament of Republic of North Macedonia, during the inaugural ball for Republic of North Macedonia, President Gjorge Ivanov (Masalkovski, 2017). White suit of Macedonian VIP representative during commemoration for Polish President Lech Kaczynski… There is also the reception with the Pope in Vatican, and the entry of one of the personal bodyguards of the President of the Assembly of the Republic of North Macedonia with a weapon. Other such instances include losing of the pistol by a personal bodyguard of the Macedonian Government Minister, during a plane ride and putting the same by airport employees in the suitcase of a Macedonian news reporter. Losing the luggage of the head of the Macedonian Church during his visit to Rome, wrongfully putting the EU flag on the right side when that should be the place for the Macedonian flag (Закон за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија, 1997, 2008), wearing a red tie by Macedonian politicians during inaugural balls, and often showing up late by Macedonian politicians for official meetings are also just some of the many protocol mistakes.

Taken from diplomatic practice, one of the most common protocol mistakes made by the Macedonian state institutions is misplacing the flag of Macedonia and the one of the European Union. The list of examples is long, but I would like to point to some of them: Misplacing MK and EU flag in one of the formal rooms in the Assembly of the Republic of North Macedonia, same mistake in the press-centers in

the Macedonian Government, other institutions like the Ministry of Finance, of the Ministry of Agriculture… Yet, this specific protocol is clearly written in the Law for the usage of the coat of arms, the anthem and the flag which states: If the flag of the Republic of North Macedonia is right next to some other flag, it must be on the left side) from the position of looking directly into the flags). The one exception if when some high-ranking foreign dignitary is in an official visit of the Republic of North Macedonia.[69]

## V. CONCLUSION

Looking back at protocol mistakes and “mishaps”, it can be concluded that there is a very thin line between contemplating something as a political message on one and honest protocol mistake on the other side. People not directly involved in defense relations or protocol for that matter, can look at any of the above-mentioned examples any which way, which in self can lead to consequences similar to those in the Israeli-Turkish example. Protocol, Defense Diplomacy, and Security Affairs are very closely connected with one another. Therefore just one wrong detail in any of these three components can directly influence the remaining components of this equation.

Poorly organized protocol, regardless of whether intentionally or not, can lead to inefficient defense diplomacy, which in its self can directly influence the state security. In that context, all above mentioned mistakes, as well as the most recent ones, don’t reflect well on the readiness and professionalism of the Macedonian Protocol services and practitioners.

[69] Смиљанов, С. (2021). Улогата на протоколот и одбранбената дипломатија во остварувањето на безбедноста на Република Македонија. Докторска дисертација. Скопје: Филозофски факултет, стр.106 – 111.

## REFERENCED LITERATURE


Macedonian Society – Bitola (2018) The education at the crossroads – conditions, challenges, solutions and perspectives. Bitola: Macedonian Science Society

Verovic, M. (2010) Poslovnoodijevanje, Zagreb: Horizont-International.

Смиљанов, С., (2018) Воспоставување на единствен државен протокол на ниво на Република Македонија. Скопје: МБА Спец. Санде Смиљанов.

Смиљанов, С. (2021). Улогата на протоколот и одбранбената дипломатија во остварувањето на безбедноста на Република Македонија. Докторска дисертација. Скопје: Филозофски факултет.

http://hdl.handle.net/20.500.12188/13176, visited 15.06.2021

Закон за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија, (1997,2008) Скопје: Службен весник на Република Македонија бр. 32/97, 110/08.

Масалковски, И., (2017) Државен протокол – потреба од реформа на протоколарната служба во република Македонија, докторска дисертација. Битола: Факултет за информатички и комуникациски технологии, Универзитет „Св. Климент Охридски“.

Правило за воен протокол во Армијата на Република Македонија,(2012) Скопје: Армија на Република Македонија.

Академија за протокол на Македонија, (2011) Вашингтон, Скопје: Школа за протокол.

Mikolic, M., (1995) Diplomatski protocol. Zagreb: Mate.

Andric, M., (1996) Hrvatski vojni protocol, pravila I preporuke. Zagreb: Zrinski d.d Cakovec.

Mikolic M., (2002) Diplomatski I poslovni protocol. Zagreb: Barabat.

Veljic, Z., (2004)“Diplomatski protocol” In: Sluzbeni list SCG. Beograd: Diplomatskaakademija MSP SCG.

Мекефри М. Џ. Инис, П. (2009), Протокол: комплетен прирачник за дипломатска, официјална и општествена употреба. Скопје: Просветно дело.

Вуд Џ. Р. Серес, Џ. (2009), Дипломатски церемонијал и протокол. Скопје: Три, 2009.

Марковски Д., (2002) Дипломатија: организација и практика. Скопје: Кинематика.

Trajkovski, G. (1990) Diplomatski protocol. Beograd: Nova.

Veljic, Z. (2009) Diplomatski protocol. Beograd: Sluzbeni glasnik Srbija.

Трајковска, Д. „Санде Смиљанов, експерт од областа на протоколот: Нашите политичари почнаа да работат на својот имиџ“, Вечер. 9 август 2018

https://vecer.press/%D1%81%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B5-%D1%81%D0%BC%D0%B8%D1%99%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D0%B2-%D0%B5%D0%BA%D1%81%D0%BF%D0%B5%D1%80%D1%82-%D0%BE%D0%B4-%D0%BE%D0%B1%D0%BB%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF/ (acceseed on 31.01.2019)

Арсовска, Е., „Интервју: Како дипломатски да се каже да или не“, Вечер, 20 февруари 2015 година

https://vecer.mk/makedonija/kako-diplomatski-da-se-kazhe-da-ili-ne (visited on 23.03.2015)

„Владата го пречека Курц со погрешно знаме“, Точка, 07.09.2018 година

https://tocka.com.mk/vesti/280564/vladata-go-preceka-kurc-so-pogresno-zname(visited on 07.09.2018)

„Израел најавува протерување на турскиот амбасадор“, Дневник, 18 јануари 2010 година.

https://time.mk/arhiva/?d1=01&m1=01&y1=1991&d2=31&m2=12&y2=2012&all=0&dnevnik=1&fulltext=2&timeup=2&show=1&q=%D0%B8%D0%B7%D1%80%D0%B0%D0%B5%D0%BB%20%D0%BD%D0%B0%D1%98%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B5%D1%80%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%82%D1%83%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B8%D0%BE%D1%82%20%D0%B0%D0%BC%D0%B1%D0%B0%D1%81%D0%B0%D0%B4%D0%BE%D1%80&read=b66b0c95ad5f7df(visited on 21.02.2018)

„НОВ ГОЛЕМ ПРОПУСТ ВО ПРОТОКОЛОТ: Тачи покрај Путин и на Мировниот форум во Париз", Инфомакс: 11 ноември, 2018 година.

https://infomax.mk/wp/%D0%BD%D0%BE%D0%B2-%D0%B3%D0%BE%D0%BB%D0%B5%D0%BC-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%BF%D1%83%D1%81%D1%82-%D0%B2%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%BE%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D1%82-%D1%82%D0%B0%D1%87%D0%B8-%D0%BF/(acceeded on 05.02. 2019)

„Францускиот амбасадор ѝ се извини на Србија поради протоколот на седење во Париз", Ако.МК: 12.11.2018

https://ako.mk/%D1%84%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%86%D1%83%D1%81%D0%BA%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%B0%D0%BC%D0%B1%D0%B0%D1%81%D0%B0%D0%B4%D0%BE%D1%80-%D1%9D-%D1%81%D0%B5-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D1%81/(acceeded on 20.11.2018)

**Photographs of interest:**

1. https://pressingtv.mk/makedonija/znaminjata-bile-mnogu-slichni/, visited 09.02.2019

Zoran Zaev, prime minister of North Macedonia, and Sebastian Kurz, Austrian Cancellor, in front of the Macedonian government building, under the wrong guest flag.

2. https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=249024, visited 09.02.2019

At Skopje International Airport, US Secretary of Defense comes down from his plane only to be met by Macedonian Army professional soldiers sweeping the red carpet.

3. https://www.mkd.mk/svet/vesti/srbite-gnevni-za-toa-shto-tachi-sedeshe-vednash-zad-putin-vo-pariz, visited 09.02.2019

Seating arrangement of the Kosovo President during the Peace Forum

4.http://novilist.hr:8090/Sport/Nogomet/Svi-VIP-gosti-na-stadionu-Luznjiki-pokisnuli-do-gole-koze.-Osim-dakako-Putina, visited 09.02.2019

Putin, Macron and Grabar-Kitanovic at the closing ceremony of the Soccer World Cup

5.https://www.hotnews.ro/stiri-international-6811978-israelul-prezentat-scuzele-fata-turcia-dupa-ambasadorul-turc-fost-umilit-ministrul-externe-israelian.htm, visited 09.02.2019

Israeli Deputy Minister of Foreign Affairs Danny Ayalon, seating in a position higher then Turkish Ambasador to Israel, Ahmet Oguz Celikkol

УДК: 314.15-026.48:355(497)”2015”

**Љупчо Шошоловски, Методија Дојчиновски**

# МИГРАЦИСКИТЕ ТРЕНДОВИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА НА ЗЕМЈИТЕ ОД „БАЛКАНСКАТА РУТА“, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА ОД 2015 ГОДИНА

Љупчо Шошоловски, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје, ljupco.sosolovski@ugd.edu.mk

Методија Дојчиновски, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје, metodija.dojcinovski@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Миграцијата постои од почетокот на човештвото. Процес кој постојано еволуирал и се здобил со нови форми во согласност со човековите потреби. Процесите на миграција се спроведуваат истовремено и тие се зголемуваат во многу земји. Еден од долгорочните резултати на овој развој може биде појава на мултикултурни општества, склони кон нови концепти на државјанство или национална држава.

Во последните години, меѓународната миграција станува едно од приоритетните прашања на безбедносните агенди на многу држави, особено во Европа и Северна Америка. Перцепцијата за миграцијата како закана за безбедноста се развила заедно со брзото зголемување на бројот на мигранти ширум светот: додека во 2000 година имало околу 173,2 милиони лица кои живееле надвор од нивните земји на потекло, во 2010 година нивниот број се зголемил на 221 милион лица, а во 2020 година достигнува до 280,6 милиони лица (IOM, 2020).

Во трудот е даден осврт на мигрантската криза која предизвика најголем притисок на македонските граници во текот на 2015 година, на стратешките ризици кои произлегуваат од миграциските движења, анализа на бројот на илегалните мигранти кои транзитираат низ Република Македонија и влијанието кое можеме да го очекуваме врз безбедноста на Република Македонија доколку кризата повторно се интензивира со позасилено темпо.

**Клучни зборови:** мигранти, безбедност, ризик, закана, опасност

## 1. Вовед

Поимното одредување на миграцијата значително се разликува во однос на гранката на општествените науки што ја дефинира и според достапната литература најбројни се социолошките дефиниции за миграцијата. Зборот миграција потекнува од латинскиот збор „migration“, односно „migrates“ кој означува движење, на луѓето од едно на друго место со намера, трајно или привремено, населување на нова локација, итн. (Encyclopaedia Britannica*). Движењето може да биде на големи далечини од една во друга држава, а можно е и внатрешна миграција. Најважните причини поради кои се случува миграцијата можеме да ги сврстиме во природни, општествени и економски. Гладот, сиромаштијата, политичката нестабилност, војните, временските непогоди и климатските промени се едни од најважните причини кои ги забрзуваат процесите на миграција.

Во периодот од 2015 до 2017 година, стотици илјади бегалци и мигранти кои ги напуштиле своите домови, со цел да стигнат до земјите членки на Европската Унија, транзитираа низ Република Македонија (Annual report for 2018:9). Флуктуацијата на динамиката на мигрантската криза во текот на овој период ја тестираше подготвеноста на државата целосно да ги почитува гаранциите за основните човекови права од националното законодавство и обврските дефинирани во меѓународните договори и инструменти, а во исто

време, да се справи со невидениот прилив на бегалци и мигранти кои транзитираа по „Балканската рута“. Република Македонија остана земја на транзит, а не крајна дестинација за бегалците и мигрантите, за што сведочи малиот број на поднесени барања за азил или привремена заштита во државата споредено со бројот на бегалци и мигранти што поминуваат секојдневно .

Мигрантската криза предизвика најголем притисок на македонската граница во текот на 2015 година (Consolidated emergency report 2018:9). Неконтролираните бранови на мигранти кои во текот на летниот период достигнуваа од 5000 до 10000 лица на ден на јужната граница ја издигнаа потребата од активирање на системот на кризен менаџмент во Република Македонија. Во првата половина од 2015 година повеќе од 500.000 лица транзитираа низ територијата на Република Македонија, особено во периодот по донесување на Законот за азил на 18 јуни 2015 година. Преминувањето на повеќе од половина милион лица низ територијата на земјава неминовно влијаеше на зголемување на безбедносните ризици: не само илегалната миграција туку и криумчарење мигранти, користење на рутата за транспорт на лица со намера да извршат терористички напади на европско тло како и превоз на борци-повратници од боиштата во Сирија и Ирак („Во екот на мигранската,“ 2017).

## 2. Влијанието на миграцијата врз безбедноста

Двата најголеми безбедносни предизвика со кои се соочија институциите на кризниот менаџмент биле на 14 март и 10 април 2016 година во околината на Гевгелија кога групи од 2000 до 4000 мигранти помогнати од активисти на странски волонтерски организации се обиделе на насилен и организиран начин да ја преминат границата на Република Македонија со Република Грција, иако во согласност со одлуката на сите земји од

„Балканската рута“ и договорот Европска Унија и Турција[70], границите за влез на мигрантите биле затворени („ Во екот на мигрантската,“ 2017).

Со навремените информации обезбедени од разузнавачките агенции и благовременото информирање на кризниот менаџмент за придвижувањата кон македонската граница и намерите на мигрантите и нивните поттикнувачи со цел соодветен пристап во осуетување на плановите за повторно отворање на границата со Грција за неконтролиран влез на лица кои во тој случај би останале заглавени на македонска територија.

Бројките покажуваат дека повеќе од половината од безбедносно-индикативните 1.538 лица кои ги интервјуирале претставниците на Агенцијата за разузнавање, поточно 58 % од сите мигранти ја декларираат Германија како крајна дестинација. Помалку од три четвртини, поточно 71 % изјавиле дека ја напуштиле својата држава поради воената состојба и нарушената безбедност („Во екот на мигрантската“, 2017).

Пристигнувањето на голем број мигранти, особено од многу различни социјални или културни средини во средините кои ги примаат или низ кои транзитираат може да претставува сериозен предизвик за нивната социјална кохезија. Ова може да има практични импликации за државите по нивната безбедност.

## 2.1. Имиграцијата и општествената безбедност

Концептот на општествена безбедност, првенствено, се занимава со прашањето на колективен идентитет. Како што е објаснето од Оле Вавер (Waever,1993), општествената безбедност „се однесува на способноста на општеството да опстојува на својот суштински карактер под променливи услови и можни или реални закани“. Во корелација со меѓународната миграција, таа се однесува на начините на кои припадниците на една држава го доживуваат нивниот културен, јазичен, религиозен или национален идентитет

[70] Според UNHCR, Турција е домаќин на повеќе од 3,6 милиони сириски бегалци, како и околу 36.0000 бегалци и баратели на азил од други земји освен Сирија, главно, од Авганистан, Ирак и Иран.

да бидат загрозени од имигранти. Од оваа перспектива, националните вредности на земјата примател се референтниот објект под закана (Weiner 1992-1993:103). Миграцијата воопшто, без оглед дали е доброволна или присилна, легална или илегална, ја сочинува оваа закана, сѐ додека имигрантите претставуваат предизвик за идентитетот на државата примател преку нивниот различен јазик, култура или религија.

## 2.2. Имиграцијата и економската безбедност

Друг начин на кој се тврди дека имиграцијата претставува закана за националниот интерес на државата е преку нејзиното влијание врз економијата на државата. Имиграцијата има и ќе има значително економско влијание и врз земјата примач и врз земјата на потекло. Додека имиграцијата има економски предности и недостатоци, проширувањето на дефиницијата за безбедност за да го опфати економскиот сектор донесе зголемено внимание на економски предизвици предизвикани од имиграција, а како резултат на тоа имиграцијата е означена како безбедносно прашање. Економските мигранти, како и бегалците и барателите на азил се смета дека ја загрозуваат економската безбедност на една држава.

## 2.3. Имиграцијата и внатрешната безбедност

Покрај општествената и економската безбедност, внатрешната безбедност се појавува како аспект на безбедноста на која и се заканува имиграцијата. Поимот имиграција како закана на внатрешната безбедност е присутен уште од 80-тите години на минатиот век (Hysmans 2000:756). Како што е нагласено од Хајсманс, Шенгенскиот договор и Конвенцијата од Даблин, ја поврзуваат имиграцијата со тероризам, меѓународен криминал и гранична контрола (Hysmans 2000:756; Hysmans 1995:53). Од терористичките напади на 11 септември 2001 година, имиграцијата се најде високо на агендата во борбата против тероризмот. Владите ги зајакнаа имиграциските политики, поврзувајќи ја имиграцијата со терористички активности (Spencer 2008:1).

## 2.4. Имиграцијата и јавната безбедност

Слично на тоа како имиграцијата е поврзана со тероризмот, имиграцијата, исто така, е поврзана со зголемениот криминалитет, што резултира во перцепцијата дека имиграцијата е закана за јавната безбедност. Прашањето дали или не имиграцијата, всушност, резултира во зголемената стапка на криминал повторно е прашање на перцепција наспроти реалност. Додека јавноста сè повеќе се загрижува за високите стапки на криминал интензивирани со имиграцијата и заканата што мигрантите ја претставуваат за јавниот ред, овие загрижености емпириски се неосновани (Wang 2012:743). Наспроти ова доминатно мислење, неколку релевантни студии за голем број на држави не нашле силна корелација помеѓу имиграцијата и криминалитетот.

# 3. Главните стратешки ризици што произлегуваат од миграциските текови по земјите од Западен Балкан

Балканот е како голема чекалница - за членство во Европската Унија, но и за влез на мигранти во Европа. Во иднина постои опасност, иако балканските земји не сакаат да станат огромни бегалски кампови, да се случи под притисок на Европската Унија, како и затворање на границите за влез на мигранти, голем број од нив да се затекнат на територијата на балканските земји особено во Република Македонија и Србија. Поради кревкиот мир и слабата економија постојат неколку стратешки ризици кои треба да се имаат предвид. Тоа се следните:

1. *Нерамнотежа на постојниот пазар на труд*

Масовната имиграција (легална или нелегална) на лица на работоспособна возраст произведува значителни промени во структурата на населението, што генерира нерамнотежа во домашнот пазар на труд и има последици врз економскиот развој на земјата. Клучен елемент за транзитните земји е времетраењето на престојот на мигрантите на нивната територија за време на нивното патување до земјата која е крајна дестинација. Во овој поглед,

многу примери укажуваат дека многу имигранти чекаат  вистинско време да влезат на територијата или целната земја. Ова чекање може да трае со недели и месеци  па до неколку години. Во меѓувреме тие се обидуваат да најдат привремена работа за да заработат за живеење и/или да продолжат со своето патување. Поради положбата која ја имаат (во повеќето случаи, како илегален мигрант), работното место кое го наоѓаат на пазарот на труд е илегално и припаѓа на подземната економија. Организираните групи, кои криумчарат мигранти, постојано го пополнуваат „црниот пазар на труд“ во целната земја, при што се создава нелегална конкуренција помеѓу постарите имигранти и оние ново пристигнати.

2. *Развој и диверзификација на организираниот криминал*

Прекуграничниот организиран криминал не се одвива на изолиран начин. Еднаш создадени, мрежите што се занимаваат со криумчарење на мигранти брзо ќе се диверзифицираат  и ќе соработуваат со криминалните организации кои веќе постојат во други криминални области, како што се нелегален сообраќај на лица, дрога, оружје, украдени автомобили па дури и тероризам.

Соработката меѓу овие организации има предности за сите страни, бидејќи секоја страна може да има корист од „специјализирани“ услуги обезбедени од бизнис-партнерите.

3. *Зголемена корупција меѓу јавните службеници*

Криумчарењето на мигранти оди рака под рака со корупцијата. Бројните фази на криумчарење создаваат бесконечна корупција и „можности“ меѓу јавните службеници од различни структури на државните органи. Така, парите периодично исплатувани од криминалните организации за одредени јавни службеници е сигурен начин за поткопување на напорите на целиот систем на спроведување на Законот во борбата против нелегалната миграција.

Корупцијата и криумчарењето на мигранти имаат деструктивни ефекти кои ја загрозуваат ефикасноста на целиот систем и претставуваат закана за општеството.

4. *Економска нерамнотежа предизвикана од растот на активности на перење пари кои се добиваат од криумчарењето со мигранти*

Поради тоа што криумчарењето на мигранти е финансиски доста профитабилен бизнис, поради „црниот пазар на труд“ кој го одредува брзото појавување софистицирани форми на перење пари во и вон таа земја, што води до поткопување на финансиските и условите на трговскиот пазар и предизвикуваат економска нерамнотежа.

5. *Нерамнотежа на економските инвестиции*

Деструктивните ефекти на илегалната миграција може да се случуваат кумулативно. На пример, во земјите каде криумчарењето мигранти доведува до специфични активности на перење пари и корупција во јавниот сектор, довербата во економскиот систем се намалува и големите меѓународни компании го намалуваат обемот на инвестиции, го стопираат или пренесуваат во други земји.

6. *Демографска нерамнотежа*

Миграцијата за кратко време може да создаде масовен прилив на имигранти и да доведе до зголемување на популацијата што создава зголемена потрошувачка и криза. Властите се немоќни да ги одржат условите за живот од порано (соодветни пазари за снабдување со голема потрошувачка, обезбедување на домување, услуги, итн.) што создава непријателска реакција од локалната популација (ултранационалистички, ксенофобични и расни манифестации).

## 4. Миграциските трендови во Република Македонија во период од 2010 до 2018 година

Земјите од Западен Балкан од мај 2015 година беа во првите редови на меѓународната мигрантска криза. На овој дел од таканаречената „Балканска рута за миграција“, раселените лица најчесто пристигаа од Сирија, Ирак и Авганистан, бегајќи од војна или политичко гонење. Европската Унија зеде големо учество во ублажувањето на товарот на овој прилив, преку материјална

помош и експертиза, но најголемиот товар падна на Република Македонија и Република Србија како последни брани/бариери пред Шенген зоната. Географски сместена во централниот дел на Балканскот Полуостров во изминатата деценија стана неизбежна рута за мигрантите[71] кои транзитираа низ нашата земја, чија крајна дестинација е Западна Европа или скандинавските земји.

Рутата стана популарен премин кон Евопската Унија во 2012 година, кога беа ублажени визните ограничувања на Шенген зоната за балканските земји. Една од причините за порастот беше илегалната миграција од државјаните на регионот кои бараат економски можности, особено од Косово, кои подоцна се приклучуваа на маршот на Сиријците и Сомалијците кон Европската Унија.

Војната во Сирија произведе милиони раселени лица и бегалци кои бараат засолниште во соседните земји. Недостатокот на разрешница на војната и недостатокот на перспектива за бегалците во Турција доведе до нивно масовно движење во 2015 година. Приливот на бегалци кон грчките острови бележи постојан пораст од 2014 година, но експлодираше летото 2015 година. Копнената рута кон Европа преку Бугарија до тогаш веќе беше запечатена со изградбата на ѕид и употребата на огромна сила за контрола на копнената граница со Турција. Источно-медитеранската рута (слика бр. 1) преку Егејското Море стана син коридор со чамци преку кој секојдневноноселе илјадници бегалци во Грција. Од островите, бегалците се преместувале на копното и понатаму во Република Македонија преку Србија до Унгарија, односно во Шенген зоната. Проценките се дека во текот на 2015 година над еден милион луѓе стигнале во Европа (Clayton  and Holland: 2015).

[71] „Се користат двата термина - бегалци и мигранти, поради неусогласеноста на термините помеѓу експертската јавност и суштинската неможност за употреба на еден термин: бегалци, бидејќи го напуштиле својот дом со цел да побараат заштита што не им ја обезбедила матичната држава и мигранти поради нерегулираниот правен статус на територијата на Република  Македонија, односно отсуство на статус на признаен бегалец во формално-правна смисла“ (Годишен извештај за 2018 г.-Правата на бегалците, мигрантите и барателите на азил во Република Македонија, 7).




Слика бр. 1. - Карта на Источно-медитеранската и Балканската рута, на вратата од Европа (Извор: Fridrich Ebert Foundation, Zagreb, 2016)

Табела бр.1. - Движење на бројот на мигранти по години во период од 2010 до 2017 година (Извор: Министерство за внатрешни работи. Табелата е приспособена за потребите на трудот)

| Година | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Илегални мигранти | 1.103 | 469 | 682 | 1.132 | 1.750 | 398.552* | 127.358* | 4.129 |
| албански државјани | 892 | 216 | 328 | 400 | 624 | 347 | 374 | 252 |
| авганистански државјани | 16 | 57 | 65 | 134 | 291 | 95.782 | 35.079 | 963 |
| сириjски државјани | / | / | / | 116 | 570 | 216.393 | 49.633 | 476 |
| пакистански државјани | / | 23 | 88 | 73 | 21 | 5.751 | 4.143 | 1.033 |

*Во податокот е содржан и бројот на издадени потврди за време на мигрантската криза

Од табелата бр. 1 јасно се воочува дека Република Македонија, како и другите земји од Југоисточна Европа низ кои поминува „Балканската рута" која е продолжение на „Источно-медитеранската рута" се соочија со силен притисок на мигранската криза која се јави како резултат на кризата во Сирија, економските последици од долгогодишното војување во Авганистан, Пакистан и други африкански земји. Од достапните податоци особено се карактеристични 2015 и 2016 година кога целокупниот систем беше ставен во функција на справување со кризата. Со прогласување на кризна состојба на јужната и северната граница, покрај, полициски сили се овозможи и ангажирање на соодветни армиски сили.

Во текот на 2018 година, границите на европските земји останаа затворени во согласност со постигнатиот договор меѓу Европската Унија и Турција од март 2016 година.

По официјалното затворање на „Балканската рута", нелегалното преминување на границата и криумчарењето на мигранти станаа распространет начин преку кој бегалците и мигрантите продолжија да ја следат својата намера - обидувајќи се да стигнат до западно-европските земји на крајно тежок начин.

Соочени со бројни предизвици, некои успеваат во својата цел, додека, пак, други прават повеќе неуспешни обиди да ги преминат затворените граници.

Во споредба со 2017 2018 година се карактеризира со зголемен прилив на илегални мигранти и бегалци кои се обидуваат да стигнат до посакуваната дестинација преку илегално преминување на границата и преку шверцерските патишта.

Во текот на 2018 година, Граничната полиција и Армијата спречиле 14.943 обиди за илегално преминување на границата на Република Македонија со Грција и 1.661 на границата со Република Србија.

Графикон бр. 1. - Спречени обиди за илегални преминувања во 2017 и 2018 година (Извор: Министерство за внатрешни работи на РМ).




Мигрантите и бегалците кои одат по илегалните патишта или ги користат услугите на шверцерските групи не добиваат никаков вид на третман и остануваат сами, односно единствената заштита ја добиваат од невладините организации кои работат на терен. Она што е забележително во статистичките податоци објавени од Министерството за внатрешни работи е дека 1.661

мигрант се спречени на нашата граница со Република Србија. Недостатасуваат информации дали овие мигранти се присилно или доброволно враќани од Србија или станува збор за мигранти кои дошле од Србија и за прв пат се упатиле кон југ.

Од страна на Хелсиншкиот комитет забележани се неколку трендови во движењето на бегалците и мигрантите кои биле пронајдени на територијата на Република Македонија. Првиот случај вклучува групи или лица кои се враќаат од Србија или доброволно или присилно. Лицата кои се враќаат по своја волја се оние лица кои не гледаат можност за продолжување на нивното патување до крајната дестинација, но се фатени во безизлезна ситуација. Овие лица имаат две опции. Една од опциите кои им останува на овие лица е да се вратат назад во Грција, каде е полесно да стапат во контакт со групите кои криумчарат мигранти и на овој начин да го продолжат патувањето кон западните земји каде имаат некој член од потесното семејство или можат да се стекнат со средства за преживување. Другата опција, иако во ретки случаи, се мигрантите или бегалците кои изгубиле секаква надеж или желба и сакаат да се вратат во нивната земја на потекло.

Табела бр. 2. - Спречени илегални мигранти според земјата на потекло во 2017 и 2018 година (Извор: Министерство за внатрешни работи).

| **Топ 10 спречени илегални мигранти според земја на потекло** | | | |
|---|---|---|---|
| | 2017 година | **2018 година** | намалување/зголемување % |
| **Авганистан** | 963 | **2.625** | зголемување за 2,7 пати |
| **Пакистан** | 1.033 | **4.970** | зголемување за 4,8 пати |
| **Ирак** | 250 | **959** | зголемување за 3,8 пати |
| **Иран** | 194 | **4.914** | повеќекратно зголемување |
| **Сирија** | 476 | **582** | 22,3 |
| **Алжир** | 311 | **296** | -4,8 |
| **Мароко** | 59 | **143** | зголемување за 2,4 пати |
| **Либија** | 133 | **714** | повеќекратно зголемување |
| **Бангладеш** | 70 | **190** | зголемување за 2,7 пати |
| **Индија** | 31 | **717** | повеќекратно зголемување |

Во текот на 2018 година во редовите на бегалците и мигрантите што транзитирале низ државата се среќавале најчесто мажи, а во помал број жени и деца. Од ранливите групи најзастапени биле непридружувани малолетници, а во помал број бремени жени и деца. Стари лица и лица со попреченост, за разлика од претходните години на бегалската криза речиси и да немало (Annual report for 2018, Helsinki Committee). Според табела бр.2, евидентно е

неколкукратно зголемување на бројот на мигранти во 2018 во споредба со 2017 година. Најголемо зголемување на илегални мигранти има од Иран дури 25 пати, од Индија 23 пати и од Либија за околу 5 пати. Благо намалување за 4,8 % има, единствено, на мигранти по потекло од Алжир.

Графикон бр. 2. - Спречени илегални мигранти според земјата на потекло (Извор: Министерство за внатрешни работи).




Според земјата на потекло, во различни периоди од годината се спречени мигранти од повеќе земји и тоа: Пакистан, Иран и Авганистан како најзастапени, а во поретки случаи се среќаваат бегалци и мигранти со потекло од Сирија, Ирак, Мароко, Алжир, Индија. Бангладеш и Либија (графикон бр. 2).

## Заклучок

И покрај постојниот залог за хумано постапување и почитување на човековите права и слободи, прашањето на миграцијата денес во Европа, а со тоа и во Западен Балкан, се гледа, првенствено, како **безбедносен проблем**. Загрижени за големиот број на мигранти кои влегуваат илегално, фрустрирани од неефикасната борба против шверцерите, плашејќи се дека земјите на Европската Унија ќе ги запечатат границите, оставајќи илјадници несакани мигранти, заглавени на нивните територии и стравувајќи од ограничените ресурси, земјите од Западен Балкан со голема веројатност ќе ја намалат нивната толеранција за транзит на мигранти. Во исто време, владите во регионот се наоѓаат под притисок да ги зголемат стандардите за регистрација, прием и сместување на мигранти, вклучително и подигање на стандарди за постапки за азил и механизми за заштита што треба да им се доделат на ранливите категории. Приливот на мигранти се додава и на така слабите институционални структури, кревкиот мир и ограничените ресурси во регионот. На Западен Балкан, ќе му биде неопходна поддршката на Европската Унија во однос на техничка помош, финансиски грантови и хуманитарна помош.

Неоспорно е дека миграцијата претставува голем предизвик не само за земјите приматели туку и за земјите низ кои транзитираат мигрантите. И покрај тоа што мигрантско-бегалската криза е сложено политичко прашање со кое се соочуваат не само балканските земји, туку и целиот свет, тоа што и преостанува на државата е да продолжи да ги гради своите капацитети за непречено гарантирање и уживање на основните човекови права и слободи на сите луѓе на нејзината територија, без оглед од каде доаѓаат и каде одат. Особено е важно да се напушти практиката на нелегално, групно „депортирање“ на бегалци и мигранти кон соседните земји без воспоставена прекугранична соработка со безбедносните служби.

Самитот во Трст од 2017 година го истакнува „континенталниот предизвик“ на миграцискиот став, повикувајќи на ефективен одговор, „воден од принципите на солидарност, партнерство и споделена одговорност“.

Декларацијата на Самитот на Европската Унија за Западен Балкан во Трст, Италија ги дава насоките во областите во кои треба да се насочи соработката и заедничките напори, како што се зајакнување на управувањето со границите, спречување на илегалната миграција, борбата против мрежите на организиран криминал и трговците со луѓе. Исто така, ја истакнува важноста од почитување на човековите права и доделување на меѓународна заштита на квалификуваните мигранти, „во целосна согласност со меѓународните обврски" (Trieste Western Balkans Summit 2017: Declaration by the Italian Chair).

## Библиографија


Агенција за разузнавање на Република Македонија. „Во екот на мигрантската и бегалска криза". Пристапено на 6.2.2021 година. https://www.ia.gov.mk/ekot.html

Annual report for 2018. The rights of refugees, migrants and asylum seekers in the Republic of Macedonia. Helsinki Committee for Human Rights of the Republic of Macedonia. Skopje, 2018.

Clayton, J. and Holland, H. (2015). Over one million sea arrivals reach Europe in 2015. UNHCR, 30 December https://www.unhcr.org/afr/news/latest/2015/12/5683d0b56/million-sea-arrivals-reach-europe-2015.html

Consolidated emergency report 2018. Refugee and migrant crises in Europe. United Nations Children's Fund (UNICEF). March 2019.

Encyclopaedia Britannica. Пристапено на 28.1.2021 година. https://www.britannica.com/topic/human-migration

Годишен извештај за 2018 - Правата на бегалците, мигрантите и барателите на азил во Република Македонија, стр.7. Пристапено на 5.2.2021 година. https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/07/Help-On-Route-MK-2018-final.pdf

Huysmans, J. 1995. „Migrants as a Security Problem: Dangers of ‘Securitizing’ Societal Issues“. In: Miles, R. and D. Thranhardt, eds. Migration and European Integration: The Dynamics of Inclusion and Exclusion. London: Pinter Publishers, pp.53-72.

Huysmans, J. 2000. *„The European Union and the Securitization of Migration“.* Journal of Common Market Studies 39(5), pp.751-777.

International organization for migration. Пристапено на 08.02.2021 година. https://migrationdataportal.org/?i=stock_abs_&t=2020

Министерство за внатрешни работи на Република Македонија. *Гранични премини. Збирна анализа за вкупниот криминалитет по области и сектори споредбено 2017 и 2018 година во Република Македонија.* Пристапено на 1.2.2021 година. https://mvr.gov.mk/granichni-premini

Spencer, A. 2008. *„Linking Immigrants and Terrorists: The Use of Immigration as an Anti-Terror Policy“.* The Online Journal of Peace and Conflict Resolution 8(1), pp.1-24.

Trieste Western Balkans Summit 2017: *Declaration by the Italian Chair.* Пристапено на 1.2.2021 година. https://europeanwesternbalkans.com/2017/07/13/declaration-western-balkan-summit-trieste/

Waever, O. 1993. *„Societal Security: The Concept“.* In: Waever, O., B. Buzan, M. Kelstrup and P. Lemaitre, eds. Identity, Migration and the New Security Agenda in Europe. London: Pinter Publishers, pp.17-40.

Wang, X. 2012. *„Undocumented Immigrants as Perceived Criminal Threat: A Test of the Minority Threat Perspective“.* Criminology 50(3), pp.743-776.

Weiner, M. 1992-1993. *„Security, Stability, and International Migration“.* International Security 17(3), pp.91-126.

# Aspects of migration trends and their impact on the security of the „Balkan route“countries

**Abstract:** Migration has existed since the beginning of humanity. A process that has constantly evolved and acquired new forms in accordance with human needs. Migration processes are taking place simultaneously and they are increasing in many countries. One of the long-term results of this development may be the emergence of multicultural societies, prone to new concepts of citizenship or nation-state.

In recent years, international migration has become one of the priority issues on the security agendas of many countries, especially in Europe and North America. The perception of migration as a security threat has developed along with the rapid increase in the number of migrants worldwide: while in 2000 there were about 173.2 million people living outside their countries of origin in 2010 their number increased to 221 million, and in 2020 it will reach 280.6 million people (IOM, 2020).

The paper reviews the migrant crisis that caused the greatest pressure on the Macedonian borders during 2015, the strategic risks arising from migration movements, analysis of the number of illegal migrants transiting through the Republic of Northern Macedonia and the impact we can expect on the security of the Republic of Northern Macedonia if the crisis intensifies again at an intensified pace.

**Keywords:** migrants, security, risk, threat, danger

УДК: 351.74.076(497.7)

Младен Трајков, Деан Николов

# ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ НА ПОЗОРНАТА СЛУЖБА – НЕЈЗИНА ПРИМЕНА

М-р Младен Трајков, Министерство за внатрешни работи, Центар за обука, пензиониран виш полициски советник - обучувач, mladen.trajkov@gmail.com

Деан Николов, главен советник во Одделението за прекршоци - Велес, Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, nikolovdean@gmail.com

**Апстракт**

Во содржините на трудот се дадени практични аспекти за успешно спроведување на позорната служба на теренот, особено е наменета за полициските службеници кои сега или пред некоја година ја започнале својата полициска кариера и треба да се соочат со предизвикот позорен реон или променетата терминологија (позорен - патролен терен). Преку нудењето на десетина практични примери за воспоставување на прв контакт со граѓани, на што треба да се посвети посебно внимание и слично, им се дава можност и самите да изберат на кој начин би била воспоставена неопходната комуникација со граѓанинот. Од друга страна, ваквиот пристап е преземен од причина што поновите генерации го изгубија процесот на воведување во работа на терен со заминувањето на голем број полицајци од терен во пензија, долготрајниот прекин на вршењето на полициската работа и, особено, скратениот обем на обука на сегашните и идните полициски службеници. Преку понуденото поимно определување и опишување на претставените

активности на младите полициски службеници им се нуди можност поуспешно да навлезат во тајните на полициското работење на позорниот реон.

**Клучни зборови:** практични аспекти**,** позорникар, позорен реон, вршење служба,

## PRACTICAL ASPECTS OF THE PATROL SERVICES AND ITS IMPLEMENTATION

Mladen Trajkov, training center, retired police advisor - trainer
mladen.trajkov@gmail.com
Dean Nikolov, main advisor in the department of offence in the Ministry of Internal Affairs of the Republic of North Macedonia nikolovdean77@gmail.com

**Abstract**

This research contains practical aspects for successful work of the patrol service. It is intended for police officers that have just started their career and have to face the challenge of the patrol region. There are about ten practical examples when it comes to the first contact with the citizens, which is crucial and needs special attention, and they are offered a possibility to choose their own way of communication. On the other way, this approach is important because young generations do not have that process of introducing the job out in the streets, as many police officers retired and because of the short training they get, especially the present and future police officers. This way they are offered a possibility to obtain the secrets of this job - in the patrol region - with more details and in a more successful way.

**Key words**: practical aspects, police officers, patrol, patrol region, service.

**Вовед**

Позорната служба како еден од аспектите на секторското работење има директно влијание врз односите граѓани - полиција што според нашето скромно

мислење треба секојдневно да се практикува, развива и надградува. Причина повеќе е стекнувањето на доверба од страна на граѓаните кон нивните полицајци и обратно, а ефектите од стекнатата доверба се несебичното споделување на безбедносните проблеми, особено на информациите од теренот кои на друг начин е многу тешко или невозможно да бидат обезбедени. Позорникарот или граѓански кажано реонскиот полицаец е темелот на комуникацијата со граѓаните а од неговото знаење, вештина, неговите способности за комуникација, хуманост и многу други позитивни карактеристики кои ги поседува зависи чувството и односот на граѓаните кон полицијата. Клучно, за стекнување на позитивно мислење на граѓаните кон полицијата е позитивниот лик на полицаецот кој уредно ја носи униформата, коректно се однесува кон секого, подеднакво се грижи за сите граѓани: млади, возрасни, мажи или жени, притоа, елиминирајќи ги сите предрасуди од разни области и почитувајќи ги принципите на бонтонот или убавото однесување. За да успее во својата мисија на позорниот реон, активностите треба да бидат насочени кон работењето и целокупното внимание да биде насочено да им служи на граѓаните и во секој момент да придонесува за зголемување на, личната и колективната безбедност, , на имотот или животот. Трудот е конципиран на следниов начин. Во *првиот дел* се дадени општите карактеристики за позорниот реон и позорната служба, како и активностите, со цел да им помогне на младите полициски службеници, затоа што сега, во моментов, не постојат искусни полициски службеници кои може да ги ***воведат во полициското работење*** [*воведувањето во работа е службена активност која се спроведува кај секој новопримен работник и работник кој е распореден на друго работно место, со цел воведување во задачите, начинот или методологијата на работењето и сите други активности кои се предвидени за тоа работно место. Оваа активност ја спроведува искусен работник кој работи на тоа работно место или одреден старешина или раководител од полициската станица. За одредени работни места оваа активност се спроведува и до еден месец* (Трајков 2017, 53)] на терен. Во *вториот дел* насловен како *Практична примена (практицирање) на позорната активност*,

преку практични искуства и голем број на поими им се дава помош на помладите колеги, како успешно да се впуштат во вршењето на позорната служба од причина што, денешните полициски службеници не комуницираат со граѓаните па дури и кога некој граѓанин ќе се обиде да оствари комуникација, тие настојуваат тоа да биде на дистанца, со многу кратки одговори, од позиција на сила и како да им сметаат во трошењето на времето на реонот, а да не е поминато во некој угостителски објект или како да им е страв да не ги прашаат нешто а тие не знаат да одговорат, (лични забележувања и контакти на авторите). Во *третиот дел* се претставени работните системи многу кратко дополнети со малку совети. Во продолжение во *четвртиот дел* се дадени соодветни препораки, а потоа во *петтиот дел* е заклучокот и на крајот користена литература.

Во однос на методологијата што е користена во трудот опфатени се два општи метода: **дескриптивниот** и **каузалниот** (Мојаноски 2012, 387-388). Дескриптивниот метод служи за опишување на безбедносните појави, практичните аспекти од полициското работење на позорниот реон и пружањето помош на младите полициски службеници. Каузалниот метод служи за објаснување на причините и последиците, пред сè, заради долгото нефункционирање на позорната служба, пензионирање на голем број полициски службеници, непренесеното искуство на помладите генерации заради немањето можност на позорникарско работење со сите свои добри и лоши страни и сегашните почетоци кои наликуваат како на периодот после Втората светска војна, во своите почетоци (повеќе за ова може да се најде кај Трајков 2017, 243-249).

## 1. Општо за позорната служба

Развојот на позорната служба во Република Северна Македонија влече корени уште од постоењето на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ), што може да се оцени како добро, бидејќи, за сите овие години, уште од своите почетоци тој бележел континуиран развој и надградување. Сепак, за да продолжиме на почетокот би го дефинирале **позорниот реон [позорниот**

**реон** е најмалиот дел од станичното подрачје на кој се спроведува позорната активност, истиот најчесто се протега во границите на една месна заедница или денес урбана заедница, ја опфаќа територијата, објектите, инфраструктурата и населението, во зависност од територијата, проблемите и другите фактори кои го определуваат секторското работење, (Ангелески 2005, 315)**]**. На позорниот реон работат **позорникари-полициски службеници** [**полицаец позорникар** е службено лице на Полицијата кое извршува оперативно-превентивни задачи од службата за јавна безбедност на позорниот реон во урбани средини. Со планско движење на позорниот реон, позорникарот набљудува, следи и воочува во масата од луѓе (кои се движат по улиците) и на одредени објекти поединости и промени во однесувањето на луѓето, со што открива нарушување на јавниот ред и мир, обиди или извршување на кривични дела, врши проверки или собира податоци за безбедносни појави, случувања и сомнителни лица, пронаоѓа лица за кои се распишани потерници, спроведува легитимирање на сомнителни лица, интервенира по барање на граѓаните и вработените луѓе и слично (Ѓорѓевиќ 1986, 292), (Трајков 2017, 53)]. На позорниот реон позорникарите спроведуваат **позорна активност [позорна активност** претставува збир на превентивни и по потреба репресивни задачи на полицијата при вршење на непосредна заштита на безбедноста на граѓаните, истата најчесто се извршува (пешки) во униформа од униформирани полициски службеници во градовите, поголемите населени места, индустриските и сообраќајните центри, туристичките и други места (Милетиќ 2001, 60), (Трајков 2017, 52)**]**. Позорната активност се спроведува врз основа на **територијалниот принцип [територијалниот принцип** значи, борба против криминалитетот на одредена територија – подрачје, право кое произлегува од суштината на суверенитетот, кое е формално утврдено, некогаш непосредно а некогаш посредно, со самиот Устав, најчесто, конкретно со Законот за внатрешни работи (Законот за полиција) и други нормативни прописи (во Република Северна Македонија и со Законот за територијалната организација. (Матијевиќ 2002, 63), (Кривокапиќ/Крстиќ, 1999, 331), (Ангелески 2007, 90).**]** а потоа би продолжиле понатаму.

## 2. Практична примена (практицирање) на позорната активност

Не навлегувајќи во детали за тоа на кои начини и заради кои причини се определува позорниот реон, ние ќе се задржиме на практичното работење. Работењето на позорниот реон започнува пред започнувањето на смената во делот на примањето на задачите од: дежурниот работник во Полициската станица, раководителот на смена, водичот на безбедносниот сектор или од некој друг старешина во станицата, помошникот на командирот, заменикот на командирот и од самиот командир. После приемот на конкретните задачи и определени значајни информации за случени настани во периодот од последното работење на смена на полицајците кои доаѓаат на смена или station наназад информации приближно за 24 часа. За излегување на терен неопходно е старешина од Полициската станица да изврши преглед или смотра (повеќе види кај Трајков 2017, 55) на полицајците кои треба да излезат на терен во однос на: личната уредност – избричен, потшишан; уредно носење на униформата: чиста униформа, испеглана, еднообразна и комплетна, темни чорапи (црни или тегет); соодветни службени обувки на нозете; во однос на опремата: лично оружје и муниција, средства за врзување, гумена палка, **полициски бележник (**нотес – тефтерче во коешто полицискиот службеник ги бележи сите потребни информации за време на смената кое има реден број и задолжително се чува подолг временски период (Трајков 2017, 54); доколку во бележникот нема посебен образец се подготвува *дневен план за работа*, пенкало за пишување (обично се носат две пенкала за да не престани едно во текот на интервенцијата); записници за констатиран прекршок, рачна радиостаница, батериска ламба и по потреба други средства (Трајков 2017, 55). Откако е констатирано дека сѐ е во ред, дежурниот или другиот старешина, кој ја вршел смотрата, ги ослободува полицајците да се упатат на позорните реони и да пристапат кон извршување на планираните задачи. Полицаецот е должен да се смени со претходниот колега на *точно определен простор* од позорниот реон и да биде информиран за одредени состојби кои ги забележал неговиот колега од претходната смена. Овде даваме едно мало упатување за позорникарот (разликата помеѓу обичниот граѓанин и полицискиот службеник е во интересот

и моќта на забележување на безбедносните проблеми), не треба само со дигната глава да се поминува низ подрачјето туку треба да се забележуваат: оставени возила на паркинг простори или на улици кои го попречуваат нормалното движење на граѓаните или одвивањето на сообраќајот, движењето на граѓаните при што се забележуваат лица кои се безбедносно интересни: криминалци, сомнителни лица, лица со несекојдневно однесување кое отскокнува од вообичаеното однесување, собирање на граѓани на одреден простор, слушање во непосредната околина каде се движи во однос на барања за помош или невообичаени расправии, викање, пукање со оружје и слично. Во кратки црти, тоа значи дека полицаецот мора максимално да ги вклучи сите сетила и тоа: одлично да гледа, слуша, забележува и чувствува несекојдневни и необични миризби кои се шират во околината (од запалени ѓубришта, контејнери, возила, станови, деловни објекти, починати лица и др.). Зошто е ова значајно, паркираните возила кои подолго стојат на исто место (видливо од издишаните или извадените гуми, скршени прозорци, насобрано ѓубре на нив, под нив и во нив) предизвикуваат соодветно сомневање или **индиции [индиции** - основи за сомневање се факти кои укажуваат на постоење на кривично дело и на поблиска или подалечна поврзаност помеѓу тоа дело и некое лице. Врз основа на тие факти, со помала или поголема веројатност може да се заклучи дека кривичното дело постои или дека не е сторено, дека одредено лице е сторител или соучесник и дека постојат други важни факти за кривичниот предмет, (Водинелиќ 1984,188), **индиција** (лат. indicia) значи: знак, предзнак, симптом, основа за сомневање, околност која предизвикува сомневање (Кривокапиќ/Крстиќ, 1999,139). Во однос на значењето на индициите прочитај повеќе (кај Трајков, Маневска, Нацевски, 2016, 152-161)**],** дека: возилото не е регистрирано, или е украдено и тука оставено, има постоење за некој царински престап или го подготвуваат во него да се кријат криминалци, бездомници или да кријат предмети и слично.

Слика бр. 1. Реални состојби на терен - оставени возила повеќе од една година на јавни места дури и со странски регистарски ознаки



(Фотографиите се направени од авторот во Општина Аеродром, Скопје)

Во однос на сомнителните лица, постојат повеќе начини на кои одредени лица стануваат сомнителни: преку нивното однесување – одење од едно до друго возило и разгледување дали внатре има оставено некои предмети (можна подготовка за извршување кражба од возило или одземање на возило), во однос на однесување и задржување на одреден простор било да е пешки или седење во возило предизвикува сомневање дека (лицето некого чека, набљудува некој простор, стан или деловен субјект, за да може подоцна да изврши некое кривично дело). Од хумана страна, пак, ваквото сомнително однесување би можело да значи дека со граѓанинот нешто не е во ред со здравјето, можеби возилото му е расипано па чека шлеп служба или мајстор да го поправи и слично и на крајот можеби лицето се изгубило и не знае каде да оди. Од друга страна, сомнителното однесување е очигледно и кај лица за кои полицаецот знае дека се сиромашни и одвај крпат крај со крај за да преживеат а едно од децата вози релативно ново возило (предизвикува сомневање дека возилото е украдено, земено на услуга, лицето можеби се занимава со некоја недозволена активност или нешто друго). Лице со кое треба да се разминеме а го одбегнува нашиот поглед, нашата средба, се крие зад некој објект, нагло свртува настрана што, секако, е сомнително однесување за кое би рекле дека станува збор за лице кое бега или се крие од полицијата. Сомнително однесување е и она кога за одредени лица знаеме дека немаат пари а многу често се седнати во кафулиња

и ресторани каде се расфрлаат со пари (сомневање дека парите незаконски се стекнати или, пак, лицата добиле некое наследство што е помалку можно). Секако дека полициското однесување на теренот на позорниот реон е конципирано според тоа во кој период од денот се извршува и дали е тоа дење или ноќе. **Преку ден** вообичаено е полицаецот да биде во непосредна близина на објектите во кои се зачестени предизвикувања на безбедносни проблеми а тоа се места на кои е зголемена фреквенцијата на луѓе и возила: болници, трговски центри, шеталишта, училишта, студентски - училишни домови, автобуски постојки, железничка станица. Од друга страна, оние луѓе кои извршуваат одредени услужни дејности треба да бидат, особено, интересни за полициското работење: бербери, фризери, кројачи, вработени во продавници, чистачи од комунална хигиена, инкасатори, поштари, одговорни на пазари, вработени во месните - урбаните заедници, вработени во разни сервиси и други занаетчиски дуќани, лица од обезбедување, вработени во хотели, ресторани, кафулиња и други стационарни служби. Преку ден се контролираат и лицата кои се под зајакнат локален надзор а се регистрирани сторители на кривични дела, лицата кои просат, лицата кои престојуваат и се задржуваат во напуштени објекти, лицата кои чистат возила на раскрсници и се директна безбедносна закана за учесниците во сообраќајот, се контактираат пријателски врски и **информатори (информатор -** лат. informatory кој значи известувач, оној кој известува, лице кое собира податоци кои можат да бидат од интерес за борбата против криминалот и за тоа го известуваат органот за внатрешни работи (Димитров 1995, 2) и (Костиќ 1984, 45), заради собирање на информации за задолжените сторени кривични дела на реонот. Во однос на дефинирањето на информаторот кај Ангелески го среќаваме следново дефинирање: **информатор** е физичко лице кое на овластените службени лица на полицијата, систематски, перманентно и на дискретен начин (тајно) им дава криминалистичко - релевантни информации за конкретни криминални однесувања, како и за сторители на таквите општествено штетни однесувања (Ангелески, 1993, 202).

**Во текот на ноќта**, обврските се видоизменети па започнуваат со обиколка на продажните објекти на подрачјето за да се провери дали некој од

објектите е провален, се контролира движењето на лицата кои се затекнати и имаат сомнително однесување и, битно, се забележува во што се облечени истите лицаи се внесува во **полицискиот бележник**, заради подоцнежна потреба од нивно препознавање и слично. Во вечерните часови обврските најчесто се во близина на угостителските објекти каде се собираат младите и каде секојдневно се случуваат нарушувања на јавниот ред и мир во разни форми и облици, но, истовремено, се прават и безброј прекршувања на законите во однос на сообраќајот а најчесто: управување возила и мотоцикли без положен возачки испит, возење под дејство на алкохол, стартување на возила со предизвикување недозволена бучава, неносење на лични исправи, користење на опојни droги и носење на оружје и други недозволени средства и слично. Битно за полицаецот на позорниот реон е преку ден да ги научи сите *скратени патишта* за што побрзо движење на теренот кои може, во текот на ноќта, да му бидат добредојдени. Интересно и значајно е дека во текот на ноќта колку толку сообраќајот и движењето на граѓаните значително се намалуваат и тогаш е неопходно полицаецот на просторот на којшто е зачестено извршувањето на кривични дела или прекршоци да се постави во непосредна близина и да го набљудува просторот или загрозениот објект од некоја темница. Вообичаено, сторителите на кривичните дела, исто така, како и полицајците и тие внимателно се движат и го набљудуваат просторот или објектот кој им е цел за напад, па така и нивното однесување може да го предизвика полициското внимание.

Би продолжиле со нормалната секојдневна комуникација со граѓаните на позорниот реон која не секогаш треба да биде изнудена од некој настан туку може да биде иницирана и од полицаецот на безброј начини. На почетокот би претставиле неколку секојдневни настани преку кои може да започнете разговор со граѓанин којшто не го познавате а тоа да не биде од позиција на сила.

1. Прв случај: Забележувате граѓанин кој работи нешто во дворот и е внесен во работењето во дворот којшто е расцветан, пристапете на следниот можен начин: „Аирлија работа, многу убави и негувани

цвеќиња или двор имате“, „Браво комшија, вака треба да се грижи секој граѓанин за дворот за да му изгледа прекрасно“ или изберете свој пристап. Ова е почетната реченица која го изнудува граѓанинот после нашите пофалби ако ништо друго да се заблагодари а ние да го искористиме тоа па да покажеме интерес за цвеќето, негата, потребното време и други работи а потоа во разговорот уфрлуваме реченица која има безбедносно значење и го менува разговорот на интересна тема за нас. На пример, прв случај, “Дали и комшиите и минувачите се грижат за дворовите и цвеќињата како Вас или некој ви фрла ѓубре во нив, Ви ги краде или уништува цвеќињата?“

2. Втор случај: На улица забележувате повозрасно лице кое се натоварило со торби и едвај се движи, покажете малку инвентивност и понудете се да помогнете: „Господине, дали може или дали сакате да Ви помогнам во носењето, далеку ли живеете и слично?“ Најчесто, граѓаните сакаат да им биде помогнато и тоа нуди можност да запознаете лице од одредена улица, зграда и слично а комуникацијата по патот продолжува со вообичаени теми, со кого живеете, нема ли кој да ви помогне, нема ли друга можност некој да ви испазари, па ќе се претставите кој сте и дека сте на тој реон, ако оцените дајте му и свој телефонски број за помош кога ќе му притреба и доколку има какви било безбедносни потреби да Ве побара а тоа води кон зголемување на довербата и продолжување на комуникацијата.
3. Трет случај: Кога ќе сретнете некои лица кои разговараат а помеѓу нив е и некое лице кое Вие го познавате, задолжително поздравете ги со: „Добро утро, добар ден, добра вечер како сте“, ова ќе ви овозможи да ја остварите и  проширите комуникацијата и со останатите лица. Во комуникацијата доколку Ви се укаже можност прашајте ги за некои локални - маалски проблеми и обидете се да најдете начин да покажете интерес за надминување на истите на професионален начин (ако треба контактирајте и барајте совет од некој од вашите старешини).

4. Четврти случај: Секогаш кога ќе забележете возило кое е расипано и возач кој се нервира, пријдете и обидете се да остварите комуникација и побарајте можност да му пружите помош, преку мајстор од непосредната околина со којшто претходно сте оствариле комуникација, преку барање шлеп-служба или покажување грижа и насочување кон најблиската продавница за автоделови. На овој начин се стекнуваат нови познанства, се зацврстуваат постојните и вистински се практикува сервисната ориентираност на полицијата.
5. Петти случај: Граѓанин којшто стекнал доверба се обидува да најде решение за група младинци кои во вечерните часови се собирале пред зграда кај него и до доцна во ноќта го нарушувале јавниот ред и мир со викање, пиење на алкохол и предизвикување штетна бучава со разни мопеди и мотоцикли. Примената поплака нека ви биде повод (прво да ги запознаете колегите од реонот) а потоа во првата вечерна смена да испланирате и да преземете мерки за легитимирање на лицата, контрола на мопедите и мотоциклите, предупредување а по потреба и пишување соодветен поднесок. Откако сте го решиле проблемот остварете контакт со граѓанинот кој ви ја дал информацијата и комуникацијата е изградена, тогаш ќе дознаете и други интересни информации.
6. Шести случај: Движете се на простори каде одредени пензионери, станари и други лица се задржуваат подолго и остварете комуникација а останатото, најчесто, доаѓа само по себе. Едно укажување, лицата кои подолго време седат на клупите пред зградата или во паркот сакале тие или не забележуваат одредени настани кои полицаецот во униформа многу тешко може да ги забележи. Само доколку се воспостави доверба и соодветна комуникација со граѓаните, тие ќе бидат нашите "очи и уши" на позорниот реон и за тоа благовремено ќе бидеме известени.
7. Седми случај: На позорниот реон имате училиште во кое се собираат повозрасни младинци кои одвреме-навреме ја попречуваат наставата. Знаејќи го сето ова обидете се и остварете комуникација со вработените во училиштето и информирајте се за нивните проблеми (шетање

кучиња, уживатели на опојни дроги, лица кои тука пијат алкохол, лица со мотоцикли и мопеди), при што ќе дознаете за многу проблеми но за оние за кои можете нешто да сторите, сторете го тоа веднаш. Во време кога има задржување на лица во училишниот двор а не се ученици во училиштето (член.. 26 Закон за прекршоци против јавниот ред и мир), легитимирајте ги истите, предупредете ги во однос на задржувањето и попречувањето на наставата и кажете им дека го нарушуваат јавниот ред и мир па доколку не се оддалечат ќе бидете принудени да им поднесете прекршочни пријави. На овој начи решавате повеќе проблеми: понатаму нема да се собираат лица кои не се ученици, ќе стекнете доверба кај вработените во училиштето но, истовремено, и самото ваше присуство и интервенцијата превентивно дејствуваат врз учениците во училиштето а особено, врз оние кои сте ги легитимирале и предупредиле кои веќе сте ги запознале но истите ќе се пренесат и на други млади лица дека таму полицијата врши контроли.

8. Осми случај: Во вечерните часови движејќи се по позорниот реон слушате гласно пеење во ноќта на отворено. Следејќи го пеењето доаѓате до дворот од претшколската установа каде што се собрале десетина малолетници кои конзумираат пиво и шишиња со вино кои си ги подаваат.

   Во вакви случаи каде има алкохол и поголема група, побарај помош и заеднички настапете повеќе колеги со (легитимирање, контрола на алкохол и дрога, видете која е возраста, повикајте ги родителите и на крајот поднесете пријави за настанот и за родителите доколку постапката се повторила неколку пати). Преку оваа интервенција ги запознавате младинците, нивните лични податоци, прекари и нивните активности но, истовремено, и превенирате идни вакви и слични активности, бидејќи тие се свесни дека сега веќе ги знаете лично. Од друга страна, ваквото интервенирање ќе овозможи преку превентивниот механизам малолетниците да им пренесат на нивните другари дека полицијата ги контролирала, ги привела, ги задржала до

отрезнување -повозрасните, ги повикала родителите на малолетниците, им поднела пријави и слично и тоа многу добро го знаат сите и да не го прават тоа и другите.

9. Деветти случај: Контактирајте ги почесто претставниците во куќните совети или управителите за домување бидејќи многу брзо и лесно ќе им помогнете во надминување на нивните проблеми со одредени станари, кирации (потстанари), паркирани возила пред згради, оставени велосипеди и мотоцикли во влезови, измет од домашни миленичиња, непрописно оставен шут како на погорната слика бр. 2., но истовремено и дознавање за незаконски активности на одредени станари или комшии.
10. Десетти случај: Во однос на контролата на лицата под локален зајакнат надзор (ЛЗН), прво и основно е - запознајте добро некое лице кое живее или работи во непосредна близина на локален зајакнат надзор и многу полесно ќе можете да ја вршите контролата - надзорот.
11. Единаесетти случај: Во експанзијата на градежниот сектор на позорниот реон многу е значајно уште на почетоците на градбата во копањето на темелите да воспоставите соработка со одговорниот за градба и вработените, па во секое време ќе бидете информирани и кои ќе бидат станарите а подоцна при нивното вселување пристапете, контролирајте, укажете им на обврската за промената на личните исправи (лична карта, патна исправа, возачка дозвола, сообраќајна дозвола, дозвола за оружје и слично) и на тој начин ја стекнувате неопходната комуникација, воспоставувате примарна превенција и ја градите довербата и професионалноста на теренот.
12. Дванаесетти случај: Во секое време имајте контакт со секретарите (претставниците во урбаните заедници) на вашиот позорен реон, од што само можете да имате позитивни придобивки и информации за населението кое живее таму и да добивате неопходни информации за лица кои сé уште живеат тука или се отселени од реонот.

13. Тринаесетти случај: При добивање **срочна судска наредба** (која има точен ден, месец година и време кога и каде лицето да биде приведено) за приведување на лице покрај тоа што е неопходно да го почитувате законски определеното време за приведување и очекувате дека лицето нема да ви отвори, пред да одите на терен проверете дали лицето поседува возило и забележете ја регистарската табла, па засолнете се некаде во близина и почекајте го лицето за да го приведете, или доколку обезбедите доказ каде работи, ако е на вашето подрачје обидете се и од таму, ако не контактирајте го преку дежурната служба од вашата ПС и месно надлежната ПС каде лицето работи за да биде приведено навреме до судот.

Секако дека има уште многу други случаи кои може да бидат искористени, но мислиме дека и овие се сосема доволни за да некој кој е избран, обучен и професионално ориентиран да ја врши полициската професија се промени во својот „чип“ и започне да размислува во контекст на работата а не во контекст на старата македонска поговорка „ клати врата земај плата и бегај од работа“.

Слика бр. 2 Оставен шут на паркинг, наместо да биде соодветно третиран



(Фотографијата е направена од авторот во Општина Аеродром, Скопје)

**3. Работни системи**

Во однос на работењето на позорниот реон секогаш тоа е поврзано со 24-часовно работење и присутност на теренот, без разлика дали вашата смена ќе биде: шест часа, осум часа или дванаесет часа, секогаш дојдете малку порано на смена и не доцните. Послушајте еден совет „никогаш и никаде со граѓаните

не го коментирајте вашето работно време, бројот на часови, смените, заморот од работата **а особено немојте** да ги коментирате платите, придонесите, обврските за обезбедување, чување на одредени лица и друго, бидејќи со сето тоа правите ***пречекорување на овластувањата и оддавате службена тајна,*** но истовремено и *на одреден начин им нудите на тацна и податоци на криминалците кога повторно вие ќе бидете на работа, каде и од колку часот ќе бидете на обезбедување и слично, за да можат тие слободно да оперираат на празниот терен"*. Запаметете, колку Вие се грижите за работата и имате професионален однос кон неа, толку ќе бидете и ценети од граѓаните за вашето професионално работење и постапување.

**4. Препораки**

1.За раководните структури во Министерството за внатрешни работи, да изнајдат механизам и оние малку вработени кои се останати во службата а кои со години го практикувале секторското работење позорната и патролната служба да ги задолжат преку неколкумесечни активности да го пренесат на помладите, начинот и методот на работењето со сите техники со кои тие располагаат, сé со цел поуспешно работење на позорните и патролните реони од страна на младите полициски службеници.

2. Во периодот на практичната обука на лицата кои доаѓаат од Центарот за обука да се спроведуваат соодветни менторски пренесувања на знаења во практицирањето на позорната и патролната служба во сите аспекти (од легитимирање до спроведување на судските наредби). Ова е многу значајно бидејќи одговорноста за обуката на новопримените полицајци е заедничка како на Центарот за обука така и на полициските станици кои преку полициските службеници – ментори, ги учат како да го спроведат тоа што го научиле на курсот. Овој начин овозможува во иднина да нема коментари:. „Овие од Центарот за обука, ништо не ги научиле новиве курсисти бидејќи ништо не знаат" или обратно „во спроведување на практичната обука ги носеле само во кафеани и кладилници и ништо не ги научиле од практичната примена на овластувањата".

## 5. Заклучок

Како што е објаснето и во самиот труд, клучот на успехот во спроведувањето на позорната активност лежи во несебичното пренесување на личните искуства, знаења и вештини од поискусните на новопримените полицајци. Токму заради преголемиот јаз кој се испречи пред граѓаните и полицајците, а кој постоеше повеќе од дваесетина години на мислење сме дека, погорните препораки е апсолутно потребно да бидат имплементирани колку е можно побрзо додека сé уште во службата има полициски службеници кои со години го практицирале позорникарското работење. Особено е важно да се искористат овие полициски службеници додека не биде предоцна и тие да заминат во пензија (без разлика на кое ниво се наоѓаат во хиерархиската скала). Доколку постои можност во наставните програми да се уфрли неколкудневно презентирање на практични искуства од повозрасни или пензионирани полициски службеници на своите лични искуства на курсистите кои се наоѓаат на обука во Центарот за обука. Можеби и последнава идеја би била поприфатлива, во процесот на оценување од страна на оценувачите да бидат оценувани и комуникациските вештини на кандидатите за да можат да почувствуваат приближно како во реална ситуација би изгледала нивната комуникација со граѓаните, приоѓањето до граѓаните, нивниот прв контакт и друго.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ангелески, М. 1993 Криминалистика (општа криминалистичка теорија) НИО „Студентски збор“, Скопје.
2. Ангелески, М. 2005 Оперативна криминалистика, Скопје, Берати-Ареал –Призрен.
3. Ангелески, М. 2007 Криминалистичка тактика I, тактика на спроведување оперативни дејствија, Скопје, Графос, Куманово.
4. Водинелиќ, В. 1984 Криминалистика, петто изменено и проширено издање, Београд, Савремена администрација.

5. Димитров, Д. 1985 Полициски информатор, Скопје, Центар за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски – Марко“.
6. Ѓорѓевиќ, О. 1986 Лексикон безбедности, Београд, Партизанска књига.
7. Кривокапиќ, В./Крстиќ, О. 1999 Криминалистика тактика II, друго измењено и допуњено издање, Београд, Полицијска академија Београд.
8. Матијевиќ, М. 2002 Криминалистика оператива, Бања Лука.
9. Милетиќ, С. 2001 Појмовник полицијског права –Значење 650 појмова из области унутрашњих послова, Београд, Службени гласник.
10. Мојаноски, Ц. 2012 Методологија на безбедносните науки - основи, книга прва, Скопје, Факултет за безбедност – Скопје.
11. Трајков, М./Маневска, М./Нацевски, А. 2016 Индицијалниот метод како можност за надоместување на дефицитот на информации за организираниот криминал, Зборник на трудови од 7. меѓународна научна конференција -Современи трендови на општествената контрола на криминалот, Том-1, Скопје, Факултет за безбедност – Скопје.
12. Трајков, М. 2017 Вистината и заблудите на проектот „community policing“ или „работење во заедница“ во Македонија, споредени со традиционалниот модел на секторското работење, Скопје, „Ван Гог“ ДООЕЛ

**Законска рамка**

1. Закон за внатрешни работи, „Службен весник на „Република Македонија “, бр. 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 5/16, 120/16 и 127/16.
2. Закон за полиција, „Службен весник на Република Македонија“, бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18, Одлука на Уставен суд 148/08.
3. Правилник за начинот на вршење на полициските работи, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 149/07, 110/11, 117/14, 14/17, 49/17,203/18, 52/20.

4. Упатство за начинот на однесување и меѓусебните односи на полициските службеници, „Службен весник на Република Македонија “, бр.65/2007.
5. Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 66/2007, 152/15.

**Користени интернет-страници**

https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9A%D0%B8%D1%80%D0%BE_%D0%93%D0%BB%D0%B8%D0%B3%D0%BE%D1%80%D0%BE%D0%B2

https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%90%D1%82%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%82_%D0%B2%D1%80%D0%B7_%D0%9A%D0%B8%D1%80%D0%BE_%D0%93%D0%BB%D0%B8%D0%B3%D0%BE%D1%80%D0%BE%D0%B2

УДК: 323.285:179.7]:355.45 28-768:323.285

**Панче Коцев**

# ПРОЦЕС НА РАДИКАЛИЗАЦИЈА, ОБУКА И ПРОФИЛИРАЊЕ НА ТЕРОРИСТ САМОУБИЕЦ

**м-р Панче Коцев**

**Министерство за внатрешни работи**

**anche2kocev@gmail.com**

## Апстракт

Тероризмот е составен дел од човековиот живот и развој. Човековото секојдневие и безбедност во секоја држава постојано се изложени на ризиците и опасностите на овој вид на криминално поведение. Никој не е имун на тероризмот, дури ни најспособните и најефикасни безбедносни системи во светот. Од него стравуваат и најмоќните, Соединетите Американски Држави и Руската Федерација. Последните неколку децении особен белег ни даваат џихадистичките терористички напади. Нападите на бомбашите самоубијци и сите останати форми на самоубиствениот тероризам даваат една нова димензија на борбата со тероризмот.

Европскиот континент не е изоставен. Голем број на терористичко-џихадистички напади се случуваат, пред сé, во западноевропските држави. Секој метод за кој можеше само да се прочита или слушне преку арапските медиуми сега е реалност и на европско тло. Миграциите, особено оние кои настанаа како резултат на граѓанската војна во Сирија предизвикаа голем наплив на недоволно проверени мигранти во рамките на Европската Унија. Голема е веројатноста, а веќе и потврдена дека солидна бројка на лица кои биле во корелација, пред сé, со

ИСИС и Ал Каеда денес се префрлени на европско тло. Ако го земеме предвид фактот дека процесот на дерадикализација е тежок, долг и ретко дава позитивни резултати што се гледа во големиот број на рецидивисти. И фактот дека не сите латентни терористи им се познати на безбедносните структури, мора да се отпочне со креирање на една сеопфатна контратерористичка стратегија која, меѓу другото, мора да ги опфати следењето на процесот на радикализација и профилирањето на џихадистичките терористи.

Од тој аспект, во овој минимален труд ќе се обидам на кратко да го објаснам самоубиствениот тероризам, процесот на радикализација, сегментите кои се потребни да се следат со цел да се детектира раната фаза во тој процес, што би овозможило навремено дејствување на безбедносните служби и спречување на катастрофа. Профилирањето на терористот самоубиец во целост, како и моделот на џихадист кој дејствува на европскиот континент, истото така, ќе бидат објаснети.

**Клучни зборови:**
тероризам, самоубиствен тероризам, џихадизам, радикализација, терорист самоубиец, профил на терорист самоубиец

## Самоубиство

Самоубиствата претставуваат посебен вид на социопатолошка појава којашто е карактеристична за сите познати општества. Оваа социопатолошка појава е сопатник на развојот на човечката раса. Самоубиствата се карактеристични за сите епохи на човековото егзистирање.

Самоубиството е свесно и волево посегање по сопствениот живот и истото се смета за општествено патолошка појава која претставува предмет на

интерес на многу науки, меѓу кои се и психологија, психопатологија, социологија, криминологија и криминалистика.[72]

Постојат повеќе начини за извршување на самоубиството, а од самото тоа зависи и кои средства ќе се употребат за неговото извршување. Според начинот на извршување на самоубиствата, истите можат да се поделат на:

- Неочекувано - акутни самоубиства - се вршат моментално и траат кратко;
- Постепено - хронични самоубиства - траат долго (денови, месеци, може и години), најчесто се извршуваат со отров, при што дозите постепено се зголемуваат;
- Директни самоубиства - извршителите сами си го одземаат животот;
- Индиректни самоубиства - извршуваат друго кривично дело со надеж дека ќе бидат казнети со смрт;
- Двојни самоубиства - во ситуации каде две лица истовремено вршат акт на самоубиство (најчести извршители се две лица од помлада популација опседнати со љубовни проблеми);
- Семејни самоубиства – најчесто, главата на семејството ги убива членовите на семејството и потоа и тој се самоубива;
- Тенденциозни самоубиства - со овој вид на самоубиства се сака да се каже нешто, се протестира со цел да обвини некого;
- Билансни самоубиства - извршителите пресметале за натамошните причини за живот;
- Рецидивни самоубиства - сторителите претходно не успеале во намерата да се самоубијат и сега повторно се обидуваат во тоа;
- Комбинирани самоубиства - кои извршителите го извршуваат со помош на две или повеќе средства, на пример, земаат отров, а потоа си пукаат во глава;

[72] М.Бошковиќ, Криминалистичка методика-1, друго измењено и допунењо издање, Полициска академија, Београд, 1998, стр.353.

- Алтруистички самоубиства - некој свесно го жртвува сопствениот живот за остварување на некоја идеја (камиказите од Јапонија за време на Втората светска војна, самозапалувањето на студентот Јан Палах во Прага, во 1969 година, како знак на протест против инвазијата на СССР врз неговата земја Чехословачка).[73]

Иако самоубиството само по себе не е кривично дело, како дејствие е многу интересно за криминалистиката и безбедносните науки. Криминалистиката, пред сé, има за цел да провери дали навистина се работи за самоубиство или, пак, станува збор за убиство кое некој сака да го прикаже како самоубиство и да се сокрие објективната вистина за делото, избегнувајќи одговорност. Безбедносните науки, пак, имаат за цел да го проучуваат самоубиството како дел од самоубиствениот тероризам. Познавањето на психолошките особености, социолошките страни и влијанието на религијата врз самоубиствата се од особен интерес на безбедносните науки. Со извршувањето на самоубиствен напад, терористичките организации имаат за цел да направат што е можно поголема штета, да привлечат што е можно поголемо внимание на јавноста, да посеат страв и секако да пренесат некоја порака или да го направат тоа во името на некоја идеја. Во своето дејствување терористичките организации ги користат индиректните, тенденциозните и алтруистичките самоубиства.

## Процесот на радикализација

Појавата на самоубиствените исламистички напади се должи, пред сé, на појавата на радикалниот ислам. Првенствено, исламот е мирољубива религија. Во една од сурите, пророкот Мухамед вели: „секој кој ќе си го одземе животот ќе го искуси огнот на пеколот и вратата на рајот за него засекогаш ќе остане

[73] Котески, М.,Николовски, М., Методика на истражување на општиот криминалитет, Факултет за безбедност, Скопје, 2008, стр. 235.

заклучена“.[74] Доколку доследно се чита, таа го забранува самоубиството, но постојат голем број на стихови кои се двосмислени. Таквите стихови се искористени од припадниците на радикалниот ислам и истата религија ја прикажуваат како немироѓубива и воинствена. Според радикалите, самоубиството е оправдано според исламот. Исто така, постојат и стихови кои се додавани од страна на радикалите, со цел што повеќе да ја милитаризираат религијата.

Во сурата 2, 191-193 пишува: И напаѓајте ги таквите (се мисли на неверниците т.е. немуслиманите) каде и да ги сретнете и прогонете ги таму од каде тие ве прогонија (се мисли на Мека). А злоупотребувањето е потешко од убивањето! И не борете се со нив кај чесниот храм (Ќаба), додека тие не ве нападнат вас. Ако ве нападнат, тогаш убијте ги! - таква нека биде казната за неверниците. А ако се откажат од војна, Алах навистина простува и е милозлив. И борете се против нив сé додека многубоштвото не исчезне и додека верата на Алах не може слободно да се исповеда. Па ако се откажат (се мисли на злоупотребувањето), тогаш непријателството престанува, единствено останува против насилниците“. Вториот дел од оваа сура според одредени автори (Иван Бабановски во ОНА - терористичка паравојска во Република Македонија) е израдикализиран како „сѐ додека и последната камбана бие, целта не е остварена“.

Во сурата 22:29 се вели: „Им се дозволува одбрана на оние кои ќе бидат нападнати од други, затоа што им се врши насилство – а Алах, навистина е кадарен да помогне“.

Во сурата 9:29, пак, пишува: „Борете се против оние кои не веруваат во Алах, против оние што нема да поверуваат ниту во него ниту во неговите пророчувања, оние што нема да ја следат неговата вера и вистината, дадени во книгата, сѐ додека не го плати данокот и не ја признае супериорноста и не се доведе во состојба на потчинетост.[75]

[74] Петровиќ, Д., Самоубилачки тероризам, Институт за упоредно право, Београд,2009 год.,стр.74.

[75] http://okno.mk/node/45572.

Овие стихови се искористени од страна на радикалите и терористичките организации со цел „зајакнување“ на верата помеѓу популацијата и придобивање на масата, како и добивање на нови членови. Истите стихови се прикажуваат како одобрување за вршење на убиствени напади. Борбата против неверниците, всушност, е постојано да се врши ширење на исламот и да се трудат што поголем број на луѓе да го прифатат како своја религија, која како крајна цел би имала истата да биде единствена религија на планетата. Радикалите прикажуваат дека тоа е возможно само со убивање на немуслиманите.

Во стиховите „немој да мислите дека оние кои загинале во име на Алах се мртви, не, тие се живи, заедно се со својот господар и добро се обезбедени“, повторно се сретнуваме со контроверзии. Исламските заедници, овие стихови ги прикажуваат како потреба верниците да водат живот по правилата на религијата, да ја практикуваат истата како по својата смрт би отишле во рајот. Но, радикалните исламисти овој стих го користат да ги повикаат муслиманите во света војна против неверниците. Загинувањето во борба со неверниците, аналогно на овој стих би носел место во рајот. Според нив, и самиот самоубиствен напад врз неверниците обезбедува место во рајот, а самиот чин е крајно средство во водењето на светата војна џихад. Тие пропагираат дека самоубиството е дозволено само во функција на заштита на исламот. Во овие ситуации, всушност извршителите се маченици во земниот живот, но, во другиот живот, оној кој почнува по смртта овие лица ги уживаат сите благодати од кои се лишиле во земниот живот. Во тој живот нив ги чека статус на херои, слава, привилегирани места, изобилство од храна, изобилство од девици или, пак, млади мажи доколку станува збор за жена...

Согледувајќи ги сите исламски секти и движења може да се забележи дека едни го оправдуваат самоубиството додека други не го прифаќаат тој потег, но ниту еден правец не го критикува самоубиствениот тероризам. Сé уште не сме сведоци на ситуација во која после одреден самоубиствен напад, да се јави лидер на исламска верска заедница и истиот да го осуди, како би извршил евентуално одвраќање од следен таков потег. Недостига критиката и осудата од исламските заедници. Недостига пацифичкото ширење и дисеминација на исламот, кои јавно

и недвосмислено би забраниле самоубиствени напади и насилство од страна на сите верници.  Само така и би се намалила и исчезнала исламофобијата, која засега егзистира на реална основа.

Согледувајќи ги достапните информации, не е тешко да се каже дека одредено лице за да изврши самоубиствен терористички напад, потребно е претходно истото да поминало низ процесот на радикализација. Речиси сите терористи кои извршуваат самоубиствени напади се припадници на радикалниот ислам. Според радикалните исламистички водачи, во моментов исламот е нападнат од западните земји и обврска на секој муслиман поединечно е да се вклучи во џихад, света војна. Според радикалите, насилната борба (низок џихад) е многу побитна отколку што е ненасилното тежнеење да се живее по принципите на верата (виш џихад). Маченииштвото, пак, вклучително и планирањето на својата смрт, гинењето во име на Алах, се едни од највозвишените начини на борба во џихадот. Според радикалите, како непријатели се сметаат сите христијани и Евреите.

Радикализацијата е подолг процес, кој нема точно дефиниран временски период, ниту фази на развој. Но, сепак, може да се зборува за најчесто сретнуваниот модел и неговите фази. Најчестите чекори кои водат до тероризам се општествената изолација, активизам, екстремизам и како завршна фаза, тероризам. Додека времето кое е потребно за радикализација е најчесто подолг временски период, кој трае најмалку неколку месеци, а почесто и години.

Врз радикализацијата на лицата влијаат повеќе фактори кои, едноставно, можат да се поделат на надворешни и внатрешни. Како внатрешни фактори или фактори кои зависат од индивидуата се: личната желба, фрустрација, лични трауми, дискриминација, перцепција за неправда, невозвратена љубов, ризик, смрт на блиско лице, желба за стекнување повисок статус, претерана употреба на интернет, злоупотреба на droги ...

Надворешните фактори, пак, се претставени преку економскиот, образовниот, политичкиот и културниот статус на индивидуата, дисфункционално семејство, медиумите и нивното влијание, отсуство на теолошка база, отсуство на силна фигура како пример во животот...

Еден фактор изолиран не би требало да го започне процесот на радикализација, но комбинирањето на неколку фактори ги зголемува шансите многукратно. Процесот на радикализација може да се случи секаде, доволна е само пристапност на интернет. Шансите да се појави се возможни како во муслиманските земји, во кои значително е истакната антиамериканската и антихристијанската пропаганда (Ирак, Авганистан, Сирија, С. Арабија, Пакистан...), така и во земјите во кои муслиманската популација е малцинство и не е доминантна.

Откако ќе се појават доволен сплет на фактори на радикализација, лицето почнува со потрагата на канал преку кој би дошло до контакт со радикална група. Почнува да пребарува по интернет-порталите, да набавува списанија, книги и компакт-дискови со радикални содржини, да ги бара местата каде би можеле да се состануваат таквите групи.

Доколку личноста цврсто е убедена во тоа да се радикализира, а врз нејзе не дејствуваат одреден број на фактори кои би ја одвикнале, по извесен период ќе успее да стапи во контакт со радикалните групи. По стапувањето во контакт со нив, започнува втората фаза од процесот на радикализација. Личноста почнува полека но сигурно да навлегува во радикалниот ислам. Вештите радикални лидери, лесно ќе успеат да создадат дополнителна омраза против христијаните и Евреите, да го величаат и глорификуваат маченииштвото и да ѝ ги покажат радикалните патишта на ширење на исламот. А тие патишта се насилни и во најголем број од случаите завршуваат со екстремизам и тероризам, чиј најчест појавен облик се самоубиствените напади.

Дека процесот на радикализацијата е започнат може да ни покажат голем број на индикатори. Анализирајќи ги случаите, најчести и најсигурни индикатори на радикализација се:

- Промена на имињата, лицата кои почнуваат да се радикализираат ги менуваат своите имиња и почнуваат да користат псевдоними. Псевдонимите ги користат, пред сѐ, заради извесна конспирација како и

заради тоа што тие нудат поголема впечатливост за разлика од личните имиња;

- Менување на стилот на облекување, најчесто станува збор за купување претежно широка спортска гардероба или, пак, традиционална исламска облека од страна на лица кои претходно не биле забележувани во таква облека. Панталоните со кратки ногавици се карактеристични за припадниците на вахабизмот;
- Промена на физичкиот изглед, оваа промена се согледува во промената на фризурата, најчесто се карактеризира со пуштање на долга коса. Исто така, пуштањето на долга брада е елемент на кој е потребно да се посвети доволно внимание;
- Тетовирањето, скриените тетоважи, пред сѐ, оние со голем број на скриени симболи и логоа на нив. Потребно е големо познавање на логоата и симболите, тие можат да дадат многу корисни информации;
- Контакти со лидери на радикални групи, лицата кои често комуницираат или, пак, се обидуваат да исконтактираат со лидерите на радикалните групи, исто така, се група на интерес;
- Поседување на пропаганден материјал, брошури, книги, компакт-дискови чија содржина е со радикални елементи;
- Промена на религиозната практика;
- Учество на тајни затворени состаноци;
- Користење на интернет-преписки со радикална содржина, објавување статуси со таква содржина на социјалните мрежи;
- Издигнување и славење мачеништвото и насилството како елемент во џихадот;
- Промените во начинот на патување и промената во изборот на дестинации за патување;
- Станување гласноговорник со екстремистички гледишта, отворено презентирање на своите радикални ставови;
- Општествена изолација и промена на нормалниот тек на животот;

- Промена во однесувањето и комуникацијата со останатите, користење специфична терминологија карактеристична за радикалниот ислам;
- Вршење мали кривични дела, покажувајќи непочитување кон општеството и владата.

Бројот на индикатори е навистина голем. Наведениве индикатори се само дел од постојните и веќе докажани примери на кои мора да им се посвети особено внимание. И повторно како кај факторите, еден индикатор не значи радикализација, додека поголемиот број на индикатори отвораат сомнежи за зголемување на будноста и отворање на криминалистичка обработка. Но, мора да се има предвид дека индикаторот не значи доказ. Тој само е факт, информација или состојба која укажува на евентуален доказ.

## Идеологија и обука на радикализираните борци

Жртвувањето како чин, не е типично за сите човечки општества, но, секако, дека е составен дел од воената тактика низ вековите. Тоа е составен дел од војувањето, а со тоа и од човековата историја. Многу често воини загинувале за да ги спасат своите другари. Доброволно се пријавувале за одредени акции од кои знаеле дека немале речиси никаква шанса да се вратат.[76] Одбивале да се предадат на непријателот.[77]

Кралот Леонида со неговите 300 Спартанци останал да ги брани Термопилите од многуилјадната персиска војска и одлучуваат да загинат сите до еден. Римските легионери изведувале акт познат како децимирање или десеткување. Десеткувањето се изведувало на тој начин што од построената војска преку ждрепка или пребројување истапувал секој десетти војник и истиот

[76] Добар пример е епот на Хомер, „Илијада“. Тројанскиот принц Хектор го прифаќа предизвикот да се бори со елинскиот полубог Ахил, свесен дека неговите шанси за победа се, речиси, никакви. Тоа го прави со цел да го заштити својот брат Парис и своето општество.

[77] Македонските револуционери кои се бореле за ослободување од османлиското владеење најчесто завршувале на овој начин.

бил погубуван. Првично била применувана кога некој од војниците ќе извршел казниво дело и останувал непознат. Потоа се користел за одржување строгост и хиерархија во војничките редови, но познато е дека е употребуван и како окултен чин со цел давање жртва во замена за победа во претстојната битка. Според Плутарх, десеткувањето прв го вовел конзулот Апиј Клаудиј во 471 година пред нашата ера, за време на војната против Волска.[78]

За разлика од овие жртвувања, жртвите кои ги прават терористите самоубијци подлежат на еден друг контекст и поинаква логика. Терористите самоубијци прифаќаат да се претворат во оружје или поточно во експлозивна направа со која управува некој друг. Со прифаќањето тие веќе се откажуваат од својот живот и се ставени на располагање. Тие фактички почнуваат со одбројување. Прашање на време е само во кој момент и каде истите ќе бидат употребени. Воедно, тие не му даваат човечки карактер на непријателот, едноставно, тие него го третираат како предмет, а тоа го изведуваат со голема рамнодушност. Едноставно, тие се рамнодушни и кон третманот кон својот живот, дејствувајќи по правилата на една едноставна девиза „мојот живот во замена за нивните животи!“ Таа рамнодушност оддава застрашувачки ефект.

Оваа своја саможртва терористите самоубијци ја прават во името на својот народ, етничката група, татковината, револуцијата, водачот, царот или како што е тоа најчесто случај од 1979 година, во името на Алах. Нападите, пред сè, се базираат на омразата која се има кон непријателот и високата потреба за одмазда кон него. Мотивацијата која ја имаат одредени лица, вешто е одржувана и дури зголемена преку посебни техники кои ги имаат терористичките организации. Извршителот се јавува во улога на трагичен играч кој е трогнат од убеденоста дека од неговото жртвување ќе излезе некоја подобра ситуација за каузата и заедницата на која и припаѓа.[79]

---

78 http://www.macedonium.org/Macedonium.aspx?jazik=2&kid=9&pid=33&ppid=277&tid=1719.

79 Шалијен, Ж., Блин, А., Историја на тероризмот од антиката до Ал Каеда, Табернакул, Скопје, 2009, стр.448.

Водачите на организациите, на деловите на организациите па и на оние на ќелиите имаат клучна улога. Тие се доживувани, пред сè, водачите на организациите, како митски и култни личности. Во нивно име доволно мотивираните и индоктринираните членови се подготвени на секаков потег. Заради тоа водачите се личности кои можат да дејствуваат како инспиратори и како инструктори.

Голем дел од терористичките организации кои применуваат самоубиствен тероризам ја употребуваат и заклетвата. Заклетвата е многу значаен елемент од индоктринацијата и има голем психолошки удел на членовите. Кеппанот[80] е уште една практика преземена од страна на Јапонците, односно самураите. Заклетвата игра двојна улога. Од една страна, со потпишувањето на заклетва лицето си потпишува смртна пресуда и се нафаќа да се претвори во оружје. Додека од друга страна, таа нуди конспирација за целиот период до извршувањето на актот.

Терористите самоубијци не се раѓаат, тие се создаваат. За да се создаде терорист самоубиец потребен е долготраен тренинг процес и квалитетна обука. Секоја воена обука има за цел да се создаде што е можно поголема контрола над умот и над телото. При оваа обука потребно е да се надминат неколку пречки а тие се човечкото тело, човечката свест за себе, стравот, создавањето на убиствен карактер и способност кај идните извршители.

За да се премостат пречките и идните извршители да бидат што подобро обучени, истите се изолираат и затвораат во таканаречените воени тренинг кампови. За време на тамошниот престој групата постојано мисли и живее за тоа како да изврши напад, каде да го изврши, како да избегне полициски контроли,

[80] Кеппанот е една од најстарите документирани акти на давање на заклетва. Се применувал во феудална Јапонија од страна на самураите пред да почнат со практикување на боречки вештини од даден клан. За да можат да им бидат пренесени вештините, а истовремено да се заштитат од нивно изнесување од кланот, новите ученици морале да дадат заклетва. Заклетвата се изведувале со мало засекување на прст и пуштање крв на пергамент. Симболично, доколку лицето издаде тајна на кланот, тоа ќе биде убиено од припадниците на кланот. Припадниците на Катори Шинто Рју и нивниот учител Сенсеи Отаке и денес го практикуваат Кеппанот.

да се убијат повеќе непријатели, да се причини поголема материјална штета итн. Живеејќи и спиејќи со мислите на извршувањето на самоубиствен чин, кај групата се создава нестрпливост и желба да се изврши нападот. Кај одредени екстремни случаи се постигнува и чувството на психолошко оптоварување, па така тие не можат да спијат мирно додека не го извршат нападот.

Откако лицето ќе го изгуби чувството за припадност кон човечкиот род, потребно е да го надмине стравот. Стравот најлесно се надминува со давање на медикаменти и наркотични средства со кои лицето се доведува до смирена состојба. Согледувајќи го и фактот дека, најверојатно, извршителот ќе треба да биде под овие средства и за време на нападот, за време на обуката само се проверува кој медикамент, односно наркотично средство, колку и во која количина и како влијае на лицето.

Не секое лице е способно да убие. Уште потешко е да се убие лице кое не се знае и лице против кое се нема никакви чувства на омраза. За време на тренингот преку одредени методи се постигнува тој убиствен ефект, а кај извршителите се создава омраза против лицата против кои се дејствува. Идните извршители се трујат со омраза кон непријателот, кон неговите дела, злосторствата кои тој ги направил врз нивната групација. Па така, за краток период тие се веќе полни со омраза.

Поттикнувањето на мачеништво, слава и јунаштво кое ќе ги следи, големите благодати кои ќе ги имаат во задгробниот живот како борци во име на Алах, уште толку ги зголемуваат убедувањата и ја зацврстуваат верата во извршувањето. Религијата и нејзиното практикување за време на обуката го имаат можеби и решавачкиот збор.

Водачите успеваат да создадат и посебни гробишта на кои можат да се слават терористите самоубијци. Така, заедницата живее со своите мртви, а секој пат присутни, во некој вид дотерана болка, која станува нешто што се трпи. Децата се горди на својот татко, брат, а можеби и сестра или мајка. Со овој акт од мали нозе тие стануваат потенцијални членови на терористичка организација и

идни терористи самоубијци. Се создава една култура за која западните општества не знаат ништо.[81]

## Логоа и симболи

Зошто луѓето носат лого или симбол? Која е важноста на вистинскиот контекст на логото/симболот? Одговорите на овие прашања можат да ни отворат нови гледишта во потрагата по профилот на терорист самоубиец. Најчесто, логото или симболот имаат за цел да ни покажат некои јавни чувства или идеи. Тие јавни чувства или идеи не мора секогаш да имаат негативна конотација, иако сега нас нè интересира негативната конотација. Со самото покажување на своите идеи во јавноста се бараат истомисленици и поддржувачи на идеите кои се промовираат. Овие симболи може да се отворени но и суптилно двосмислени. Заради тоа е потребно внимателно проучување на симболите и информациите што тие ни ги нудат.

Освен што служат за идентификација и пронаоѓање на следбеници, симболите/логоата можат да се употребат и за да се оттргнат одредени компоненти, да се предизвика провокација или, пак, да предизвикаат шокирање.

Проучувањата на симболите/логоата е многу сложена проблематика и бара вложување на сериозни напори. Значењето на симболите во различни култури и религии, во различни временски периоди е различно и мора да се внимава на вистинскиот контекст.

Пример за тоа е свастиката[82], која била употребувана во индиската култура како знак за мир, како свет симбол во хиндуизмот и будизмот,[83] па и во

[81] Шалијен, Ж., Блин,А., Историја на тероризмот од антиката до Ал Каеда, Табернакул, Скопје, 2009, стр.450.

[82] Свастика или кукаст крст е симболот на Национал-социјалистичката партија на Германија, потекнува од индиската култура а денес е најпознат како нацистички симбол (Заб. на прев.).

[83] Beer, Robert (1 January 2003), "The Handbook of Tibetan Buddhist Symbols". Serindia Publications, Inc. – via Google Books.

раните фази на христијанството, а од Втората светска војна има значење на национализам како резултат на неговото користење од страна на Национал-социјалистичката партија на Германија. За да може подобро да се определи значењето на симболот потребно е да се согледаат повеќе сегменти, па така од особено значење е лицето кое го носи, како и неговото опкружување.

Самите бои на логоата, исто така, имаат свое значење. Црвената боја означува социјализам, комунизам, револуција и крвопролевање. Жолтата, пак, симболизира либерализам и идеи за слобода и еднаквост. Зелената боја е поврзана со пророкот Мухамед и е синоним за ислам, а црната боја означува религиозен револт и битка и е поврзана и со знамето на пророкот Мухамед и неговиот калифат. Црната боја е основа на знамето на џихадот, додека, пак, белата боја е боја со која се означени лидерите на муслиманските војски и знамињата кои тие ги поставуваат на освоените територии.

Текстовите и броевите, исто така, имаат свое значење, а тоа е поврзано со името или идеологијата на групата. Знаците со прстите се многу значајни. При проучувањата на проблематиката со терористите самоубијци особено значење треба да се даде на знакот каде што показалецот е исправен нагоре кон небото а останатите прсти се стегнати во тупаница. Овој знак е познат како „Прстот на Тавид“ и ја претставува единственоста на Господ, истиот е најчесто практикуван од салафистите и џихадистите.[84]

Симболите кои ги гледаме на знамињата на терористичките организации, исто така, си имаат свое значење и симболика. Коранот го истакнува потеклото на идеологијата на групата и нејзината посветеност кон исламот. Воедно, служи како потсетник за муслиманите да ги исполнуваат своите религиозни обврски. Сонцето служи да го осветли Коранот и да му даде божествена моќ. Земјината топка се прикажува сакајќи да се глобализира одредено прашање и да ја изрази глобалната цел на групата. Мечевите ја отелотворуваат чистотата и благородништвото и се поврзани со раните исламски херои и џихадистичките кампањи, а современите оружја се илустрација на потребата од насилен џихад.

[84] "Allah". *Encyclopædia Britannica Online*. Retrieved,2008-05-28.

Камената купола од Ал Акса џамијата во Ерусалим, го покажува третото најсвето место за муслиманите, местото од каде се верува дека пророкот се качил на небото.[85] Овој симбол ја означува потребата од ослободување и чистење на светото место од неверниците.

Терористите самоубијци на себе имаат симболи, потребно е будно следење, пронаоѓање и идентификување на симболите. Што порано се открие одреден симбол и неговото значење а со тоа се идентификува потенцијален терорист се зголемуваат шансите за негово спречување и избегнување на евентуалните штети кои истиот би ги причинил.

## Профилирање на терорист самоубиец

Доколку се обидеме да подготвиме и да утврдиме профил на терорист самоубиец, ќе наидеме на сериозни пречки и тешкотии, како и кај обидите да го дефинираме тероризмот или, пак, самоубиствениот тероризам. Не можеме да зборуваме општо за профилот на терорист-самоубиец и за неговата генерализација. Така, задолжително е, првенствено, да се проверат и утврдат голем број на фактори. Која е причината заради која терористот стапил во терористичката организација, во која терористичка организација членува, која е мотивацијата која го натерала да изврши самоубиствен напад, за каква цел се бори, на која религиозна и етничка група припаѓа истиот, полот, брачниот статус, возраста, степенот на образование, психолошкиот статус се само дел од оние најзначајни фактори на кои мора да им се даде примат при утврдувањето на профилот на терорист-самоубиец.

До неодамна аналитичарите и експертите од областа на тероризмот сметале дека терористите, особено терористите-самоубијци се личности со одредени психолошки нарушувања, бездомници, без семејства, отфрлени од

[85] „Al-Aqsa Mosque, Jerusalem“. Atlas Travel and Tourist Agency. Archived from the original on 26 July 2008. Retrieved 29 June 2008.

општеството, необразовани и сиромашни, најчесто мажи на возраст од 22 до 25 години.[86]

Но, согледувајќи ги најновите случувања на полето на самоубиствениот тероризам, аналитичарите дошле до заклучок дека е потребна нова анализа и темелно простудирање на самоубиствените терористички напади, како би дошле до нови знаења за нив, меѓу кои и ново профилирање на терористот самоубиец. Потребата од нова анализа била неопходна. Како извршители на самоубиствен тероризам се појавиле и студенти, женети мажи на средна возраст, деца на богати бизнисмени, жени и деца. Стариот профил на терорист самоубиец е осуден на критика и задолжително треба да подлежи на промена. При промената многу повеќе внимание треба да се посвети на начинот на облекување на лицата отколку на нивниот физички изглед.[87] Воедно, подобро е да се направат повеќе профили на терористи-самоубијци, во зависност на нивната религија, држава на потекло, припадноста кон одредена терористичка група и целта за која се борат.

Полот на терористите самоубијци може да биде и машки и женски. Паѓаат во вода тврдењата на аналитичарите, од не така далечни времиња, кога се сметало дека само мажите извршуваат самоубиствените напади. Курдистанската републиканска армија во своите акции против турските безбедносни сили користи жени самоубијци. Курдистанските жени, бомбите ги ставале под облеката во пределот на стомакот, импровизирајќи бременост. Така тие биле помалку сомнителни, а нивната операција олеснета. На тој начин, многу лесно можеле да се пробијат до посакуваната дестинација.

Помеѓу Тамилските тигри, па и во нивните елитни Црни тигри, познато е дека фигурираат и голем број на „тигрици". Причината поради која тие најчесто се вовлекувале во редовите на организацијата се силување, како и траумите и фобиите кои истите ги имале доживеано преку него.

[86] Петрович, Д., Самоубилачки тероризам, Институт за упоредно право, Београд, 2009, стр.87.

[87] Прирачник за обука на тимови за реакција на кризи, Инструктори од САД, стр.141.

Чеченските сили, исто така, употребуваат жени таканаречени „црни вдовици" во акциите против руските сили, но и против цели во Турција. Црните вдовици се жени на починати борци кои ја одмаздуваат смртта на своите мажи, извршувајќи самоубиствени напади.

На територијата на Израел, Хамас и Хезболах, исто така, користат жени самоубијци во своите редови. Така, по самоубиствениот напад од страна на Палестинката Дарине Абу Ајша, на 27 февруари 2002 година, на контролен пункт на израелската армија во близина на Ерусалим, се огласил и шеикот Ахмед Јасин, верскиот лидер и еден од основачите на Хамас. Тој официјално прогласил фатва[88], дека жените имаат право да учествуваат во самоубиствените напади, а за тоа тие ќе бидат наградени во задгробниот живот.[89]

Употребата на жени во самоубиствените напади, дава една нова димензија. Жените терористи самоубијци се слават во своите општества. Тие се горди за својот акт и за укажаната доверба сметаат дека тоа е еден вид на еманципација. Иако, реално, станува збор за голем чекор назад во човештвото.

Возраста на терористите самоубијци е вториот параметар кој треба да се согледа. Денешните терористи самоубијци претежно се млади луѓе на возраст од 17 до 27 години. Но, овие граници не се стриктно уредени, така што постојат и терористички организации во кои членуваат и деца под 14 години. Боко Харам во своите самоубиствени напади користи деца, секој петти напад е дело на дете, а 2/3 од тие деца се девојчиња.[90] За разлика од нив, лидерите на организациите и обучувачите, припаѓаат на една повозрасна група и истите надминуваат возраст од 40 години. Генерално земено, терорист кој работи на самоубиствени операции може да биде лице на секоја возраст, од 10 до 70 години, единствено неговата улога може да биде различна во зависност од возраста која ја има. Но, ако ги согледаме трендовите на развој, не би не чудело да се појават и извршители со возраст на 60 години. Терористичките организации можат многу вешто, преку

[88] Фатва, верско исламско правило (Заб.на прев.).
[89], John E. *Muslims and the News Media*. 2006, page 112.
[90] http://www.npr.org/sections/thetwo-way/2016/04/12/473920159/boko-haram-increasingly-using-children-in-suicide-attacks-unicef-says.

својата пропаганда да ги регрутираат, активираат и употребат овие „истрошени“ воини, за исполнување на своите цели.

Степенот на образование кај извршителите на самоубиствени напади варира од лица без никакво образование, полуписмени лица, лица со просечно образование и лица со високо образование. Гледиштата дека терористите самоубијци се необразовани лица се напуштаат. Сé почесто самоубиствените напади се извршени од лица кои имаат високо и квалитетно образование. Пример за тоа се напаѓачите од 8 септември 2001 година, во САД. Мухамед Ата, водачот на операцијата, израснал во египетско семејство од средна класа, студирал на универзитетот во Каиро и на техничкиот факултет во Хамбург, се чинело дека пред него е убава кариера како архитект и урбан планер. Зијад Јара, другиот пилот самоубиец, исто така, бил високо образован ( дипломирал на Хамбуршкиот универзитет за применети науки), добро ситуиран и според исказите на неговото семејство требало да се жени.[91] И Марвал Ал Шеки, третиот киднапер и пилот самоубиец бил со високо образование, а истото го стекнал на универзитетите во Бон и Хамбург.

Професијата којашто ја работат терористите самоубијци, надвор од активностите во терористичката организација е исто разновидна. Помеѓу терористите самоубијци има лекари, правници, адвокати, војници, полицајци, возачи, физичари, хемичари, математичари, професори, новинари... Речиси и да не постои професија од која не испаднал некој терорист самоубиец. Самите глави на овие операции, најчесто се докажани експерти во своите области. Така, лидерот на Ал Каеда, Ајман ал-Завахири е лекар, хирург, а неговиот претходник Осама Бин Ладен имал дипломирано економија и бизнис администрација на Универзитетот Крал Абдула во Саудиска Арабија. Генералниот секретар на Хезболах, Хасан Насралах е дипломиран теолог, додека лидерот на Хамас, Кхалид Маршал има дипломирано физика на Кувајтскиот универзитет. Лидерот на Курдската работничка партија, Абдула Очалан има диплома од политички

[91] Димовски, З., Меѓународен тероризам, Скопје, 2011 год., стр.144.

студии, лидерот на крилото на ИСИС во Ирак, Абдурахман Мустафа Ал Кадули бил наставник по физика, а лидерот на ИСИС, Абу Бакар Ал Багдади е доктор по теолошки науки. [92]

Анализирајќи ги достапните информации и податоците за терористите самоубијци може да се каже дека тие имаат најразличен бекграунд. Терористите самоубијци доаѓаат од различни професии.

Финансиската положба, исто така, е варијабилна. Помеѓу терористите самоубијци имаме лица од сите социјални слоеви. Идентификувани се благородници, луѓе од средна класа, но и луѓе од најниските слоеви во општествата, па и бездомници.

Религиозната припадност на извршителите на самоубиствен тероризам ни дава скратување на можностите и намалување на списокот на потенцијални сторители. Најголемиот дел, или повеќе од 95 % од терористите самоубијци се припадници на исламската религија. Позната е изјавата на Брајан Килмед, водител на американската телевизија Фикс њуз, кој веднаш после нападите од 11 септември, изјави „не се сите муслимани терористи, но сите терористи се муслимани".[93] Исламската религија, односно радикалниот ислам е тој што е одговорен за најголемиот број на самоубиствени напади, а појавата на самоубиствените напади се поврзува со појавата на радикалниот шиитски тероризам во Иран. Џихадот и загинувањето во име на Алах заради благодати во задгробниот живот се најчестите причини за самоубиствените напади.

Етничката припадност на извршителите на самоубиствени напади треба, исто така, да се разгледа. Припадниците на одредени етнички групи и националности, многу повеќе се јавуваат како терористи самоубијци за сметка на другите. Така како најчести извршители се јавуваат Тамилите, Палестинците, Курдите, Египќаните, авганистанските Талибанци и Иранците.

[92] „Brutal Efficiency: The Secret to Islamic State's Success". *Wall Street Journal*. 3.

[93] https://www.quora.com/All-Muslims-are-not-terrorists-but-all-terrorists-are-Muslims-Why-is-it-so-I-am-talking-about-the-major-terrorist-groups.

Согледувајќи ги параметрите врз кои може да се изврши некакво си профилирање на терорист самоубиец, можеме да кажеме дека не постои еден и единствен таков профил. Профилите на терористите самоубијци се различни и заради тоа е потребно да се занемари изгледот на потенцијалните сторители, а повеќе време да се посвети на неговиот начин на однесување и неговото облекување.

## 2.4. Профил на европскиот џихадистички терорист

Терористите, терористите самоубијци и џихадистите имаат различни навики и карактеристики кои меѓу другото зависат и од просторот на кој истите дејствуваат. Така, различен профил имаат терористот во арапските земји, африканскиот терорист, терористот на Блискиот Исток како и терористот кој своите дела ги врши на европско тло. Логички, нас најмногу би не интересирал профилот на последно споменатиот, „европскиот џихадистички терорист“. За да можеме попрецизно и поактуелно да го претставиме истиот ќе гиземеме сите џихадистички напади на европско тло кои се случиле во периодот од 1.1.2018 до 31.12.2020 година.[94] Некои од нив немаат карактеристики на директен самоубиствен напад, но, сепак. истите ќе бидат вклучени во ова профилирање заради можноста истиот напаѓач подоцна да изведе и класичен самоубиствен напад. Методот на терористот се менува. Не е константен.

Периодот кој го споменав се карактеризира со вкупно 18 џихадистички терористички напади на **територијата** на Европа. Нападите се изведени во седум европски држави: Франција на чија територија се изведени 8 напади, Велика Британија и Холандија со по 3 напади, како и Австрија, Белгија, Германија и Италија со по еден напад во овој период. Како најфреквентен град на напади се појавува Париз со 4 напади, следните 14 градови со по еден напад се: Виена,

[94] https://europol.europa.eu/crime-areas-and-trends/crime-areas/terrorism.

Ница, Стразбур, Требес, Лион, Дрезден, Лиеж, Утрехт, Амстердам, Милано, Ридинг, Манчестер и Лондон.

**Потеклото** на извршителите е шаренолико, па имаме терористи со албанско етничко потекло, Чеченци, Сиријци, Пакистанци, Турци, Либијци, Алжирци, Мароканци, Сомалијци, Авганистанци и Тунижани како извршители. Голем дел од нив се со двојни државјанства и долг временски период на престој во Европа.

Во вкупниот број на напади убиени се вкупно 35 лица, додека ранети се 109 граѓани.

Во 61 % од нападите имало **жртви**, додека 39 % од нападите поминале без жртви. Во секој од споменатите џихадистички напади имаме по еден извршител кој во 50 % од случаите бил убиен од безбедносните сили, додека во останатите 50 % бил уапсен. Ниту еден извршител во последните три години не избегал од очите на правдата.

Согледувајќи го нивниот modus operandi, односно **начините на извршување** доминираат прободувањата со нож (67 %) и отворањето оган и пукање на јавни површини (27,7 %), додека со помал интензитет се јавуваат бомбашките напади (11 %) и земањето заложници (11 %).

За **религијата** на извршителите не треба да се зборува, 100 % од извршителите се радикални исламисти.

Сите извршители се од машки **пол** на возраст од 18 до 45 години, со просечна старост од 26 години.

Нивниот **изглед** е карактеристичен. Сите, освен еден извршител имаат неуредна брада, кратко потстрижена коса и користат широка облека.

Дури 55 % од нив биле следени од безбедносните службите, а 44 % се јавуваат во улогата на рецидивисти. Како припадници на салафизмот се окарактеризирани 11 %, додека за 16 % од нив постојат информации дека се конвертирани во радикален ислам при издржувањето на претходната затворска казна во казненопоправните установи ширум Европа.

Најголемиот дел од извршителите (50 %) биле во **корелација** со ИСИС, по еден извршител е именуван како член на Ал Каеда и Алсар ал Шарир, додека останатите 7 (38 %) се претставени како осамени волци џихадисти.

Резимирајќи ги погоре споменатите информации, најкратко и наједноставно, но доста прецизно можеме да кажеме дека „**европскиот џихадист**“ е маж на возраст од 26 години по потекло од арапските земји кој претходно се „интегрирал“ во западниот свет и истиот има имиџ од несредена брада, кратка коса и широка облека. Најчесто користи нож како средство за напад, но не е исклучено ни огненото оружје, особено револверот. Негова омилена дестинација се Париз и Франција во целост, иако има симпатии и кон останатите моќни западноевропски држави.

## Заклучок

Доколку се сумира претходно изнесеното можеме да заклучиме дека џихадистичкиот тероризам, особено самоубиствениот тероризам претставува своевидна рак-рана на модерното живеење. Неговата економичност, разноликост и непредвидливост, од една страна, го прават тежок за откривање од страна на безбедносните служби, додека, од другата страна, тој е толку посакуван и користен од страна на терористичките организации во светот.

Неговото спречување речиси е невозможно без, притоа, да имаме човечки и материјални штети доколку дојде до фаза на реализација. Заради тоа, потребно е да се стави акцент на раните фази на неговата подготовка и што е можно порана детекција со цел да се избегнат сите негативни дејства кои истиот би ги предизвикал.

Особено, потребно е следење на процесот на радикализација кој е еден вид на иницијална каписла во целиот овој сложен систем на тероризам. Безбедносните служби мора да посветат внимание на местата на кои се врши радикализација, личностите кои истата ја извршуваат и потпомагаат, социјалните мрежи, особено линковите и сајтовите со радикални содржини. Од круцијално значење е следењето на промената на практикувањето на Исламот кај поединци,

нивното однесување и начинот на облекување, пресретнувањето на сомнителните комуникации и трансфери на финансиски средства. Без забележување, познавање и правилно читање на логоата би тргнале во погрешна насока. Заради тоа, потребно е сериозно посветување на криптографијата и симбологијата.

Како и кај секој вид на негативно човечко поведение, така и овде од особено значење е имањето на одреден прототип кој би требало да се следи. Профилирањето на терористите самоубијци може многукратно да им помогне како на лицата во првите борбени редови, така и на цивилното население. Прво, како соработници на службите, второ и побитно заради сопствена заштита. Во борбата со тероризмот мора да биде вклучена целата заедница. Профилот на џихадистот мора постојано да се следи, надополнува и изменува секогаш кога ќе биде потребно. Сѐ што егзистира е подложно на промени, па така и терористите. Хераклит многу одамна кажал дека „сѐ тече, сѐ се менува“, ништо не е постојано. Веќе два милениума терористите ги менуваат своите методи и начини на дејствување, искористувајќи ги пронајдоците и новите технологии.

Заради тоа борбата со тероризмот мора да биде постојана, 24 часа во денот, 7 дена во неделата, 365 дена во годината, беспоштедна и навремена, без никакви пропусти.

Нашата татковина не е имуна. Идентификувани се терористички акти и на нашата територија. Иако досега немаме евидентирано самоубиствен терористички акт, не значи дека и во иднина ќе го немаме. Службите мора да останат будни и да ја зголемат својата будност. Патот на мигрантите до богатите европски земји водеше низ Македонија. Пропустот и следењето на мигрантите не беше целосно контролиран. Со сигурност не може да се знае каков профил на луѓе влегле и излегле од земјата, или, пак, каков профил на луѓе сѐ уште маневрираат во внатрешноста. Опасноста од тероризмот постојано демне и не остава простор за одморање. Потребно е брзо креирање на широка и сеопфатна „Национална стратегија за рана детекција на радикализација и борба со џихадистите“ која би ги опфатила сите можни сегменти на борбата со тероризмот.

## Библиографија


1.Шалијен, Ж., Блин, А., Историја на тероризмот од антиката до АлКаеда, Табернакул, Скопје, 2009;

2. Димовски, З., Меѓународен тероризам, Скопје, 2011 год.

3.Димовски, З., Тероризам, Графотранс, Скопје, 2007 год.

4. Прирачник за обука на тимови за реакција на кризи, Инструктори од САД.

5.Петровиќ, Д., Самоубилачки тероризам, Институт за упоредно право, Београд, 2009.

6.Котески, М., Николовски, М., Методика на истражување на општиот криминалитет, Факултет за безбедност, Скопје, 2008.

7.М.Бошковиќ, Криминалистичка методика-1, друго измењено и допуњењо издање, Полициска академија, Београд, 1998.

8. Силјанов, Х., Ослободителните борби во Македонија, Том I.

9. Цитат: Дод, А., Кратка историја на самоубиствените бомбашки напади, август 2013.

10.Lewis, J. W., „The Human Use of Human Beings: A Brief History of Suicide Bombing".,(April 2013), *Origins*. **6** (7). Retrieved 21 October 2015.

11.HOFFMAN, B., , „The Logic of Suicide Terrorism", June 2003,*The Atlantic*. Retrieved13 October 2015.

12. Beer, Robert (1 January 2003), „The Handbook of Tibetan Buddhist Symbols". Serindia Publications, Inc. – via Google.

13..„Brutal Efficiency: The Secret to Islamic State's Success". *Wall Street Journal*.

14.S.G.F. Brandon, Jesus and the Zealots, A study of the political factor in primitive Christianity, Manchester, Manchester University press, 1967.

15,Gambetta, D., (2005). *Making sense of suicide missions*. Oxford; New York: Oxford University Press. p. 50. ISBN 978-0-19-927699-8.

16. Human Capital and the Productivity of Suicide Bombers, Journal of Economic Perspectives,Volume 21, Number 3, Summer 2007. Pages 223–238Archived January 27, 2013, at the Wayback Machine.

17.Islamikaze: Manifestations of Islamic Martyrology, Frank Cass, London, 2004.

18. „Al-Aqsa Mosque, Jerusalem". Atlas Travel and Tourist Agency. Archived from the original on 26 July 2008. Retrieved 29 June 2008.

19.., John E. Muslims and the News Media. 2006.
20.https://www.macedonium.org/Macedonium.aspx?jazik=2&kid=9&pid=33&ppid=277&tid=1719.
21. https://www.quora.com/All-Muslims-are-not-terrorists-but-all-terrorists-are-Muslims-Why-is-it-so-I-am-talking-about-the-major-terrorist-groups.
22.http://www.npr.org/sections/thetwo-way/2016/04/12/473920159/boko-haram-increasingly-using-children-in-suicide-attacks-unicef-says.
23. http://okno.mk/node/45572.
24.https://aoav.org.uk/2013/a-short-history-of-suicide-bombings.
25.EU Terrorism Situation & Trend report (All Te-Sat Reports), Europol.
26.https://europol.europa.eu/crime-areas-and-trends/crime-areas/terrorism.

УДК: 330.567.22:351.755]:81'373.21(497.711)

Младен Трајков

# БЕЗБЕДНОСНИ И ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ОД ПРОМЕНИТЕ НА ИМИЊАТА НА УЛИЦИТЕ ВО ГРАД СКОПЈЕ

м-р Младен Трајков, Министерство за внатрешни работи, Центар за обука, пензиониран виш полициски советник-обучувач,
mladen.trajkov@gmail.com

**Апстракт**

Низ трудот провејува непромисленоста за промената на имињата на улиците од страна на градските власти кои покрај тоа што постапуваат непромислено, постапуваат и спротивно на законските прописи кои важат во Република Северна Македонија а во никој случај пониските акти не смеат да бидат во колизија со повисоките. Околу објаснувањето на овој феномен се групирани повеќе поднаслови кои го покажуваат значењето на секој од елементите поодделно. Во воведот во кратки црти е претставена целта заради која е подготвен трудот за да се укаже на градските власти за незаконското постапување и импликациите од него. Следува претставувањето на користената методологија, под *два* е претставен органот кој е надлежен за промените на имињата на улиците во градот Скопје, под *три* се претставени безбедносните импликации кои со себе ги носат промените на улиците во градот Скопје, под *четири* се претставени финансиските импликации, под *пет* се објаснети негативностите од неинформираноста и запознавањето на граѓаните за промените на нивните улици, под *шест* се дадени препораки, под *седум* е даден заклучокот и на крајот е дадена користената литература.

**Клучни зборови:** промена на имиња на улици, безбедност, лични исправи

## Security and Financial Implication For Local Citizen Arising From the Street Name Changes in the city of Skopje

### Abstract

This study implies a message for the irrational street name changes conducted by the local authorities, who act unreasonably and operate against the legal regulations applicable in the Republic of North Macedonia. They are not allowed in any respect to place lower acts in a collision with the higher ones. In order to explain this negative phenomenon, there are several subtitles describing the knowledge of each point separately. In the introduction, we have presented the objective of this study to address local authorities concerning the illegal action and the implications arising from it. The introduction is followed by the methodology we used and under the second subtitle, there is a presentation on the authority competent for street name changes in Skopje. Under subtitle 3, we have presented the security implications resulting from such changes. The fourth subtitle describes the financial implications whereas 5 focuses on disadvantages concerning the street name changes and introducing the people to this subject matter. The sixth subtitle provides recommendations and number seven stands for the conclusion and sources.
**Keywords:** street name changes, security, identity documents

### Вовед

Вообичаено, имињата на улици, плоштади и други јавни установи ни служат, како граѓани, што полесно да дојдеме до саканата дестинација. Од друга страна, определувањето на имињата на улици, објекти, плоштади и друго се прави за да им се оддаде почит на одредени лица кои имаат пошироко општествено значење за населението коешто живее таму. Секако, во одредени случаи кога се наметнуваат одредени имиња, настани и друго, кои предизвикуваат револт

кај граѓаните многу е значајно да се има слух бидејќи постои опасност од предизвикување револт со несогледливи последици. Очекувано е дека, при определувањето на имињата ќе се води сметка за личности и настани кои се значајни и за малцинските заедници но не и оние кои се бореле за уривање и уништување на државата или институциите и нивните припадници. За жал, последниот предлог на Град Скопје со предложениот список со имиња со кои се дополнуваат и менуваат улиците во градот Скопје и донесената одлука на Советот на Град Скопје која е објавена во електронскиот Службен гласник на Град Скопје бр.4 од 30.3.2021 година го прави сосем спротивното, одлуката е достапна на следниов линк на официјалната интернет-страница на Град Скопје: (http://ipserver1.skopje.gov.mk/eskopje/sluzben%20glasnik%20so%20konverzija.nsf/F1?OpenFrameSet), ова беше иницијалната griсла која го предизвика моето внимание и ме натера да подготвам една безбедносна анализа на импликациите кои се предизвикуваат со оваа промена.

## 1. Користена методологија во трудот

При пишувањето на трудот се користени неколку од општите методи: *а)* **дескриптивниот метод** – преку кој се опишува појавата која е цел на нашето истражување, *б)* **каузалниот метод** – преку кој се поставува причинско-последичната врска на промените на имињата на улиците и финансиските импликации за граѓаните предизвикани од промената (Мојаноски, 1998) и *в)* **метод на анализа на содржината на документите („content analysis“)** – каде што се анализираат сите законски обврски кои произлегуваат за граѓаните од само една промена на нивната улица (Мојаноски 2012, 397).

## 2. Орган кој е надлежен за промените на улиците во град Скопје

Во согласност со законската регулатива а конкретно, според Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти (Закон за определување на имиња и улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/13, 147/2015), каде што во

членот 4 е предвидено дека: „Определување на име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект на подрачјето на општината се врши со одлука донесена од Советот на општината, а за подрачјето на град Скопје, со одлука донесена од Советот на Град Скопје. Одлуката се усвојува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот на општината, односно на Советот на Град Скопје, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината, односно во градот Скопје“. Во продолжение и потребата од водење сметка за работи кои не смее да се направат при определување на новите имиња. Според законскиот пропис предвидено е дека: „Не може да се определи име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект со кое се нарушува угледот на Република Македонија, се навредуваат националните чувства на граѓаните на Република Македонија и на граѓаните на други држави, исто така, се нарушуваат и односите меѓу заедниците, обичаите и јавниот морал“Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/13, 147/2015 чл.6). За ова повеќе коментари во средствата за јавно информирање каде граѓаните укажуваат на предложени имиња на лица кои се бореле за „Голема Албанија“ биле припадници и советници на „Призренска лига“ („Република“ со наслов: „Шилегов ќе именува улици во Скопје по творците на Голема Албанија од 17.2.2021: https://republika.mk/vesti/skopje/shilegov-kje-imenuva-ulici-vo-skopje-po-tvorcite-na-golema-albanija/), на настаните од 2001 година, за време на конфликтот кои се бореле за рушење на Македонската држава и убивале припадници на македонските безбедносни структури но и цивилно население, („Јас (не) живеам на оваа адреса“, Нова Македонија 25.2.2021, достапен на следниов линк: https://www.novamakedonija.com.mk/makedonija/skopje/%D1%98%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B5%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D0%B0%D0%BC%D0%BD%D0%B0%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D0%B0%D0%B4%D1%80%D0%B5%D1%81%D0%B0/). Од правен аспект уште поинтересен е

**членот осум**, во ставот два од истиот закон, каде што е предвидено дека, **промената на имињата на улици, плоштади, мостови и др., не може да се врши шест месеци пред одржување на редовни претседателски, парламентарни и локални избори и една година пред планираниот попис на населението (**Предвидено во член 8 од Законот за определување на имиња и улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, „Службен весник на Република Македонија", бр. 66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/13, 147/2015).

Намерно го потенциравме со (болд) текстот којшто укажува што не смее и кога не смее да се случи, ние во 2021 година имаме: **ПОПИС** на населението, кој веќе е почнат (па одложен на 6 месеци или ќе продолжи на 5 а ќе трае до 30 септември: Одлуката е донесена на 2 април 2021 година а пописот веќе бил во тек кога е донесена одлуката на Советот на Град Скопје која е објавена на 30 март 2021година) и закажани **Локални избори** кои треба да се одржат на 15 октомври 2021 година (https://sdk.mk/index.php/makedonija/lokalni-izbori-na-15-oktomvri/) што е во спротивност со членот 8 од Законот по два основа.

## 3. Безбедносни импликации од промените на имињата на улиците во градот Скопје

- **На обврските во вонредна и воена состојба**

Промените на имињата на улиците во градот Скопје, особено е изразена во безбедносните импликации коишто, според она што го гледаме и читаме, како ниедна безбедносна институција да не ја засега бидејќи до сега не успеав да пронајдам каква било реакција на институција за можни безбедносни импликации. Но, ништо не е чудно бидејќи и тие што раководат со безбедносните и судските институции очигледно е дека не се свесни што сѐ предизвикува една промена на име на улица во градот, којшто е прилично густо населен, особено општините кои се поблиску до центарот. Во случај на вонредна или воена состојба, кога надлежностите ги презема Министерството за одбрана, дури тогаш ќе се почувствуваат проблемите кои се претходно

создадени. Граѓаните и во нормални услови не се многу заинтересирани да се јавуваат или да ги примаат повиците, поканите и други акти кои се од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, судските институции или од секого што предизвикуваат одредена обврска. Овде имаат реални можности доколку не им се променети личните исправи или им се променети а службените лица според нивните стари евиденции им кажуваат дека не станува збор за истите лица, а за последиците од тоа треба да се навратиме во 2001 година, да ни биде како поука при повикувањето на резервниот состав и неможноста да се пронајдат одредени граѓани, пред сѐ, заради непроменетите адреси на живеење на личните документи а потоа и заради други причини.

- **На системот на водење на евиденции од личните исправи**

Вообичаено, промените на имињата на улиците предизвикуваат голем број проблеми особено при користењето на старите и обврската за вадење на новите лични документи. За илустрација, кога станува збор за старото и новото име на одредена улица, вообичаено, институциите бараат да им биде донесен документ со кој ние (граѓаните) ќе докажеме дека станува збор за истата улица. Таквиот документ е **Уверение за точна адреса од Секторот за комунални работи на Град Скопје** (такса 50 денари 2014), а колку е денес не ми е познато. И за истата вообичаено се чека од 2 до 10 работни дена, за ова ќе стане збор во делот за финансиските импликации од промените на имињата на улиците.

- **Лична карта**

Личната карта е основниот личен документ кој е потребно да го извади секое физичко лице со наполнети 18 години живот но, најдоцна до 18 години и три месеци, бидејќи потоа може да добие и прекршочна пријава за ненавремено вадење на лична карта. Вадењето на личната карта особено кога се променети имињата на улиците во градот Скопје, за оние лица на коишто им е сменето името на нивната улица, по автоматизам повлекуваат и вадење на други лични документи со новата адреса бидејќи речиси секаде при вадење на други лични исправи на увид се бара личната карта која гласи на наведената адреса. Процесот на вадење нова лична карта најчесто е поврзан со: телефонско

закажување (Закажувањето може да се спроведе преку електронскиот центар за потребите на МВР за кој се дадени можности преку два телефонски броја 072929292 или 080019292, или преку официјалната интернет-адреса на МВР https://mvr.gov.mk/default, во рубриката електронско закажување за вадење на лични документи https://termin.mvr.gov.mk/Reservation) за фотографирање, приложување или доставување фотокопија од Уверение за точна адреса од Секторот за комунални работи на Град Скопје, со плаќање одредена такса за новата лична карта, со друго телефонско јавување или со добивање порака известување дека е изготвена личната карта и може да се подигне. Овде мораме да ја претставиме измената која е направена во Законот за личната карта каде во член 7 став 5 се вели: ***„При промена на име на улица во согласност со Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, личната карта на граѓанинот ќе важи до рокот на важење кој е наведен во личната карта, освен во случаите предвидени во членот 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија“, број 19/2007 и 10/10)“ (***Предвиден во Законот за лична карта (пречистен текст), кој ги опфаќа броевите од 13/12 до 55/16, а е објавен на интернет- страницата на МВР, https://mvr.gov.mk/zakon/19***).*** Од друга страна, секако, постои законската обврска за постапување на граѓаните според **Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните** (неофицијален пречистен текст Закон за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните во кој влегуваат броевите на „Службен весник на СРМ“, од бр. 36/92 до „Службен весник на РСМ“, бр. 302/20, објавен на интернет-страницата на МВР, https://mvr.gov.mk/zakon/18), каде во член 3 став 1, стои: ***„При промена на живеалиштето, граѓанинот е должен да го одјави претходното живеалиште и да го пријави новото живеалиште во рок од осум дена од денот на иселувањето“***. Во ставот 2 е предвиден временскиот период кој претставува обврска на граѓанинот да ја пријави промената каде се вели: „Граѓанинот е должен во рок од **осум дена** да ја пријави промената на адресата на станот на живеалиштето“. А во член 3-а, став 1, предвидено е дека:

„Пријавувањето и одјавувањето на живеалиште и пријавувањето на промена на адреса на станот се врши врз основа на поднесено барање на граѓанинот со доставената потребна документација". Сите овие законски обврски зборуваат сами за себе но и за граѓанските обврски кои течат од стапувањето на сила на законскиот или подзаконскиот пропис со кои се менуваат имињата на (сите или на дел од) улиците во градот Скопје.

- **Патна исправа**

Ова е вториот личен документ којшто е поврзан со личната карта и без покажување на истата на лице место е невозможно да се извади патна исправа. Значајно е да напомниме дека во Законот за патни исправи и во самата патна исправа не постои законска ниту техничка можност да се промени само адресата на живеење туку се плаќа и се вади нова патна исправа. Процесот на вадење на новата патна исправа, најчесто, е поврзан со: телефонско закажување (преку погоре претставените можности) за фотографирање, приложување или доставување лична карта на увид и фотокопија од Уверение за точна адреса од Секторот за комунални работи на Град Скопје, со плаќање одредена такса за новата патна исправа, со друго телефонско јавување или со добивање порака известување дека е подготвена патната исправа (во последнава година оваа активност не се спроведува) и може да се подигне.

- **Возачка дозвола**

Возачката дозвола, исто така, претставува лична исправа која заради изменетото име на улицата каде се живее неопходно е да биде променета само адресата во системот на Министерството за внатрешни работи за издадени возачки дозволи, но, секако, промената може да се изврши врз основа на валидна документација која се доставува откако: направиме телефонско закажување за внесување на промената на адресата, приложување или доставување лична карта на увид и фотокопија од Уверение за точна адреса од Секторот за комунални работи на Град Скопје, со плаќање одредена такса за спроведување на постапката на промената.

- **Сообраќајна дозвола - регистрација на возилата**

Сообраќајната дозвола претставува еден вид лична карта за моторното возило кое е во наша сопственост и на истото има впишано и адреса на која е

регистрирано живеењето на сопственикот на возилото. Секако, промената на името на улицата на која живее сопственикот е поврзано со рок во кој сопственикот е обврзан да ја внесе промената. Зошто е важно внесувањето на промената да биде според законски предвидените рокови од безбедносен аспект. Сведоци сме на секојдневни случени сообраќајни незгоди и други криминални настани во кои се користат возила со кои сторителите по нивното сторување со бегство се оддалечуваат од лице место. Многу често се случува некое лице да ги забележи регистарските ознаки, но во системот таква улица не постои затоа што нејзиното име е сменето и, всушност, така доаѓа до поголем проблем за: полицијата, судовите, курирските служби, поштенските работници и др. Особен проблем претставува кога сопственикот го продал неговото возило, на сопственикот му го смениле името на улицата каде што живее, не склучил нотарски договор и не го префрлил возилото на новиот сопственик а со возилото се сторени голем број криминални активности. (Како пример може да ни послужи возилото кое е искористено за атентатот на поранешниот претседател на Република Македонија Киро Глигоров, достапно на https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%90%D1%82%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%82_%D0%B2%D1%80%D0%B7_%D0%9A%D0%B8%D1%80%D0%BE_%D0%93%D0%BB%D0%B8%D0%B3%D0%BE%D1%80%D0%BE%D0%B2). Друг пример претставува: (НН-познато на авторот), лице кое не знае дека му е променето името на улицата каде што живее и планира да оди на годишен одмор од утре а до денес му важи регистрацијата на неговото патничко моторно возило (свесен за рокот и за техничката исправност - трета регистрација, релативно ново возило). Од таа причина оди да го регистрира возилото а таму го известуваат дека во системот не постои неговата адреса на живеење и треба да им донесе Уверение за точна адреса од Секторот за комунални работи на Град Скопје, да ја промени личната карта, патната исправа и да смени адреса во сообраќајната и возачката дозвола за што е потребно приближно, најбрзо, околу 30 дена во редовна постапка со нормални трошоци, пресметани и за брачниот другар и за нивните две полнолетни деца. Прво, се судрува со нерегистрирано возило кое не може да го користи во периодот додека ги вади

потребните документи, притоа користејќи дел градски превоз, на некои делници и такси услуги, а, секако, да не ги заборавиме и телефонските услуги. Второ, пропаѓаат резервациите за годишен одмор бидејќи туристичката агенција последниот ден не можела да најде нов корисник на терминот кој бил уплатен од лицето. Од овој пример треба да се извлече поука дека обврска на Град Скопје е писмено да ги извести граѓаните кои живеат на оние улици на кои им се сменети имињата дека е неопходно навремено да си извадат нови лични и други исправи.

- **Дозвола за оружје**

Едно од граѓанските права е можноста на набавка и поседување на огнено оружје од страна на граѓаните, се разбира, под строго определени услови. Но, вообичаено, најголемиот број на злоупотреби на оружјето се сторени со оружје кое се поседува незаконски или нелегално. Проблемите и последиците од незаконското користење на оружјето помалку или повеќе веднаш по случувањето на одреден криминален настан претставуваат проблем, прво, на истражните органи а, пред сè, на полицијата. Промените на имињата на улиците дозволија некои улици од Општина Центар во Скопје сега се преименувани во Општина Кисела Вода, населба Драчево во Скопје, а последиците ги трпат како граѓаните така и безбедносните служби. Причина повеќе е незнаењето на граѓаните за извршените промени на имињата на улиците, непознавање на обврската за промената на личните исправи според законските рокови (Иако во кривичниот законик се упатува на фактот дека никое лице не може да биде ослободено од одговорноста затоа што не го познавало прописот), понекогаш немарноста на граѓаните а најмногу заради неажурноста на полицијата во проверката на личните исправи по место на живеење (поранешната пријавно одјавна служба). Полицијата, заради сите овие погоре претставени причини има проблем за обезбедување на сомнителните лица кои го злоупотребиле оружјето а сè тоа се случува заради една промена на името на улицата каде што живеат граѓаните. Во евиденциите кои ги води Министерството за внатрешни работи за лицата кои поседуваат огнено оружје, граѓанска обврска е доколку настанат какви било промени истите во законски предвидениот рок да ги пријават

промените и да извадат нови документи (Според Законот за оружјето (редакциски пречистен текст) „Службен весник на Република Македонија“, во кој се влезени броевите од бр.7/05 до бр. 97/18, во член 38 стои: „При промена на живеалиштето или престојувалиштето, односно седиштето на имателот на дозволата за оружје, дозволата за колекционерско оружје односно дозволата на поседување на оружје е должен во **рок од 30 дена** да го пријави оружјето на надлежниот орган на чие подрачје е новото живеалиште или престојувалиште, односно седиште“. Клучно е да напомниме дека и промената на името на улицата потпаѓа во категоријата промена на живеалиштето, бидејќи веќе старата улица не постои сега има ново име). Постапката е многу слична како и кај останатите процедури со тоа што само телефонски не се закажува.

- **Министерство за правда, ажурирање на гласачките списоци**

Прво, за Министерството за правда општо, преку него судските институции имаат огромен проблем во обезбедување на точни адреси за лицата за кои се покренати обвинителни акти а најголем е проблемот со *доставата* (Најсвеж пример со проблем за достава на судски документи, иако може да бидат доставени и до правниот застапник, беше примерот со Сашо Мијалков од 24 февруари 2021год.) на судските акти, обезбедувањето на лица за присуство на закажани рочишта, слабата соработка со полициските органи кои се немоќни во делот на промените на имињата на улиците и, секако, желбата на одредени граѓани да ги одбегнат сопствените одговорности пред органите на прогонот.

Гласачките списоци се документи на Министерството за правда, кои се ажурираат според евиденциите за местото на живеење на граѓаните, односно според личната карта на секој одделен граѓанин, но претходно видовме до какви компликации доаѓа при незнаење, ненавремено менување на адресата на која се живее заради менување на името на улицата на која се живее, сето тоа заради недоволната информираност на граѓаните предизвикува проблеми на денот на изборите. Заради овие проблеми на денот на гласањето во Министерството за внатрешни работи е подготвен превентивен механизам којшто функционира повеќе години наназад, односно, откако е увидено дека граѓаните заради неинформираност на време не ги промениле личните исправи

кои се потребни за утврдување на идентитет на денот на изборите (лична карта или патна исправа) истечен рок или несоодветна адреса. Министерството за внатрешни работи на денот на изборите, кои вообичаено се во недела, воведува дежурство и итно вадење на лични карти во текот на викендот на денот на изборите (сабота и недела) документите се подготвуваат по брза постапка а се наплаќаат како вадење на документи во редовна постапка сè со цел, граѓаните да можат да го остварат своето право на глас. И во оваа состојба е неопходен доказ за промената, но истиот се обезбедува по службен пат. Овде мора да се истакне проблемот со пријавување на граѓани на еден куќен број (по 30-50 или повеќе), кои вообичаено се објавуваат како информации од опозициските партии со конкретни адреси а понекогаш и со конкретни луѓе кои престојуваат во тие куќи или станови (само фиктивно) што има директно влијание на резултатите од гласањето на изборите.

### 4. Финансиски импликации

Финансиските импликации и губењето на работно време за граѓаните претставуваат еден од најголемите предизвици со кои тие се судруваат после менувањето на улиците на кои тие живеат. Бидејќи постојат повеќе предизвици дел од нив таксативно ги набројуваме заедно со сумите кои треба да се издвојат за нивно менување и вадење.

- За вадење на Уверение за точна адреса од Секторот за комунални работи на Град Скопје (такса 50,00 денари);
- Вадење на нови лични исправи за целото семејство, потреба од известување на голем број институции за промената (лична карта 190,00 денари, патна исправа 1500,00 денари, плус имотен лист 200,00 денари и Уверение за точна адреса 50,00 денари, достапно на (https://termin.mvr.gov.mk/ReqiuredDocuments), возачка дозвола 280,00 денари, само за сообраќајна дозвола 820,00 денари, дозвола за оружје 550,00 денари и др., или околу 3.590,00 денари (60 евра) за еден возрасен член без финансиите за **превоз** од дома до местото каде се спроведуваат овие активности и враќање назад;
- Губење работни денови за да се извадат сите документи - непотребни отсуства од работа;
- Плаќање телефонски сметки за закажување;

- ❖ Неработење на институциите во две смени.

## 5. Негативности од неинформираноста и запознавањето на граѓаните за промените на нивните улици

Проблемите со неинформираноста на населението за промената на името на некоја улица во еден мал дел ги видовме погоре во текстот а ефектите од истото се на штета на населението кое живее на променетата улица, пред сè, а, секако, и на штета на институциите кои не можат да ги спроведат законските надлежности. Но, за разлика од граѓаните, институциите се заштитени пред законот, односно во прописите речиси секаде е возможно огласувањето на огласна табла (Калајџиев, Г., Лажетиќ Г., и др, 2018 Коментар на Законот за кривична постапка, ОБСЕ, Скопје, член 128 став 4) во јавната институција да се смета за „уредна достава“. Ова е невиден апсурд затоа што граѓанинот може и воопшто да не знае дека против него се води некоја правна постапка, управна постапка (Според Законот за општа управна постапка, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 124/2015, во член 84), прекршочна или кривична постапка и за истото да биде донесена одлука: решение, пресуда или друг вид на акт за којшто граѓанинот не е информиран а мора да ги трпи последиците. Зошто ова се случува: 1. Доставната служба во институциите каде што постои е нефункционална и не сака да се потруди за да го пронајде лицето и изврши „уредна достава“, туку ќе направи или воопшто нема да направи ниеден обид за достава и веднаш го враќа актот со образложение дека вакво лице не постои, не живее на наведената адреса, не е најдено дома и слично. Токму како појаснување би дал еден практичен пример од личното искуство.

**Пример:**

***Од Судот за прекршоци во Скопје, добиена е наредба да биде приведено лице од Скопје, коешто е пријавено дека живее на ул. „Црвена Вода“, во Општина Центар наспроти Универзалната сала. Од страна на неколкумина полицајци од реонот ми е потврдено дека на наведената улица дадениот број не постои. За да можеме да ја реализираме наредбата од***

***судот од моите колеги побарав да ми обезбедат контакт со реонскиот поштар, а во меѓувреме јас лично отидов во Општина Центар во Одделението на Министерството за правда и проверив дали во гласачките списоци постои такво лице. Од страна на одговорниот ми беше укажано дека лицето постои и дека било на претходното гласање за некои избори. Но, истовремено, од истото лице, добив информација дека од истата улица има два броја некаде во близина на Соборниот храм во Скопје. Во меѓувреме остварив контакт со реонскиот поштар кој ми кажа дека не знае за ова, но во 14 часот заедно ќе си одат накај дома со поштарот од тој реон па може да се видиме во Пошта 2 на новата Железничка станица во Скопје. Во контакт со реонскиот поштар од таа околина околу Соборниот храм, истиот точно ми кажа во која куќа живее лицето, со кого живее и каде работи. Ние успешно ја извршивме судската наредба а лицето го упативме во Град Скопје, да оди и да си ја регулира состојбата со адресата што на заедничко задоволство беше сторено во најкраток можен рок.***

Овој пример е даден за докажување на начелото на упорност, темелност и истрајност во работењето и докажување на начелото на објективната вистина каква и да биде, преку што, си ја олеснуваме, прво, нашата а потоа и работите на другите институции.

Втората работа е незнаењето на граѓаните што треба да сторат во ситуации кога се променети имиња на улици, броеви на куќи и слично, што се одразува на нивниот живот. Токму за олеснување на животот на граѓаните се и предлозите кои се дадени малку подолу.

## 6. Препораки

Со цел олеснување на и онака тешкиот начин на животот на граѓаните ги даваме следниве препораки:

1. Прво и основно, бидејќи власта ги наметнува промените коректно, е таа да ги сноси трошоците за замената на личните документи;

2. За промените на имињата на улиците да постои барем една недела јавно информирање преку средствата за јавно информирање за да може да дознаат најголемиот број на граѓани;
3. Во однос на погусто населените улици со: згради, комплекси од згради и друго, каде на една улица живеат и повеќе илјади граѓани, од страна на претставниците на Урбаните (месните) заедници да бидат дистрибуирани известувања до сите „куќни совети“ или „управителите на зградите“ во согласност со Законот за домување, за да можат навремено да си ги средат личните документи;
4. Министерството за внатрешни работи да не бара **Уверение за точна адреса од Секторот за комунални работи на Град Скопје**, бидејќи истата може да ја добие по службен пат, односно тоа да биде обврска на Град Скопје, со писмен акт да им ги достави промените на сите јавни институции кои работат според регистрите на улиците;
5. Да се воспостави институционален интегриран систем за лични документи при што нема потреба граѓаните да трчаат од една во друга институција за да ги средат своите лични документи.
6. Конечно, да профункционира едношалтерскиот систем за да не се трошат огромен број на работни часови, отсуства од работа, нередовност и други активности за да се извадат своите лични документи според новонастанатата состојба, само граѓанинот е потребно да се појави на едно место и да поднесе барање а другите документи да му бидат изработени врз база на тоа барање (системот самиот да ги влече податоците и да ги промени секаде каде ќе се појават податоци за тоа лице).
7. На интернет-страницата на Град Скопје да се постави рубрика со Улиците во градот Скопје, каде ќе бидат вметнати сите измени на имињата на улиците и од каде што многу лесно би се ориентирале – бидејќи системот би бил поврзан и со патна карта и со објекти за полесно функционирање и користење од страна на сите заинтересирани граѓани (систем на јавност, транспарентност и достапност).
8. Дистрибуирање на известување и линк (од Град Скопје), каде може да се пронајдат измените до најчестите корисници: полицијата, јавните служби, Комуналната хигиена, ЕВН, Македонски телекомуникации, Улици и патишта, Водовод и канализација, такси компаниите, Јавното сообраќајно претпријатие и други јавни служби – инспекторати, министерства и друго.

## 7. Заклучок

Во заклучокот ќе поместиме само неколку констатации кои произлегуваат од трудот:

- Легитимно избраната градска власт (локалната самоуправа) непочитувајќи ги законските прописи, носи незаконски одлуки со што и онака оптоварениот буџет на граѓаните го оптоварува уште повеќе;

- ❖ Како што е потребно за законските прописи да се приложи, во предлогот на закон или измени и дополнувања на законски текст, содржина „влијание и финансиски импликации на предлогот врз институциите и граѓаните“, би било одлично кога тоа би го имало и врз донесувањето на подзаконските акти;
- ❖ Бидејќи, освен Уставниот суд, не ми е позната друга институција која може да ја промени оваа одлука, би прашал дали во овој меѓупростор нема потреба од воспоставување на заштитен механизам за законито работење на локалната самоуправа;
- ❖ Ако целта на власта, било да е локална или државна, на и онака осиромашениот народ е да му се додаде уште некоја давачка во овој КОВИД период за да се наполни буџетот, тогаш е во ред, но, власта не смее да заборави дека граѓаните се тие кои ја избираат, легитимираат но и делегитимираат (за нејзината успешност или неуспешност).

**Користена литература**


1. Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/13, 147/2015.
2. Електронски „Службен гласник на Град Скопје“, бр.4 од 30.3.2021 година, Листа за дополнување на Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на град Скопје.
3. Законот за општа управна постапка, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 124/2015
4. Законот за личната карта (пречистен текст), кој ги опфаќа броевите на „Службен весник на Републка Македонија“ од 13/12 до 55/16, а е објавен на интернет-страницата на МВР.
5. Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните (неофицијален пречистен текст), во кој влегуваат броевите на „Службен весник на СРМ“, од бр. 36/92 до бр. 302/20, објавени на интернет-страницата на МВР.
6. Законот за оружје (редакциски пречистен текст) во кој влегуваат броевите на „Службен весник на Република Македонија“,од бр. 7/05 до бр. 97/18.
7. Калаџиев, Г., Лажетиќ, Г., Неделковска, Л., Денковска, М., Тромбева, М., Витларов, Т., Јанкуловска, П., Кадиев, Д., 2018 Коментар на Законот за кривична постапка, ОБСЕ, Скопје.
8. Мојаноски, Т., Ц., 1998 Методологија на научноистражувачката работа, „2-ри Август С“ Штип.
9. Мојаноски, Т. Ц., 2012 Методологија на безбедносните науки – основи, книга прва, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје.
10. „Службен гласник на Град Скопје“, бр. 6/2012, 14/13 и 4/2021.


**Користени интернет-страници**

https://mvr.gov.mk/zakon/19 (пристапено повеќе пати во месец април 2021)

https://mvr.gov.mk/zakon/18(пристапено повеќе пати во месец април 2021)

https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%90%D1%82%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%82_%D0%B2%D1%80%D0%B7_%D0%9A%D0%B8%D1%80%D0%BE_%D0%93%D0%BB%D0%B8%D0%B3%D0%BE%D1%80%D0%BE%D0%B2 (пристапено на 24.5.2021)

http://ipserver1.skopje.gov.mk/eskopje/sluzben%20glasnik%20so%20konverzija.nsf/F1?OpenFrameSet (пристапено на 4.5.2021)

УДК: 351.741:323.111

Фросина Ташевска-Ременски

# ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО МУЛТИЕТНИЧКИ ОПШТЕСТВА – ПОСКОНФЛИКТЕН МОДЕЛ

**проф. д-р Фросина Ташевска-Ременски**

Факултет за безбедност – Скопје, УКЛО

frosina.remenski@uklo.edu.mk

## АПСТРАКТ

Односот помеѓу полицијата и малцинските заедници, првенствено, е одреден од меѓуетничките односи во општеството. Полицијата не само што се соочува со структурни предизвици за да им излезе во пресрет на потребите на овие малцинства - на пример: различности во јазиците, религиите, обичаите или други културни карактеристики – но, и овие малцински групи избегнуваат соработка со полицијата, најчесто, поради недоверба, особено ако во минатото повеќе пати биле изложени на полициска злоупотреба.

Во свет во кој постојано растат етничките и културните разлики во државите и се зголемуваат тензиите помеѓу различни групи, улогата на полицијата е суштинска за одржување на битието на општествата. Затоа, полицајците мора да се однесуваат со неоспорна правичност кон сите групи. Покрај тоа, за да ја има довербата на целото население, полицијата мора да биде претставник на целокупната заедница. За да не се затегаат мнозинско-малцинските односи (и понатаму) и за да се избегне развојот на паралелни структури во општеството со можност за создавање на безбедносен вакуум кај малцинствата, полицијата мора цврсто и доследно да се справува со криминалот кој произлегува од етничка омраза. Сето ова на полицијата како организација и наметнува обврска за посебен пристап во: селекцијата и образованието на полициските кадри и нивното практично постапување во кое

ќе се уважуваат културните, верските, обичајните и религиските разлики на секоја малцинска заедница.

Целта на трудот е да ги претстави проблемите кои го отежнуваат процесот на интеракција и соработка помеѓу полицијата и припадниците на малцинските (етнички) заедници и предизвиците со кои во иднина треба да се соочи полицијата со промена на пристапот во работењето кога се во прашање малцинските заедници и нивните специфики.

**Клучни зборови:** полиција, малцински (етнички) заедници, мултиетничко општество, етничко профилирање.

## Abstract

The relations between police and minority communities are primarily determined by inter-ethnic relations in society. Police are not only faced with structural challenges to meet the needs of these minorities - such as differences in languages, religions, customs and other cultural characteristics - but these minority groups avoid cooperation with the police usually because distrust especially if in the past repeatedly been subjected to police abuse.

In a world of growing ethnic and cultural differences in countries and increase tensions between different groups, the role of police is essential to maintain the being of societies, because officers must act with unquestionable fairness to all groups. In addition to having the confidence of the whole population, the police must be representative of the entire community. In order not to tighten the majority-minority relations (and further) and to avoid the development of parallel structures in society with the possibility of creating a security vacuum in minority, the police must firmly and consistently to deal with crime stemming from ethnic hatred. All this to the police as an organization and imposes liability for a specific approach: the selection and education of police personnel and their practical actions which will recognize the cultural, religious, customary and religious differences of each minority community.

Aim of this paper is to present the problems which hamper the process of interaction and cooperation between police and members of minority (ethnic) communities and the challenges yet to face the police by changing the approach in the work when it comes to minority communities and their specifics.

**Keywords:** police minority (ethnic) communities, multiethnic society, ethnic profiling.

Хетерогениот или мултиетничкиот состав на населението го раѓа мултикултурализмот – постоење на повеќе различни култури во едно општество. Различните системи на вредности кои произлегуваат од различните морални, верски, естетски и други уверувања, како и заради јазичните бариери помеѓу припадниците на етничките групи можат да развијат меѓусебни недоразбирања, недоверба и нетолеранција. Правилниот однос кон малцинската проблематика треба да ги отстрани изворите на внатрешни тензии, несогласувања, немири и други безбедносни ризици по стабилноста на државата, како и да придонесе за општото културно и јазично богатство на општеството.

Значењето на хетерогениот етнички состав на населението за полицијата, за војската и за целокупното државно управување одамна било согледано. Првичниот пристап кон овој однос се однесувал на хетерогените аспекти на населението како фактор кој влијае на одржувањето на редот, поредокот и безбедноста на заедницата или пристап во кој етницитетот се набљудувал како фактор за потенцијално загрозување на безбедноста на заедницата. Истовремено било изоставено вниманието за специфичните потреби и права на припадниците на етничките и другите заедници. Затоа, може да се каже дека порано во полицијата на оваа проблематика не и се придавало соодветно внимание што може да се доведе во врска со малото влијание што го имале етничките и другите малцински групи врз јавниот живот.

Повеќе од четири децении во научните кругови се водат дебати поврзано со расите, малцинствата и етничките групи и нивната поврзаност со криминалитетот (Bowling and Phillips 2003: 528-555; Clancy et al. 2001) вработувањето на припадниците на малцинските заедници во кривично-правниот систем (Walker 2004; Stone 2000) и теми поврзани со нив . Посебен научноистражувачки интерес се јавува, исто така, за проучување на расната и етничката виктимизација (Salisbury and Upson 2004; Percy 1998) и реакциите предизвикани од неа, како и проблемот со етничкото профилирање (MVA and Miller 2000; Gordon 1998; Abbas 2005) во полициското работење во земјите со мултиетнички карактер.

Државите кои во минатото се соочиле со конфликтни ситуации кои добиле етнички предзнак и го детерминирале односот на припадниците на етничките/малцинските групи во општеството кон мнозинската етничка заедница, кон институциите на системот и чувството за припадност и лојалност кон државата, пројавуваат интерес за развивање на модели за постапување на полицијата во средини со хетероген етнички состав. Креирањето на модели за полициско работење во мултиетнички средини е условено од потребата за одржување на мирот и стабилноста, јакнење на довербата во институциите, а оттука и лојалноста кон државата, но и заради почитувањето на правата на припадниците на етничките заедници кои имаат малцински статус и доследно почитување на принципот на недискриминација.

Англиската литература изобилува со студии посветени на проблемот на полициското работење и одржувањето на редот кај малцинските заедници. Историската условеност на недовербата, сомнежот и бесот помеѓу полицијата и малцинските заедници може да се пронајде уште во антиимигрантските ставови и бескрупулозното одржување на редот од страна на полицијата во почетните години на постколонијалното доселување во Велика Британија (Hunte 1966). Силен поттик за фокусирање на прашањето за расистичкото насилство на политичката агенда во Англија кон крајот на деведесеттите години на минатиот век беше расистичкото убиство на Стивен Лоренс во југоисточен Лондон, во 1993 година, и јавната истрага што уследи по

неуспешната истрага на полицијата Метрополитен. Истрагата на Мекферсон заклучила дека првичната истрага  за убиството била „попречена од професионалната нестручност, институционалниот расизам и раководствената неспособност на високопозиционираните полициски службеници“ (Macpherson 1999). Институционалниот расизам – кој се дефинира како „колективен неуспех на една организација да обезбеди соодветни и професионални услуги на лица поради бојата на кожата, нивната култура или етничкото потекло“ – може „да се види и лоцира во процесите, ставовите и однесувањето кои придонесуваат кон дискриминација преку несвесни предрасуди, незнаење, непромисленост, расистичко или етничко стереотипизирање и со тоа ги ставаат малцинските етнички групи во подредена улога“ (Macpherson 1999). По објавувањето на Макферсоновиот извештај некои претставници на здружението на полицајци ги оспорија наодите дека полицијата е институционално расистичка (Dennis at al. 2000). Некои социолози тврдеа дека нестручноста на полицијата во истрагата на убиствата е повидлива од прашањето на институционален расизам за влијанието на истрагата во случајот Лоренс. Тие тврдат дека многу полициски службеници сé уште се гневни поради обвинувањата за институционален расизам и сметаат дека ваквиот концепт неправедно бил употребен, како и дека е погрешна претпоставката за тоа дека тој се однесува на широко распространетиот расизам (Innes 1999; Waddington 1999). Случајот со расистичкото убиство на Лоренс имаше клучно влијание врз функционирањето на кривичноправниот систем на Англија. Владата реагираше со утврдување на министерски приоритети за полициската служба „со цел да се зголеми довербата за способноста за одржување ред кај малцинските етнички заедници“, како и низа други мерки насочени кон дефинирањето, известувањето, регистрирањето, водењето истрага и судското гонење на случаите на етнички инциденти, обуки за развивање на свеста за дискриминацијата и културната разновидност, полициската етика, дисциплина и зголемување на превентивната улога на образованието (Rock 2004; Metropolitan Police Authority 2004). Реформската програма на полицијата за превенција од дискриминација и полициско

постапување во случај на расно/етнички мотивирани кривични дела, според анализата на Оукли, претставува програма која дава резултати и дека е потврда за постоење на најсеопфатен и најметодичен пристап во градењето на политика во Велика Британија (Oakley 2005). Фостер, пак, укажува дека треба да се посвети поголемо внимание и да се дејствува на подобрување во поглед на сé уште присутните проблеми на сексистичко и хомофобично исклучување, како и на јавните очекувања за дискриминацискиот полициски третман на малцинските етнички заедници (Foster et al. 2005).

Постојат повеќе различни аспекти на односите помеѓу полицијата и малцинските етнички заедници во земјите кои имаат предиспозиции за етничко незадоволство од постапувањето на полицијата. Како што спомнавме, интересот за проучување на овие односи и релации доминантно се присутни во научноистражувачкото поле во развиените европски земји (Велика Британија, Франција, Германија) во кои продемократската реформа на англиската полиција имала позитивно влијание. Соединетите Американски Држави важат за земја со развиени модели на полициски постапувања во контекст на различни кривичноправни настани, а постојат и емпириски податоци од спроведени истражувања кои се занимаваат со прашањата на расно или етнички мотивираните кривични дела и институционалните (полициски) реформи кои треба да влијаат на праведноста и неселективното полициско постапување. Соединетите Американски Држави од гледна точка на реформите во оваа насока воведуваат и спроведуваат зголемени казни за расистички или етнички мотивираните кривични дела со убедување дека таквите кривични дела го напаѓаат суштинскиот идентитет на жртвата и претставуваат закана за пошироката заедница. Застапниците на правото на слободата на говорот сметаат дека, овие закони по својата природа се контроверзни, бидејќи ја цензурираат слободата на говорот и со тоа неправедно ги казнуваат омразата и предрасудите, кои сами по себе не претставуваат кривично дело (Iganski 2002) .

Од денешен аспект, гледано глобално, етничките и другите малцински групи станаа значаен субјект на политичките, безбедносните и социјалните

процеси во животот на секоја демократска заедница. Тие бараат поголемо учество во управувањето со јавните работи и настојуваат полицијата да ги почитува спецификите на нивниот статус. Односите помеѓу полицијата и малцинските (етнички) заедници се детерминирани, првенствено, од состојбата со меѓуетничките односи во општеството. Кога тие се поволни, проблематиката на односот помеѓу полицијата и малцинските заедници имаат релативно мирен тек, особено ако полицијата внимателно ги планира своите активности кон овие заедници и доколку нивните барања кон полицијата не се нереални. Меѓутоа, доколку состојбите со меѓуетничките односи се нарушени, а политиките на владата во оваа област се контроверзни, полицискиот однос со малцинските заедници ќе биде комплициран и по правило лош. Во постарата и поновата историја постојат бројни примери на негативни односи/релации помеѓу етничките заедници и полицијата што резултирале со отворени судири и насилство (Bowling and Phillips 2003).

Како што покажуваат бројните истражувања во европските земји - вршењето на полициските функции во етнички поделените општества, често доведуваат до воспоставување на образец „полицирање". Во зависност од степенот на нарушување на меѓуетничките односи и загрозеноста на националната безбедност, овој образец може да почива на: различна (пристрасна) примена на законите кон припадниците на одредени етницитети ( во смисла придонес кон криминализација на активностите на припадниците на еден етницитет, со истовремено игнорирање на истите активности во редовите на друг етницитет), јакнење на паравоените обележја на полицијата и инсистирање на лојалност кон полицијата, интензивирање на полициските активности заради превенција и репресија на одредени видови кривични дела и ослабување на тие активности во однос на ординарниот криминалитет итн.

Помеѓу различните аспекти на односот помеѓу полицијата и малцинските етнички заедници „претресите" се најконтроверзниот момент. Англиските искуства зборуваат дека слободата на одлучување на полицијата базирана на таканаречениот „Закон за сомнеж" - според кој секое лице можело да биде уапсено и гонето од полицијата и осудено заради „скитање со

предумисла“ – било користено долго време во полициската практика. Така, во април 1981 година, полицијата Метрополитен врз основа на ова право ја спровела масовната акција на претрес наречена „Операција бара“, која подоцна ги предизвикала нередите во Брикстон како резултат на тврдењата за бескрупулозното и дискриминациско одржување на редот од страна на полицијата (Scarman 1981). И покрај укинувањето на „Законот за сомнеж“, тврдењата дека малцинските етнички заедници се мета на полициски активности не стивнаа и со објавувањето на првата „етнички кодирана“ статистика (Clancy et al. 2001; Norris et al. 2002).

Зошто припадниците на некои етнички заедници се подложни на почести полициски интервенции? Ова е најчесто поставуваното прашање кога станува збор за проучувањата на односите помеѓу полицијата и малцинските етнички заедници. Поучени од минатите искуства на земјите со развиена историја на полициската организација и полициското работење, истражувачите кои се занимаваат со проучување на овие релации се обидуваат да допрат до срцевината на проблемот на пристрасно полициско постапување кон припадниците на малцинските заедници. Едно од мислењата е дека полициските службеници намерно се насочени кон одредени малцински групи поради сеприсутните расни предрасуди, стереотипизирањето и отворената дискриминација. Квалитативните истражувања за полициската култура во `80-тите години на минатиот век откриваат дека навредливиот речник, кој го користеле полициските службеници во комуникацијата со припадниците на малцинските етнички заедници, зборува за длабоко вкоренетите предрасуди и убедувања за етничката припадност и криминалноста (Smith, D. and Gray 1985).

Кога станува збор за етничките и расните предрасуди на полициските службеници се мисли на нивните негативни ставови и уверувања за моралните, човечките, културните и други особини на припадниците на оние етнички и расни групи на кои тој не припаѓа. Истражувањата покажуваат дека полициските службеници ги рефлектираат доминантните ставови на мнозинството во врска со малцинствата. Се поставува прашањето : Дали овие предрасуди се детерминанта, или, пак, како што тврдат други, последица од

полициската работа. Регрутите кои при влез во полицијата немале предрасуди, ги стекнале со текот на извршувањето на полициските задачи. Едно од објаснувањата за етничките предрасуди на полициските службеници е поткултурата како специфична во рамките на полициската професија. Настанувањето на полициската поткултура е условено, пред сé, од ризиците кои ги носи полициската работа, специфичните овластувања и одговорноста, нужноста од меѓусебна солидарност во заедничките акции а со тоа и поврзаното чувство за општествена изолираност на полицајците (Rainer 1985). Во општество со изразени предрасуди, припадниците на малцинските етнички групи во полицијата гледаат претставник на оние државни органи кои ги третираат како граѓани од втор ред, а во такви услови дејствувањето на полицијата е отежнато (Oakley 1995). Клучна точка на специјализираната обука за полицајци во овој домен, претставува исклучувањето на етничките и расните предрасуди, како и ксенофобијата кај полициските службеници.

Второ објаснување за несразмерноста на бројките кои се однесуваат на полициските акции во однос на припадниците на малцинските етнички заедници и останатите групи и мнозинската е дека, тие се одраз на етничките разлики кај моделите на насилство. Така, Смит расправа за тоа дека, „полициските службеници имаат тенденција да го поврзуваат криминалот со лицата од малцинските етнички заедници и да претпоставуваат дека осомничените се од малцинско (етничко, расно) потекло, а на тој начин и да ги оправдуваат своите постапки“ (Smith 1994).

Третото објаснување за преголемата застапеност на малцинските заедници во статистиката на криминалитетот (истражувањата на Метрополитен полицијата и Британската анкета за криминалот), и тоа што индиректно произлегува од општествените и демографските фактори е истражувано преку користење на низа сложени статистички анализи (Clancy et al. 2001: 145-155). Овие анализи ги земаат предвид демографските и социоекономските карактеристики на припадниците на малцинските етнички заедници кои биле во интеракција со полициски службеници.

Уште едно објаснување кое се поврзува со несразмерноста во полициските постапувања кон припадниците на заедниците е тоа дека, припадниците на малцинските етнички заедници поради своите модели на вработување и слободни активности почесто се „достапни“ на местата и во ситуациите каде се извршуваат полициски овластувања. Така, на пример, Вадингтон во своето истражување заклучил дека несразмерноста во полициските постапувања со припадниците на малцинските етнички заедници произлегува од фактот што одржувањето на редот во поголема мерка се насочува кон лица кои почесто го користат јавниот простор и веројатноста да дојдат во интеракција со полициски службеници е поголема (Waddington 1999). Заради ова поразлично објаснување, авторот советува дека се потребни посложени анализи на структурниот и институционалниот расизам и етничките предрасуди за да се објасни како се јавува етничката несразмерност во однос на користењето на полициските права.

Без разлика кое од овие објаснувања ќе биде земено како основа за објаснување на несразмерноста во полициските постапувања кон припадниците на заедниците (малцински, мнозински), сите истражувачи се согласуваат дека несразмерното или селективното постапување на полициските службеници со лица кои припаѓаат на малцинските етнички заедници претставува проблем (Clancy et al. 2001: 183). Во суштина е многу неправедно и со себе носи низа негативни последици во однос на јавната поддршка на полицијата и подготвеноста да се биде дел од полициската професија, како и тоа дека придонесува за криминализација на малцинските етнички заедници.

Кон крајот на 1992 година, се одржа состанок на експерти од земјите членки на Советот на Европа посветен на практиките и програмите за полициска обука на планот на полицискиот однос кон припадниците на малцинските етнички заедници и имигрантите. Од извештајот подготвен од овој состанок може да се види дека специјализираните обуки на полицајците во доменот на мигрантите и етничките односи (до тогаш) се практикуваат само во осум земји (Франција, Белгија, Данска, Финска, Шведска, Норвешка,

Холандија и Велика Британија). Содржините на обуките биле различни, со нив биле опфатени сите или дел од припадниците на полицијата, а обуките ги изведувале различни институции. Заклучокот на експертите бил дека, обуките во оваа област мора да бидат воведени секаде и дека треба да претставуваат едно од најважните средства за приспособување на полициското работење во мултиетничкото опкружување, како и дека нејзината главна цел треба да биде отстранување на етничките/расните предрасуди и ксенофобијата. Советот на Европа, согледувајќи ја важноста на ова прашање за полициската работа и нејзините односи кон малцинските заедници, усвои посебен документ со практични упатства и проекти за обука во оваа област (Oakley 1995: 325-332).

Полициската улога и функција во односот кон малцинските етнички заедници станува крајно комплексна кога во име на некоја етничка група ќе се формира терористичка организација – криминално или сепаратистички насочена, и кога една таква организација ќе ужива поддршка кај припадниците на етничката заедница. Во такви случаи, полицијата во основа ја менува тактиката на своите операции, користи специјални единици и други методи, чија примена се базира на посебно антитерористичко законодавство, а многу често и на меѓународната полициска соработка во борбата против тероризмот и терористичките групи (Maguire 1995; Ташевска-Ременски 2007). Долгорочно набљудувано, сите овие мерки ретко даваат вистински резултати, поради што се отвора прашањето дали полицијата е способна ефикасно да интервенира во интензивните меѓуетнички односи и конфликти или наместо полицијата да се употреби војската. Готови и успешни модели за решавање на ваквите прашање нема, така што одредени земји во рамки на настанатите ситуации прибегнуваат кон употреба на војската, други формираат милитаризирани полициски единици или комбинираат со употреба на воени и полициски сили и слични методи (Enloe and Samin-Panzer 1976; Enloe 1980; McMillan 1960). Постои општо уверување дека полицијата со војската или без неа во такви ситуации малку може да придонесе за отстранување на вистинските причини за нарушување на меѓуетничките односи и дека на тој план, првенствено, е нужна

акција на политичките и другите одлучувачки фактори во општеството (Kittson 1971).

Истражувањата на оваа проблематика истакнуваат неколку клучни моменти кои треба да се земат предвид при планирањето на мерките за подобрување на односот помеѓу полицијата и малцинските етнички заедници, а тоа се: регрутирањето, селекцијата и образованието на кадарот за полиција и начинот на вработување на лицата од етничките малцинства во полицијата и кривичноправниот систем, генерално. Ова се клучните елементи за зголемување на довербата на малцинските етнички заедници во полицијата. Претпоставка е дека полициските службеници кои припаѓаат на малцинските етнички заедници ќе се однесуваат понепристрасно и поправедно отколку службениците од мнозинската етничка заедница, поради поголемото разбирање и почит што го имаат кон граѓаните од малцинските етнички заедници (Bowling and Phillips 2003: 245-248). Определени вештини, како, на пример, зборувањето повеќе јазици се уште некои особини кои се потребни за одржување на редот во мултиетничките заедници. Спротивно на ова во однос на одржувањето на редот е мислењето дека полициските службеници од малцинско етничко потекло се „вклучени како членови“ на полициската култура, која ги опфаќа сите, на тој начин што големината на јазот помеѓу полициските службеници и граѓаните останува иста, без разлика на етничката припадност на полицискиот службеник (Cashmore 2004: 642-659).

Прашањето за социјалниот и етничкиот статус на припадниците на полициската професија се покажаа како исклучително важни за функционалноста и стабилноста на мултиетничките општества. Глобалната урамнотеженост помеѓу социјалното и етничкото потекло на припадниците на полицијата, од една страна, и социјалната и етничката структура на општеството, од друга страна, претставува претпоставка за успешно остварување на полициската улога и солидни односи помеѓу припадниците на различните етнички и социјални групи со полицијата. Неурамнотеженоста на овие две структури во основа е последица од несоодветната или

дискриминациската селекциона политика за вработување во редовите на полицијата.

Етничкото потекло на припадниците на полициската професија се покажало како многу посложено прашање од прашањето за социјалното потекло на полициските службеници. Етничкиот состав на населението може да има силно влијание на квалитетот на полицискиот однос со одредени етнички групи и на успешноста на полицијата во извршување на своите задачи. Ситуацијата во поглед на етничкиот состав на полицијата во повеќе мултиетнички земји се карактеризира со тоа што во редовите на полицијата нема доволен број припадници на малцинските етнички заедници. Проблемот на етничкиот состав на полицијата, првенствено, се сведува на прашањето - Како да се обезбеди регрутирање на припадниците на малцинските етнички заедници во редовите на полицијата. Инаку, самото барање за поголема вклученост на припадниците на малцинските заедници во составот на полицијата, како посебна политика во селекцијата на кадарот, најчесто се поставува по вооружени етнички немири од поширoки размери.

Реализирањето на барањата за регрутирање на припадници на малцински етнички заедници во полицијата наидува на двострани препреки. Првата група на препреки се оние кои потекнуваат од самите малцински заедници, а втората група се препреките кои се наоѓаат на страна на полицијата, односно оние кои ја водат политиката за селекција на кадрите. Кога станува збор за првата група на препреки треба да се има предвид дека припадниците на одредени етнички групи не сакаат да влезат во состав на полицијата или тешко се одлучуваат на тој чекор. Пристапувањето во полицијата во случај на нарушени меѓуетнички односи или судир со политичката власт, од страна на припадниците на етничките заедници се толкува како предавство на „сопственото национално битие“ или како „служење на спротивната страна“. Недоволното познавање на официјалниот јазик или ниското ниво на образование може да биде пречка за влез во редовите на полицијата. Искуствата од одредени земји покажуваат дека препреки се

јавуваат и заради одредени специфични барања на етничките групи поврзани со нивните религиски убедувања и традицијата.

Втората група на препреки за регрутација на припадниците на етничките групи во полицијата се однесуваат на селекционата политика. Креаторите на оваа политика тргнуваат од желбата полицијата да биде служба од доверба, што може да значи свесно ориентирање кон дискриминација на припадниците на одредени етнички заедници, заради недовербата во извршувањето на безбедносните задачи. Овој проблем се јавува во периоди на нарушени меѓуетнички односи кои се последица на сепаратистички и паравоени активности на одредена етничка група. Лојалноста на припадниците на малцинските етнички заедници во полицијата е прашање кое добива на значење во некои вонредни ситуации, како, на пример: воена состојба помеѓу земјата во која живее малцинството и нивната земја-матица; во состојба на нарушени политички односи, нескриени територијални претензии преку сепаратистички активности, минати искуства на конфликти помеѓу безбедносните сили на државата и паравоените структури на малцинските групи и слично.

Селекцијата на припадниците на малцинските етнички заедници не смее да се заснова на пониски или различни стандардни процедури од оние кои се однесуваат за припадниците на мнозинската етничка заедница. Барањето за преферирање на припадниците на малцинските заедници во постапките за селекција има за цел да го зголеми нивниот број во полицијата и со тоа да се отстранат последиците од поранешната дискриминација при вработувањето. Тоа во ниту еден случај не треба да создаде второстепени стандарди за селекција (во поглед на образованието или другите стандарди).

Во недостаток на истражувања за аспектите на односите помеѓу полицијата и малцинските групи во Република Северна Македонија, во функција на поттикнување на истражувачкиот интерес за оваа проблематика треба да посочиме на неколку клучни услови од кои зависи успехот на истражувачките зафати. Овие предуслови се неопходни заради фактот што Република Северна Македонија - како уставно дефинирана демократска

држава на граѓани со различно етничко и религиско потекло и земја која во блиското минато доживеа внатрешен вооружен конфликт - мора темелно да ги реформира институциите задолжени за спроведување на законот. Реформирањето на кривичноправниот систем е сегментирано и фокусирано на повеќе прашања, меѓу кои за истакнување се вградувањата на принципот на правична и пропорционална застапеност на заедниците кои не се мнозинство во државните органи како темелна вредност на уставниот поредок и одлучувањето во согласност со принципот на Бадентерово гласање за прашања кои директно или индиректно се однесуваат на правата на припадниците на малцинските етнички заедници.

Во контекст на реформата на полицијата во функција на имплементирање на одредбите од Стратегијата за реформа на македонската полиција, покрај структурната и организациската поставеност, Министерството за внатрешни работи презеде обврски кои произлегуваат од меѓународно прифатените документи кои ги уредуваат прашањата за полициското постапување, почитувањето на човековите слободи и права и полициското работење во мултиетничките средини.

Во согласност со демократските принципи за рамноправност пред законот, полицијата е задолжена рамноправно да ги заштити сите граѓани без дискриминација и без разлика на полот, расата, бојата на кожата, јазикот, религијата, мислењето, социјалното, националното или етничкото потекло, имотот, местото на раѓање или друг статус. Главна одлика на демократското полициско работење е идејата дека полициските активности се извршуваат со согласност на народот. Бидејќи полицијата не може да претпостави дека тие постојано дејствуваат во согласност со сите граѓани, тие мора постојано да работат за да се осигураат дека јавноста ги одобрува нивните постапки. Како предуслов за добивање на поддршка од јавноста е транспарентноста во полициското работење и негување на комуникацијата и заедничкото разбирање помеѓу полицијата и граѓаните. Државата е задолжена да обезбеди „право на безбедност на лицето и заштита од страна на државата од насилство или телесни повреди, било да се предизвикани од владини службеници или од

некоја одредена група или институција“. Ранливите групи или лица, во кои влегуваат и припадниците на малцинските етнички заедници треба да уживаат посебна заштита.

Заштитата и унапредувањето на лицата кои им припаѓаат на националните малцинства е „клучен фактор за демократија, мир, правда и стабилност во рамките, и помеѓу државите членки на ОБСЕ“. Она што е искажано за соработката на полицијата со граѓаните, исто така, важи и за соработката со малцинските групи и претставува голем предизвик за полицијата. Полицијата не само што се соочува со структурни предизвици за да им излезе во пресрет на потребите на овие малцинства - на пример: различности во јазиците, религиите, обичаите или други културни карактеристики – но, и овие малцински групи избегнуваат соработка со полицијата најчесто поради недоверба, особено ако во минатото повеќе пати биле изложени на полициска злоупотреба. Поради тоа, полицијата мора да вложи напори за да ги искористи своите специјални и уникатни овластувања во борбата против дела поттикнати од расизам и ксенофобија. Во согласност со препораките треба да се избегнува несоодветното и многубројно присуство на полициски службеници во малцинските заедници, почнувајќи од несразмерниот број на патроли и заканувачкото однесување кон специфични групи или одделни заедници, сé до присуството на тешко вооружени единици одвреме-навреме. Полициските истраги треба да бидат претпазливи и приспособени на посебните потреби на лицата, како што се деца, малолетници, жени, малцинства, вклучувајќи и етнички малцинства.

Со цел надминување на постојните недостатоци во делот на соодветната и правична застапеност, се обезбедува специфична забрзана обука за припадниците на етничките заедници кои не го претставуваат мнозинството во Република Северна Македонија. Обуките за полицаец ги спроведуваше Полициската академија која во согласност со Стратегијата за реформа на полицијата (2003) и Акцискиот план за спроведување на реформата (2003),

беше основана со Закон за Полициска академија (2004) како високообразовна државна институција од областа на безбедноста која образуваше кадри за потребите на Министерството за внатрешни работи, Факултетот за безбедност – Скопје, Центарот за обука при МВР и другите државни институции.

Недостасуваат ажурирани податоци за етничкиот состав на полицијата по спроведувањето на афирмативните мерки од Охридскиот рамковен договор. Она што може да се забележи е порастот на бројот на припадниците на малцинските етнички заедници во кривичноправниот систем, посебно во рамките на полицијата. Тоа зборува за променетата политика за регрутирање и селекција на кадрите за полиција во духот на мултиетничноста и потребите од перманентно менаџирање на етничките прашања и меѓуетничките односи во тој контекст и на односите помеѓу македонската полиција и малцинските (етнички) групи во Република Северна Македонија.

## ЗАКЛУЧОК

Сите прашања кои беа отворени во овој труд, а се однесуваат на односот на полицијата кон малцинските етнички заедници, треба да бидат поттик за проширување на истражувачкиот интерес за полицискиот однос кон посебните општествени групи и предизвиците за надминување на меѓусебните конфликтни ситуации и можни судири. Недостатокот на статистички податоци кои ќе послужат за потврдување на одредени тези за етничкото профилирање во полициското работење и за степенот на криминализација на малцинските етнички заедници е показател за недоволното истражување на заемните односи помеѓу полицијата и малцинските заедници. Англиските искуства во истражувањата на оваа проблематика можат да бидат пример за посветеноста на науката во изнаоѓањето на практични решенија и модели на полициско постапување во мултиетнички општества.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Abbas, T. (2005), *Diversity in the Senior Judiciary: A Literature Review of Research on Ethnic Inequalities*, London: The Commission for Judicial Appointments;
2. Bowling, B. and Phillips, C. (2003), Policing Ethnic Minority Communities, in T. Newburn, *The Handbook of Policing*, Cullompton, Devon: Willan;
3. Cashmore, E. (2004), Behinde the window Dressing: Ethnic Minority Police Perspectives on Cultural Diversity, *Journal of Ethnic and Migration Studies,* 28(2);
4. Clancy, A., Houg, M., Aust, R., and Kershaw, C. (2001), *Crime, Policing and Justice: The Experience of Ethnic Minorities: Findings from the 2000 British Crime Survey*, Home Office Research Study 223, London: Home Office;
5. Dennis, N., Erdos, G., and Al-Shahi, A. (2000), *Racist Murder and Pressure Group Politics: The Macpherson Report and the Police*, London: Institute for the Study of Civil Society;
6. Enloe, C. and Samin-Panzer, U. (1976), (eds.) *The Military, the Police and Domestic Order: British and Third World Experience*, London: Richardson Institute for Conflict and Peace Research;
7. Enloe, C. (1980), *Ethnic Solders: State Security in the Divided Society*, Harmondsworth: Penguin;
8. Foster, J., Newburn, T., and Souhami, A. (2005), *Assessing the Impact of the Stephan Lawrence Inquiry,* Home Office Research Study, London: Home Office;
9. Gordon, P. (1983), *White Law: Racism in the Police, Court and Prisons*, London: Pluto;
10. Her Majesty`s Crown Prosecution Service Inspectorate (HMCPSI) (2002), *Report on the Thematic Review of Casework Having a Minority Ethnic Dimension*, London: HMCPSI;
11. Hunte, J. (1966), Nigger Hunting in England?, London: West Indian Standing Conference;
12. Iganski, P. (2002), *The Hate Debate – Should Hate be Punished as a Crime?,* London: Profile Books;

13. Innes, M. (1999), Beyond the Macpherson Report: Managing Murder Inquiries in Context, *Sociological Research Online,* 4(1);

14. Institute for Race Relations (1999), *Policing Against Black People*, London: IRR;
15. Kittson, F. (1971), *Low-Intensity Operations: Subversion Insurgency and Peacekeeping,* London: Faber and Faber;
16. Macpherson, W. (1999), *The Stephan Lawrence Inquiry,* Report of an Inquiry by Sir William Macpherson of Cluny, advised by Tom Cook, The Right Reverend Dr John Sentarnu and Dr Richard Stone, London: The Stationary Office, Cm 4262-1;
17. Maguire, K. (1995), *Policing the counter-insurgency in the Basque country: the problems of policing in the ethnically divided society*, The Police Journal, No. 2, April;
18. McMillan, G. (1960), *Racial Violence and Law Enforcement,* Atlanta: Southern Regional Council;
19. Metropolitan Police Authority (2004), *Report of the MPA Stop and Search Practice*, London: Metropolitan Police Authority;

20. MVA and Miller, J. (2000), *Profiling Populations Available for Stops and Searchers*, Police Research Series Paper No. 131, London: Home Office;
21. Norris, C., Fielding, N., Kemp, C., and Fielding, J. (2002), Black and Blue: an Analysis of the Influence of Race on Being Stopped by the Police, *British Journal of Sociology*, 43(2);
22. Oakley, R. (2005), *Policing Racist Crime and Violence: A Comparative Analysis,* Vienna: European Monitoring Centre on Racism and Xenophobia;

23. Percy, A. (1998), *Ethnicity and Victimization: Findings from the 1996 British Crime Survey*, Home Office Statistical Buillten 6/98, 3 April;
24. Rainer, R. (1985), *The Politics of the Police*, Brighton: Wheatsheaf Books;
25. Rock, P. (2004), *Constructing Victims` Rights: The Home Office, New Labor, and Victims*, Oxford: Oxford University Press;

26. Salisbury, H., and Upson, A. (2004), *Ethnicity, Victimization and Worry About Crime: Findings from the 2001/2002 and 2002/2003 British Crime Surveys*, Findings 237, London: Home Office;
27. Scarman, L. (1981), *The Scarman Report*, London: HMSO;
28. Sharp, C. and Budd, T. (2005), *Minority Ethnic Groups and the Crime: The Findings from the Offending, Crime and Justice Survey*, Home Office Online Report 33/05;

29. Smith, D. J., and Gray, J. (1985), *Police and People in London*, London: Policy Studies Institute;

30. Smith, D. J. (1994), Race, Crime and Criminal Justice, in M., Maguire and R. Reiner (eds), *The Oxford Handbook of Criminology*, Oxford: Clarendon Press;

31. Stone, V. and Tuffin, R. (2000), *Attitudes of People from Minority Ethnic Communities toward a Career in the Police Service*, Police Research Series Paper, London: Home Office;

32. Ташевска-Ременски, Ф. (2007), *Албанците и Македонците: Етничката интеракција во РМ, пред и по конфликтот од 2001 година*, 2 Август, Штип;

33. Waddington, P. A. J. (1999), Discretion, `Responsibility` and Institutional Police Racism, *Sociological Research Online,* 4(1);

34. Walker, S., Spohn, C., and DeLone, M. (2004), *The Color of Justice: Race, Ethnicity, and Crime in America,* 2nd edn, Belmont, Cal: Wadsworth;

УДК: 327(497:4-672ЕУ)
327(73)
327(470+571)

Фросина Ташевска-Ременски, Иван Ристов

# СОВРЕМЕНА ГЕОПОЛИТИЧКА АНАЛИЗА НА БАЛКАНОТ

**проф. д-р Фросина Ташевска-Ременски**
Факултет за безбедност – Скопје, УКЛО
frosina.remenski@uklo.edu.mk
**д-р Иван Ристов**
Министерство за внатрешни работи
ivan.ristov@yahoo.com

## АПСТРАКТ

Основната цел и причина за анализирање на современата геополитика на Балканот е преку докажани и проверени научни методи, да се исцрта јасна слика на денешните безбедносни и политички случувања како и да се фрли поглед кон можното утре, преку умствена креација на можни исходи и варијабилни сценарија. Методологијата опфаќа проучување и анализа на научни трудови од областа, обработка и анализа на податоци од разни публикации, извештаи и соопштенија објавени од страна на повеќе невладини организации и државни служби, како и дескриптивна статистичка анализа.

Балканот претставува географски регион во кој се инволвирани поголем број на меѓународни субјекти кои проектираат и спроведуваат сопствени (спротивставени) интереси, а анализите покажуваат дека ваквиот тренд ќе продолжи и во иднина. Доколку субјектите, кои имаат вкрстени интереси и спроведуваат сопствена агенда, продолжат да го перципираат Балканот низ

призмата на историјата, како поле на натпревар во кој е возможен само „zero-sum“ исход, тогаш на долг рок резултатот ќе биде дополнителни заострувања, политички и безбедносни кризи, недоверба и изолираност. Како клучни играчи во балканската игра, во современ геополитички контекст можат да се издвојат: Европската Унија (особено Германија), Русија, Соединетите Американски Држави, Кина, Саудиска Арабија (вклучително и други арапски земји од Персискиот Залив) и Турција. Во безбедносна смисла, земјите од Западен Балкан функционираат како поврзани садови, соочени со слични или со исти безбедносни закани и ризици, кои опфаќаат етничко-верски тензии, екстремизам, тероризам, организиран криминал и корупција, засилено иселување од просторот и „одлив на мозоци“.

**Клучни зборови:** Балкан, геополитика, Кина, Соединетите Американски Држави, Европската Унија, Турција

## 1. Балканскиот Полуостров и терминот „Балкан“

Балканскиот Полуостров, првенствено, претставува физичко-географски термин, додека терминот „Балкан“ има доминантно геополитичко, политичко-географско и геостратешко одредување. „Балканот“ се разликува од „Балканскиот Полуостров“ во делот на територијално разграничување и квалитативно-структурна смисла. Северната граница на Балканот се совпаѓа со северната граница на Романија и некогашната „втора“ Југославија. Во негов состав се: *Грција, Албанија, Бугарија, Романија*, европскиот дел на *Турција* и земјите коишто настанаа како резултат на распадот на СФРЈ - *Србија, Црна Гора, Македонија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија*[95] *и Косово.*

[95]Степић, Миломир: Западни Балкан – пример географског распојмљивања и геополитичког манипулисања, Национални интерес, Београд, бр. 3/2012, стр. 9-34.

Низ историјата, на овој простор поминува границата меѓу Источното и Западното Римско Царство, границата на продорот на словенските племиња, границата меѓу католичката и православната црква и границата меѓу Османлиската Империја и Хабсбуршката Империја. Модерниот Балкан е формиран со дезинтеграцијата на последниве две империи и може да се каже дека голем дел од разликите меѓу земјите сукцесори потекнуваат од разликите што постоеја меѓу овие две империи. Во овој контекст, османлиското наследство е особено сложено. Едно од неговите најважни наследства е исламизацијата кај делови од народите што го населуваа(т) регионот.[96] Во првата половина на XX век, регионот е сведок на три војни: Балканските војни, Првата светска војна и Втората светска војна. Втората половина и крајот на XX век е одбележан од Студената војна и распадот на Југославија, конфликтот во Македонија и независноста на Косово. Овие војни и настани, повлекоа линии на разграничување во регионот и создадоа несигурности, нестабилности и предрасуди[97]. По завршувањето на конфликтите на просторот, во употреба влегува терминот Западен Балкан, кој ги инкорпорира државите кои настанаа како резултат на распадот на СФРЈ, без Словенија и Хрватска, а придодадена е Албанија. Западен Балкан, претставува подрегион од Балканот, кој го карактеризираат специфични политички, безбедносни и економски карактеристики.

Во безбедносна смисла, земјите од Западен Балкан функционираат како поврзани садови, соочени со слични или со исти безбедносни закани и ризици, кои опфаќаат етничко-верски тензии, екстремизам, тероризам, организиран криминал и корупција[98], засилено иселување од просторот и „одлив на мозоци“.

[96]Стево Пендаровски, Меѓународна безбедност, Скопје, 2009 година.

[97]Напредна визија за Балканот, Prof.Dr. Ahmet Davutoğlu, министер за надворешни работи на Република Турција, vision papers, SAM, број 1, октомври 2011 година.

[98]Мијалковски, Милан: Домети агресије селафија на неитегрисаном делу Балкана, Војно дело, Јесен/2011, Министарство одбране Републике Србије, Београд, 2011, стр. 398-399.



**Слика бр.1. - Западен Балкан**[99]

### 1.1. Државите на Балканскиот Полуостров

Современата фактичка анализа покажува дека од 12 земји кои се сметаат како дел од Балканот, членки на Европската Унија се вкупно 5 земји (Грција, Бугарија, Романија, Хрватска, Словенија), Турција, Црна Гора (2012) и Србија (2015) имаат кандидатски статус и почнати преговори, Македонија (2005) и Албанија (2014) имаат кандидатски статус без почнати преговори, Косово (2015) и Босна и Херцеговина (2015) имаат потпишано Договор за стабилизација и асоцијација. Членки на НАТО се вкупно 9 земји (Турција (1952), Грција (1952), Албанија (2009), Хрватска (2009), Романија (2004), Црна Гора (2017), Словенија (2004), Бугарија (2004) и Република Северна Македонија (2020)), Босна и Херцеговина е земја кандидат за членство, Србија е дел од Програмата за партнерство и мир.

[99]Извор: https://civilmedia.mk/wp-content/uploads/ZB-600x375.jpg пристапено на: 17.4.2021 година.




**Слика бр.2. - Балканот и ЕУ/НАТО**[100]

Турција (само 3 % од вкупната нејзина територија се наоѓа на Балканскиот Полуостров) со површина од 783.562 км$^2$ е 38. земја по површина во светот и е најголема на Балканот. Најмала земја по површина на Балканот е Косово со 10.887 км$^2$. Со население од 82.017.514 жители (процена во 2020 година), Турција е најголема на Балканот и 18. земја по население во светски рамки. Awkwardly Најмалобројна е Црна Гора со популација од 609.859 жители. Според Светска банка (во 2018 година), Турција има најголем БДП на Балканот со 771.350 милиони американск и долари, што ја прави 19. економија во светски рамки. Најмал БДП на Балканот има Црна Гора – 5.504 милиони долари. БДП на Турција е поголем отколку на сите балкански земји заедно.

**Табела бр. 1. – Факти за државите од Балканот, расположливи до јануари 2020 година**

| Балкан – Факти 1, расположливи до јануари 2020 година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **ЕУ** | **НАТО** | **Површина** | **Население** | **GDP 2018 – милиони/ US $** |
| **1.** | **Турција** | Не | Да | 783.562 км$^2$ 38 земја | 82.017.514 18 земја | 771.350 - 19 економија |

[100]Извор: https://www.kas.de (приспособено за потребите на трудот).

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Грција** | Да | Да | 131.957 $км^2$ 98 земја | 10.607.051 86 земја | 218.032 - 51 економија |
| **3.** | **Бугарија** | Да | Да | 110.879 $км^2$ 106 земја | 6.966.899 106 земја | 65.133 - 74 економија |
| **4.** | **Романија** | Да | Да | 238.391 $км^2$ 84 земја | 21.302.893 59 земја | 239.553 - 48 економија |
| **5.** | **Хрватска** | Да | Да | 56.594 $км^2$ 128 земја | 4.227.746 127 земја | 60.972 - 76 економија |
| **6.** | **Словенија** | Да | Да | 20.273 $км^2$ 155 земја | 2.102.678 148 земја | 54.008 - 83 економија |
| **7.** | **Албанија** | Не | Да | 28.748 $км^2$ 145 земја | 3.074.79 136 земја | 15.103 - 122 економија |
| **8.** | **Македонија** | Не | Да | 25.713 $км^2$ 150 земја | 2.125.971 147 земја | 12.672 - 134 економија |
| **9.** | **БиХ** | Не | Не | 51.197 $км^2$ 129 земја | 3.835.586 131 земја | 20,62 - 114 економија |
| **10.** | **Црна Гора** | Не | Да | 13.812 $км^2$ 162 земја | 609.859 171 земја | 5.504 - 154 економија |
| **11.** | **Србија** | Не | Не | 77.474 $км^2$ 118 земја | 7.012.165 105 земја | 50.597 - 85 економија |
| **12.** | **Косово** | Не | Не | 10.887 $км^2$ 168 земја | 1.932.774 150 земја | 7.939 - 146 економија |

*Извор: CIA fact book https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/; и Светска банка https://databank.worldbank.org/data/download/GDP.pdf*

Во рамките на The Economist, Единицата за бизнис разузнавање (The Economist Intelligence Unit – EIU) секоја година од 2006 година наваму, подготвува извештај за Индексот на демократија **(Democracy Index - DI)** кој се базира на 5 категории, делејќи ги земјите во 4 групи: *целосни демократии; демократии со маана; хибридни режими; и авторитарни режими*. На

Балканскиот Полуостров, според методологијата на The Economist Intelligence Unit нема ниту една држава која е целосна демократија. Во 2019 година, најдобро рангирана е *Република Словенија* со DI 7,50 позиционирајќи ја на 36 место во светски рамки (во групата на демократии со маана). Најлошо е рангирана *Република Турција* со DI 4,09, позиционирајќи ја на 110 место во светски рамки, во групата на држави со хибридни режими, на самата граница соземјите со авторитарен режим. Во 2020 година, повторно најдобро рангирана држава е Словенија со DI 7,54, позиционирајќи ја на 35. место, додека најлошо е рангирана Република Турција со DI 4,48 на 104 место. Р.С. Македонија од DI 5,97 во 2019 година паѓа на DI 5,89 во 2020 година, сместувајќи се во групата на земји со хибридни режими (заедно со Босна и Херцеговина, Црна Гора и Турција).

**Графикон бр. 1. - Индекс на демократија за 2020 година**




*Извор: DI-2020* **https://www.eiu.com/n/campaigns/democracy-index-2020/**

Според невладината Transparency International, индексот на корупција **(Ccorruption Perception Index - CPI)** во 2020 година на Балканот, со индекс 60 најдобро е рангирана *Република Словенија* (35 земја во светски рамки). Најмногу корупција има во *Република Северна Македонија и Босна и*

*Херцеговина* со индекс 35, рангирајќи ги на 111 место во светски рамки (во ранг од 1 надолу - земја со најмала корупција).

**Графикон бр. 2. - Индекс на корупција за 2020 година**




*Извор: CPI -2020*

*https://www.transparency.org/en/cpi/2020/index/nzl#*

Според официјалните статистики, слободата на медиумите на Балканот е проблематична. Невладината *Репортери без граници* секоја година објавува индекс за слобода на медиумите **(World press freedom index – RSF index)**. Во 2021 година за Република Турција овој индекс изнесува 49,79 позиционирајќи ја на 153 место од вкупно 180 земји во светски рамки (на дното на Балканот), како една од земјите каде слободата на медиумите е на најниско ниво, а најдобро рангирана на Балканот е Република Словенија, со индекс 22,1 позиционирајќи ја на 36 место од вкупно 180 земји во светски рамки.

**Графикон бр. 3. - Индекс на слобода на медиуми за 2021 година**




*Извор: RSF index-2021 https://rsf.org/en/ranking;*

Во 2020 година, Република Турција е рангирана на **11 место** во светот по воена моќ од страна на Global Firepower, со индекс на воена моќ (**Power Index –** ***PwrIndx***) од 0,2098 кој во себе инкорпорира повеќе од 50 различни индивидуални фактори, поделени во 8 категории, а Република Северна Македонија, со индекс од 3,1808, е рангирана како земја со најслаба армија на Балканот (треба да потенцираме дека не постојат официјални податоци за армијата на Косово). Како втора армија по бројност во НАТО, веднаш по армијата на САД, ***е воената моќ*** на Република Турција што претставува неоспорен адут при водењето на надворешната политика.

Во однос на слободите и правата на Балканот, независната организација **Freedom House** во извештајот од 2021 година и дава оцена на Република Турција од 32/100 севкупен индекс на слобода, рангирајќи ја во земјите каде нема слобода. На Балканот најдобро е рангирана Словенија со 95/100 севкупен индекс на слобода .

**Графикон бр. 6. - Индекс на слобода во светот за 2021 година**




Извор: Freedom in the world-2021
https://freedomhouse.org/countries/freedom-world/scores

**2. Големите сили и Балканот**

Во денешната геополитичка конјуктура, Балканот претставува географски регион во кој се инволвирани поголем број на меѓународни субјекти кои проектираат и спроведуваат сопствени (спротивставени) интереси, а анализите покажуваат дека ваквиот тренд ќе продолжи и во иднина. Доколку субјектите, кои имаат вкрстени интереси и спроведуваат сопствена агенда, продолжат да го перципираат Балканот низ призмата на историјата, како поле на натпревар во кој е возможен само „zero-sum“ исход, тогаш на долг рок резултатот ќе биде дополнителни заострувања, политички и безбедносни кризи, недоверба и изолираност. Како клучни играчи во балканската игра, во современ геополитички контекст можат да се издвојат: *ЕУ (особено Германија)*, *Русија, САД, Кина, Саудиска Арабија* (вклучително и други арапски земји од Персискиот Залив) и *Турција*.

**2.1. Балканот и Европската Унија**

За разлика од останатите заинтересирани играчи во Балканската „геополитичка покер игра“, ***Европската Унија*** има географски континуитет со земјите од Западен Балкан и дели заедничка гранична линија. Како што претходно напомнавме, 5 земји од Балканот се членки на Унијата, а другите се

во некаква форма, формално-правно поврзани, правејќи ја нормативно структуралната „мека моќ“ доминантен инструмент на влијанието на ЕУ. Дополнително, земјите на ЕУ претставуваат најголем трговски партнер поединечно на секоја држава од Балканот, неспоредливо во поголем обем од останатите држави. Во економски поглед, позицијата на ЕУ28 во регионот е незаменлива. Така, на пример, според ЕВРОСТАТ од 2019 година, во 2018 година, ЕУ28 учествуваше со 71,9 % од извозот на стоки во регионот и 57,7 % од соодветниот увоз, додека Кина, Русија и Турција учествуваа со 8,2 %, 4,9 % и 5,1 % од увозот на регионот и 0,7 %, 3,1 % и 1,7 % од извозот, соодветно. Сепак, недоделувањето на датум за преговори на Република Северна Македонија и Албанија, донекаде ја доведува во прашање иднината на Западен Балкан во Европската Унија и ја поткопува довербата на граѓаните. Од овој аспект, нов момент во анализата на односот ЕУ - Западен Балкан, особено Германија - Западен Балкан, треба да биде општествениот ризик и импликациите кои се појавуваат во областа на здравството и технологијата како резултат на одливот на стручен кадар (одлив на „мозоци“, особено на доктори, електро и машински инженери, програмери и друг вид на информатичари) од балканските простори кон Западна Европа. Во ера на информатичко-технолошка револуција и трансформација од материјална економија во економија базирана на „знаење“, иселувањето на стручниот (претежно млад) кадар предизвикува размислување за креирање на нова безбедносна концепција и редефинирање на клучните безбедносни закани и ризици по регионот. Земајќи го предвид трендот на намалена стапка на родени, кумулирано со зголеменото иселување, на долг рок возможно е да резултира со економски неконкурентни и системски пропаднати држави.

### 2.2. Балканот и САД

Присуството на ***САД*** на Балканот првенствено е преку НАТО и проектираната „мека моќ“ преку силна промоција (филмови, музика, тв-серии, американска продукција, книги, поткасти...) на американски вредности и начин на живот. Зачленувањето на државите од Западен Балкан во НАТО со поддршка на САД, треба да претставува увертира во идното нивно зачленување во ЕУ, на

тој начин држејќи го во кондиција реформскиот процес низ кој треба да поминат. Неколку елементи на американската политика кон Европа се постојани: а) трансатлантската заедница е само еден од надворешно–политичките приоритети на САД, но не е единствен и не е најважен; б) потребата да се сочува НАТО, не толку како практичен инструмент за употреба, туку повеќе како брана од развивањето на концептот за сепарирана европска одбрана; в) поддршка на концептот на „Европа со повеќе брзини“ што овозможува полесно формирање приспособливи коалиции за одделни прашања; г) и последно, но, не и најмалку важно, задржување на специјалното партнерство со Велика Британија[101]. Витален концепт за ефективноста и ефикасноста на напорите и влијанието на трансатлантската заедница на Балканот е *„принципот на компаративна предност“*.[102] Ова подразбира развивање на сет на услуги кои ги пружат најдобро, буквално прегазувајќи ја конкуренцијата доколку ја има или ако се појави. Сетот на услуги на САД преку НАТО се: обезбедување на регионална стабилност, штитење на сопственото југоисточно крило и обезбедување и штитење на територијалниот интегритет на земјите членки. Од друга страна ЕУ ја адресира потребата од дополнителни напредни реформи во демократијата, економијата и во начинот на водење политика во земјите од Западен Балкан. И покрај разочарувањата, кон ЕУ сѐ уште се гледа со благонаклонетост од страна на мнозинството граѓани на земјите од Западен Балкан, пред сѐ, бидејќи ЕУ нуди структурална интеграција, која е далеку постратешки поставена во споредба со Руската Федерација или Република Турција, на пример.[103]

### 2.3. Балканот и Русија

Гледајќи ја големата геостратешка слика, регионот на Југоисточна Европа е само споредна проблематика во стратешкото размислување на

[101]Стево Пендаровски, Меѓународна безбедност, Скопје, 2009 година.
[102]Oya Dursun-Özkanca, The Western Balkans in the Transatlantic Security Context: Where Do We Go from Here?, Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2.
[103]Žarko Petrovic and Dusan Reljic, Turkish Interests and Involvement in the Western Balkans: A Score-Card Insight Turkey Vol. 13 / No. 3 / 2011 pp. 159-172.

***Москва***. Приоритетите во надворешната и безбедносната политика на Русија се т.н. „блиску до странство“ (ближнее зарубежье), Блискиот Исток и односите со САД (Западот како целина). Во документот „Доктрина на руската надворешна политика“ од 2016 година, во кој се наведени ставовите на Москва во врска со основните принципи, приоритети, цели и задачи на руската надворешна политика, регионот на Западен Балкан не е ниту спомнат. Овој регион од страна на руските креатори на надворешната политика се доживува како арена во која можат да постигнат значителни ефекти со релативно малку ресурси, претежно преку „меки“ методи и разузнавање, со цел одвлекување на вниманието, ослабување и поделба на заедниците во балканските држави[104]. Како голема сила во обнова, Русија, сепак, има големо историско влијание на претежно доминатно православниот Балкан, особено во областа на високите стратегиски воено-енергетски прашања. Но и покрај тоа што во голема мера рускиот идентитет е обликуван под влијание на Балканот (христијанство, симболот за двоглав орев, културни артефакти, но и кирилското писмо), руските креатори на политика не чувствуваат цврста морална обврска кон нациите на Балканот. Во отсуство на јасна, долгорочна и конструктивна надворешнополитичка стратегија за Балканот, резултатот е реална политика обременета со деструктивност и претежна фокусираност кон создавање на нестабилност низ призмата на историската потреба да и се биде признаен статусот на голема сила од страна на западните земји. Еден од лимитирачките фактори на руското влијание во Балканот е природата на алатките кои ги користи во надворешната политика. Тоа се истите алатки (луѓе и инструменти) кои ги користи и во внатрешната, домашна политика, со цел предизвикување на политички кризи и нарушување на постојните политички односи, преку перфидно вмешување во политичките калкулации на балканските држави со корупција, неформална мрежа на насилнички групи, компромитирачки материјали[105], пропаганда и

[104]The influence of external actors in the Western Balkans, A map of geopolitical players, Konrad-Adenauer-Stiftung e. V. 2018, Sankt Augustin/Berlin.

[105]Vsevolod Samokhvalov, Russia in the Balkans: Great Power Politics and Local Response, Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2.

обликување на конкретна таргетирана порција на дигитална реалност преку хакерски упади и ботови[106]. Русија за да изврши влијание во регионот го користи и својот статус во Советот за безбедност на ОН. Во делот на военоенергетскиот сектор, неуспешниот државен удар во Црна Гора укажува на тоа дека Русија нема лесно да се откаже од тактиката на дејствување наследена од Советскиот Сојуз (предизвикување на диверзија, саботажи и заговори со цел остварување на државниот интерес). Русија ќе продолжи да ја поддржува Република Србија воено (преку продажба на ракетен систем С-400, воени хеликоптери), позиционирајќи се територијално на простор опколен од земји членки на НАТО. На енергетски план, регионот на Западен Балкан е само дел од пошироката стратегија за доминација на европскиот енергетски пазар, особено во делот на нафтата и гасот. Русија ќе продолжи да ја проектира својата моќ во регионот со цел доминација на пазарот на енергија.

### 2.4. Балканот и Кина

Што се однесува до ***Кина***, до пред само неколку години, надворешната политика на Кина беше во голема мера невидлива и од мало значење на Балканот. Ова се измени, од една страна, со најавата и започнувањето на иницијативата за *„еден појас, еден пат“ (OBOR)*, амбициозната меѓународна стратегија на Кина за инвестиции, што ќе создаде нов „пат на свилата“ помеѓу Кина и европските пазари, користејќи го регионот на Западен Балкан како најкраток и најбрз пат кон Европа и, од друга страна, со иницијативата за соработка со земјите од Централна и Југоисточна Европа, која беше лансирана во 2012 година[107]. Дел од стратегискиот пробив преку OBOR[108] треба да биде и изградбата на автопатот Дунав - Морава - Вардар[109] со цел поврзување со Егејското Море, каде Кинезите го поседуваат грчкото пристаниште Пиреја, во

[106] д-р Иван Ристов, Турската моќ на Балканот и безбедносните импликации – случај Северна Македонија, докторска дисертација, Факултет за безбедност – Скопје, УКЛО, одбранета на 23.11.2020 година; достапна на: https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2020/10/Doktorska-Ivan.pdf.

[107]The influence of external actors in the Western Balkans, A map of geopolitical players, Konrad-Adenauer-Stiftung e. V. 2018, Sankt Augustin/Berlin.

[108]Europe and China’s New Silk Roads, ETNC Report, December 2016.

[109]Dimitrijević, Duško, Danube and the New Silk Road, 2016.

кое досега имаат инвестирано преку 4 милијарди долари. На овој начин би си обезбедиле трајна контрола на транзитот на стоки од и кон Европа. Заклучокот е дека примарниот интерес на Кина во регионот е подобрувањето на внатрешната поврзаност со цел да се олесни транспортот на кинески производи. Кинескиот интерес и продор на Балканот (но и целиот регион на Југоисточно Европа) и директниот судир со интересот на САД може да се забележи и во делот на продажба на информатичка технологија, која за разлика од западната е многу поевтина, а е високо квалитетна, како и во контролата на 4G и 5G мрежите.

### 2.5. Балканот и Кралството Саудиска Арабија

***Кралството Саудиска Арабија*** во континуитет развива *домашна стратегија*, која вклучува примена на Шеријатот и строгите верски правила, како и *стретегија на надворешната политика*, преку финансирање на исламистичка мрежа во светот во рамки на добротворни организации, џамии, болници и верски училишта, но и преку инфилтрирање на вахабисти во академската средина (факултети, универзитети), создавајќи генерации кои подоцна би биле дел од јавниот сектор[110]. Како земја чувар на најсветите места во исламот, располага со потенцијална „мека моќ" која секоја година привлекува милиони муслимани на аџилак[111]. На Балканот, Саудиска Арабија, пред сè, е фокусирана кон ширење на сопствениот државен религиски идентитет и идеологија на вахабизам, а како инструмент на надворешната политика ги користи давањето на религиски услуги (овде спаѓа и финансирањето и изградбата на џамии), образовни активности и издаваштво. Имајќи предвид дека на Балканот живее многубројно муслиманско население,

[110]Danny Day, Jr., Exploiting Terrorist Vulnerabilities: A Law Enforcement Approach to Fighting Terrorist Organizations, School of Advanced Military Studies, United States Army Command and General Staff College, Fort Leavenworth, Kansas, AY 2008-2009.

[111]Според статистиките на ИВЗ, во 2013 година околу 2.500 аџии – од РСМ и дијаспората заминале на аџилак (само од РСМ околу 2.200 аџии), за разлика од БиХ каде и покрај тоа што има поголем број муслимани, на аџилак заминуваат за половина помалку аџии во споредба со РСМ. Види повеќе кај: Емилија Георгиевска-Петревска, Безбедноста во контекст на политичкиот ислам и верската мобилизација, магистерски труд, одбранет на Факултетот за безбедност – Скопје, 2014 година.

поблиската соработка со оваа таргетирана група ќе ѝ овозможи на Саудиска Арабија статус на влијателен играч во балканската политика.[112]Сепак, и покрај зголемените напори на Саудиска Арабија, таа не наидува на плодна почва кај балканското муслиманско население кои се следбеници на умерен и либерален ислам, најмногу и поради нивната историска, културна и етничка поврзаност со Турција. Влијанието на Саудиска Арабија може да се мапира кај повратниците од боиштата во Сирија но и кај домашни тврди и латентни приврзаници на салафизмот. Во Бугарија, Саудиска Арабија е предоминантно присутна во пределот на Родопите, помеѓу помаците. Во овој регион, Саудиска Арабија има изградено повеќе џамии, а лидерот на родопските муслимани е школуван во Саудиска Арабија[113]. Радикалниот ислам во Бугарија, според министерот за одбрана, Красимир Каракачанов се шири и може да се лоцира и кај гетоизираните и сиромашни Роми[114]. Конфликтот во Босна и Херцеговина отвори пат за продор на неколку илјади радикални исламисти, меѓу кои и авганистански воени ветерани, платеници, борци на проиранскиот Хезболах и припадници на Ал-Каеда, регрутирани во муџахединската единица „Ел-Муџахид“ и поддржани од низа невладини и хуманитарни организации, пред сé, од Саудиска Арабија[115]. Според Huntington[116], при распадот на Југославија, Саудиска Арабија, Турција, Иран и Либија им организирале финансиски средства и вооружување на Босанците, не од причини поврзани со идеологијата или со политиката на моќ или, пак, со економскиот интерес, туку поради културолошкото сродство. По завршувањето на конфликтот дел од овие борци

[112] İsmail Numan Telci, Aydzhan Yordanova Peneva, Turkey and Saudi Arabia as Theo-political Actors in the Balkans: The Case of Bulgaria, Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2.

[113]Ibid.

[114]Видео излагање на Каракачанов. Достапно на: https://news.bg/politics/karakachanov-zadarzhaniyat-za-terorizam-balgarin-ne-e-izoliran-sluchay-sred-romite.html пристапено на 17 февруари 2020 година.

[115]Емилија Георгиевска-Петревска, Безбедноста во контекст на политичкиот ислам и верската мобилизација, магистерски труд, одбранет на Факултетот за безбедност – Скопје, 2014 година.

[116]*Huntington, Samuel P. The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. New York :Touchstone, 1997.*

останаа да живеат на тој простор. Саудиска Арабија, ги користи овие лица како лостови при спроведување на сопствените надворешно-политички интереси за религиска доминација на просторот.

### 2.6. Балканот и Обединетите Арапски Емирати (ОАЕ)

Како активен економски актер во регионот во последните години се забележуваат и ***Обединетите Арапски Емирати (ОАЕ)*** особено во Република Србија каде работат на проектот Белград на вода, вреден 3 милијарди американски долари и имаат склучено партнерство со српската влада во креирањето на „Ер Србија“.[117]

## 3. Турција и Балканот

Тезата на Huntington е дека вредностите, културата и институциите се тие што доминантно влијаат врз начинот на кој државите ги дефинираат своите интереси. Во светот по Студената војна, државите сѐ повеќе ги дефинираат интересите во цивилизациски контекст. Соработуваат и се здружуваат со држави што имаат слична или заедничка култура и почесто запаѓаат во конфликт со земји со различна култура. Помала е веројатноста дека различни јавни групации и државници ќе здогледаат закани што им доаѓаат од луѓе за кои чувствуваат дека ги разбираат и дека можат да им веруваат поради заедничкиот јазик, религија, вредности, институции и култура. Оттука, земјите со културолошки сличности многу повеќе соработуваат на економски и на политички план[118]. Според Davutoğlu народите на Балканскиот Регион не се само соседи што живеат еден покрај друг, туку тие формираат едно семејство со тесни општествени и културни врски, кои ги поврзуваат. Балканскиот Регион според него е како чорба и таа ќе има добар вкус само ако солта и сите други

---

[117]Интервју со претседателот на МАНУ, Љупчо Коцарев. Достапно на: https://www.fakulteti.mk/news/17012020/intervju-so-pretsedatelot-na-manu-ljupcho-kocarev-promena-na-izborniot-model-akademijata-mora-da-se-podmladi?fbclid=IwAR2dRLJezcciNRCvbc_A-z4oZS0ZehFBUfimg3olvctTxmCAXcWt3rjJUvc пристапено на 20.2.2020 година.

[118]*Huntington, Samuel P. The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. New York :Touchstone, 1997.*

состојки се соодветни во неа. Ако некој ја извади која било состојка од нив, таа чорба нема да има никаков вкус. Оттука, Македонците, Србите, Албанците, Турците, Грците, Бошњаците, Бугарите, Хрватите, Романците, меѓу останатите, сите ќе живеат заедно во следниот век, носејќи го своето богатството на трпезата[119]. Во книгата „Балкани. Балканизъм"[120], Марија Тодорова објаснува дека пола милениум османлиска власт на Балканот го донела самото име на полуостровот, одржувајќи најдолг период на политичко единство во целата негова историја. Денес, турските лидери тврдат дека повеќе од 10 милиони турски граѓани имаат свое семејно потекло од земјите на Западен Балкан.[121] Според некои процени, во Турција денес околу 8 милиони граѓани влечат потекло од Албанија, од кои 4 милиони сè уште го знаат и го зборуваат албанскиот јазик[122]. Неколку миграциски брана во XX век доведоа до иселување на неколку стотици илјади Турци и муслимани со словенско потекло од Балканот во Турција, зацврстувајќи ги културните но и семејните врски помеѓу Балканот и Турција. Како консеквенција на ова, случувањата по распадот во Југославија доведоа до притисок од страна на јавноста во Турција со цел заштита на Бошњаците во Босна и Херцеговина и Санџак, но и Албанците на Косово. Во оваа насока, на 18 април 1994 година, низ улиците на Сараево маршираа две илјади лица, кои притоа ги вееја знамињата на Саудиска Арабија и на Турција. Со тоа што ги вееја тие знамиња, а не знамето на ОН, на НАТО или американското знаме, овие жители на Сараево се поистоветуваа со своите муслимански браќа и му објавуваа на светот кои се нивните вистински

[119]Напредна визија за Балканот, Prof.Dr. Ahmet Davutoğlu, министер за надворешни работи на Република Турција, vision papers, SAM, број 1, октомври 2011 година.

[120]Балкани. Балканизъм, УИ „Св. Климент Охридски". София, 2004

[121]Sylvie Gangloff, „The Impact of the Ottoman Legacy on Turkish Policy in the Balkans, 1991-1999", CERI, (November, 2005), p.10, retrieved June 26, 2011, http://www.ceri-sciencespo.com/archive/nov05/artsg.pdf.

[122]Auzias, Dominique and Labourdette, Jean-Paul (2012), Albanie 2012-2013, Paris: Nouvelles éditions de l'Université, Third edition; Liridon Lika, The return of Turkey to the Western Balkans: a challenge or an opportunity for the European Union, Politikon: IAPSS Political Science Journal, Vol. 28.

и не толку вистински пријатели[123]. Што значи ова за регионот од аспект на тезата на Huntington за „судирот на цивилизациите“? Турските политичари, Балканот го доживуваат како историско тло во кое се всадени корените на турското европејство, а за некои од нив османлиската Румелија, а не далечната Азија или Анадолија, се вистинската колевка на турскиот цивилизациски идентитет. Затоа и му придаваат така големо внимание.

Иднината на Бошњаците и Албанците, како во геокултурна така и во геополитичка смисла, има статус на „клуч на Балканот[124]“. Турското малцинство кое живее во Косово и Македонија е дополнителна причина за Анкара да посвети повеќе внимание на Балканот, а зачестените посети на турски официјални лица на Балканот укажуваат на зголемениот турски интерес на Балканот. Постојат спротивставени ставови во однос на политиката на Турција на Балканот, односно дали таа е комплементарна[125] со политиката на Европската Унија или е во судир и постојан меѓусебен натпревар. Според скептиците Турција се обидува да ја поткопа стабилноста на Балканот, вклучувајќи ја овде и Евроатлантската интеграција на регионот. Според Mehmet Uğur Ekinci, турскиот пристап во Балканот во ниту еден случај не ја поткрепува оваа теза[126]. Покрај соработката помеѓу Брисел и Анкара во повеќе области, меѓу кои и зачувувањето на мирот или преземање на улога на медијатори во дадена конфликтна ситуација, Турција секогаш е подготвена да одигра улога на медијатор помеѓу Косово и Србија и помеѓу Србија и Босна и Херцеговина.

Европската Унија како водечки централен авторитет на Балканот, иако оддава знаци на загриженост од зголемената присутност на Турција на

[123]*Huntington, Samuel P. The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. New York :Touchstone, 1997.*

[124]Дарко Танасковиќ, Неоосманизам, доктрина и спољнополитичка пракса (друго, допуњено издање), Службени гласник, 2011.

[125]Kardaş, Şaban (2015), associate professor of international relations in the Department of International Relations at TOBB University of Economics and Technology in Ankara.

[126]Mehmet Uğur Ekinci, Turkey’s Balkan Policy and Its Skeptics, Commentaries; Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2, page 37-49.

Балканот[127], враќањето на Турција на Балканот, сега за сега не претставува посериозен предизвик за неа, најмногу од причина што Турција не располага со поатрактивен стратегиски проект пандан на Унијата кој би им го понудила на овие земји, ниту поседува економски ресурси со кои ќе биде конкурентна на економски план.

Кога се зборува за популарноста која ја ужива турската надворешна политика на Балканот, се потенцира дека таа е изразена особено кај муслиманското население, додека наидува на отпор претежно кај ортодоксните православни христијани, со исклучок на населението во Македонија, кое се чини дека е наклонето кон Турција[128] (што некои автори го толкуваат во контекст на спорот помеѓу Грција и Република Северна Македонија и поддршката која Република Северна Македонија ја има(ше) од страна на Турција во овој спор. Натписите во медиумите за полуофицијални и официјални обиди да се направи ревизија на учебниците во Албанија и Косово (со тенденција ова да се прошири кон сите балкански држави) каде Османлиската Империја е претставена низ призмата на насилен освојувач и окупациска сила на овој простор, од страна на турските претставници при посетите во овие земји[129], со цел креирање на поинаква слика за Османлиите како „пријателска администрација“ на таа територија и извор на цивилизациски вредности[130], кај дел од албанската интелектуална елита предизвика силна реакција. Во оваа насока особено жесток став искажа Ismail

[127]Liridon Lika, The return of Turkey to the Western Balkans: a challenge or an opportunity for the European Union, Politikon: IAPSS Political Science Journal, Vol. 28.

[128]Истражувањето на Галуп Монитор Груп од 2010 година покажуваат дека само 40 % од населението во БиХ гледа на Турција како пријателска земја, во Србија тоа е 15 % од населението, во Хрватска 24 %, во Албанија 73 %, во Косово 85 % и во Република Северна Македонија 80 % од населението.

[129]Шпекулација која не е ниту потврдена ниту демантирана од страна на официјалните албански власти.

[130]Erebara Gjergj, Albanci preispituju „negativno“ mišljenje o Osmanlijama, ноември 2010, достапно на: https://balkaninsight.com/2010/11/30/albanci-preispituju-negativno-misljenje-o-osmanlijama/?lang=sr пристапено на 10.4.2021 година.

Kadare, нарекувајќи ги ваквите обиди на Турција „културна агресија“[131]. Сепак, јавното мислење и популарноста на турската политика во Албанија не се влоши. Во оваа насока се и изјавите на *Севба Абдула*, претседател на *Здружението за едукација и идеи „Фетах Ефенди“ од Скопје*. На 17 јануари 2019 година, укажувајќи на важноста на проектот „Заедничко османлиско наследство“, кој се организира од страна на здружението „Фетах Ефенди“, со поддршка на Дирекцијата на Турците во странство и сродните заедници (YTB), Севба Абдула истакна дека во текот на XX век постои една историографија и негативно изучување на османлиската историја на Балканот. Според него, потребно е балканските народи да изградат врски на поправеден начин со османлиското минато и на овој начин да го вратат долгот на лојалноста. Не е праведен пристапот (османлиската историја) да се чита преку бунтови, хероизми и војни во текот на еден период од 500 години, туку поправедно ќе биде османлиското минато да се гледа од аспект на заедничко наследство во регионот, преку историјата на османлиската култура, мислењето, архитектурата и уметноста, а во иднина ќе се извлечат позначајни примери.[132] Истражувањата на Gallup international, за мислењето на јавноста за светските лидери, Voice of the people 2017 и Voice of the people 2018[133], покажуваат дека претседателот на Турција, Erdoğan на Балканот е најпопуларен во Косово. Во 2018 година резултатот од анкетата во Косово е 71/18/12 (+53), што е повисок од популарноста на Erdoğan која ја ужива во сопствената држава (Турција 56/28/17 (+28)). Во Република Албанија, Erdoğan, исто така, ужива голема популарност, 66/31/3 (+35). Во Република Северна Македонија, во 2017 година резултатот е 47/29 (+18), во 2018 година 56-favourable/25- unfavourable (+31),

---

[131]Kadare: Turqia po bën agresion kulturor, Lajme/Kosovë, 28.3.2013, достапно на: https://telegrafi.com/kadare-turqia-po-ben-agresion-kulturor/ пристапено на 10 април 2019 година.

[132]Изјава на Севба Абдула од 17.1.2019 година. Достапна на: https://www.aa.com.tr/mk/балкан/-балканските-народи-треба-да-изградат-поправедни-врски-со-османлиското-минато-/1367160 пристапено на 10 февруари 2021 година.

[133]Gallup international, Voice of the people 2018, 42nd Annual Global End of Year Survey, April 2019 година.

што е за 3 поени повисоко од популарноста на Erdoğan во Турција и во 2019 година резултатот е 60/25 +35, што го прави најпопуларен лидер пред сите останати. Од другите земји на Балканот, во Бугарија Erdoğan е најнепопуларен, со резултат од 14/63/24 (-49), па во Србија 32/45/23 -13 и во Романија 27/38/35 (-11).

Анализата на ресурсите на „мека моќ" на Република Турција и нивното користење во насока на проекција кон балканските држави, покажуваат дека таа, преку проекција на „мека моќ", се обидува да постави агенда на легитимност на политиката на „мек" неоосманизам и тоа преку обликување и креирање на преференците на граѓаните, претежно со користење на неформални инструменти за проекција на „мека моќ". Економската моќ која Турција ја манифестира врз балканските држави е ставена во служба на „меката моќ", како дел од стратегијата на проектирана контекстуална паметна моќ. Економскиот интерес не е клучната причина за зголеменото присуство на Турција на Балканот. Турската проекција на „мека моќ" во регионот на Западен Балкан во областа на религијата и културата, на подолг рок носи скриена агенда чија крајна цел е создавање на „муслиманска оска (зелена трансферзала)" на Балканот (обединети муслимански заедници) која ќе биде на иста линија со надворешната политика на Турција.[134]

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Како клучни играчи во балканската игра, во современ геополитички контекст можат да се издвојат: Европската Унија (особено Германија), Русија, Соединетите Американски Држави, Кина, Саудиска Арабија (вклучително и други арапски земји од Персискиот Залив) и Турција кои спроведуваат сопствени агенди на маркирана територија.

[134]д-р Иван Ристов, Турската моќ на Балканот и безбедносните импликации – случај Северна Македонија, докторска дисертација[134]Степић, Миломир: Западни Балкан – пример географског распојмљивања и геополитичког манипулисања, Национални интерес, Београд, бр. 3/2012, стр. 9-34.

Моменталната ситуација во Западен Балкан, тектонските поместувања на либералниот систем на воспоставени меѓународни односи, како и моралната ерозија на принципите на Европската Унија , креираат микрохаос, протекционизам и засилена национал популиситичка реторика.

Дополнителен безбедносен предизвик за земјите од Балканот се влијанијата на големите сили (САД, Русија, Кина) врз политичко-економските односи во регионот и нивните импликации врз регионалните односи. Ова особено се огледа од Бајденовата одлука за ставање на „црната листа“ на САД на сите политичари од Балканот што ќе ја нарушат функционалноста на мировните меѓународни договори на Балканот (Дејтонскиот договор, Рамковниот договор, Преспанскиот договор, признавањето на Република Косово). Надворешната политика на Република Турција кон земјите од Балканот има сериозно влијание врз стабилноста на Босна и Херцеговина, што се огледа во поддршката од Турција Босна и Херцеговина да го задржи федеративното политичко уредување на трите ентитети, што воедно значи стабилен и мирен Балкан. Новите економско-политички концепти на соработка на земјите од Западен Балкан треба да придонесат за зачувување на демократскиот и либерално ориентиран западен курс на земјите од Балканот и почитување на надворешно-политичките ориентации на земјите од регионот во духот на развојот, стабилноста и просперитетот.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Auzias, Dominique and Labourdette, Jean-Paul (2012), Albanie 2012-2013, Paris: Nouvelles éditions de l’Université, Third edition; Liridon Lika, The return of Turkey to the Western Balkans: a challenge or an opportunity for the European Union, Politikon: IAPSS Political Science Journal, Vol. 28.
- Danny Day, Jr., Exploiting Terrorist Vulnerabilities: A Law Enforcement Approach to Fighting Terrorist Organizations, School of Advanced Military Studies, United States Army Command and General Staff College, Fort Leavenworth, Kansas, AY 2008-2009.
- Dimitrijević, Duško, Danube and the New Silk Road, 2016.

- Erebara Gjergj, Albanci preispituju “negativno” mišljenje o Osmanlijama, ноември 2010, достапно на: https://balkaninsight.com/2010/11/30/albanci-preispituju-negativno-misljenje-o-osmanlijama/?lang=sr
- Europe and China’s New Silk Roads, ETNC Report, December 2016.
- Gallup international, Voice of the people 2018, 42nd Annual Global End of Year Survey, April 2019
- *Huntington, Samuel P. The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. New York :Touchstone, 1997.*
- İsmail Numan Telci, Aydzhan Yordanova Peneva, Turkey and Saudi Arabia as Theo-political Actors in the Balkans: The Case of Bulgaria, Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2.
- Kadare: Turqia po bën agresion kulturor, Lajme/Kosovë, 28.03.2013, достапно на: https://telegrafi.com/kadare-turqia-po-ben-agresion-kulturor/ .
- Kardaş, Şaban (2015), associate professor of international relations in the Department of International Relations at TOBB University of Economics and Technology in Ankara.
- Liridon Lika, The return of Turkey to the Western Balkans: a challenge or an opportunity for the European Union, Politikon: IAPSS Political Science Journal, Vol. 28
- Mehmet Uğur Ekinci, Turkey’s Balkan Policy and Its Skeptics, Commentaries; Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2, page 37-49.
- Oya Dursun-Özkanca, The Western Balkans in the Transatlantic Security Context: Where Do We Go from Here?, Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2.
- Sylvie Gangloff, „The Impact of the Ottoman Legacy on Turkish Policy in the Balkans, 1991-1999“, CERI, (November, 2005), p.10, retrieved June 26, 2011, http://www.ceri-sciencespo.com/archive/nov05/artsg.pdf.
- The influence of external actors in the Western Balkans, A map of geopolitical players, Konrad-Adenauer-Stiftung e. V. 2018, Sankt Augustin/Berlin.
- Vsevolod Samokhvalov, Russia in the Balkans: Great Power Politics and Local Response, Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2.
- Žarko Petrovic and Dusan Reljic, Turkish Interests and Involvement in the Western Balkans: A Score-Card Insight Turkey Vol. 13 / No. 3 / 2011 pp. 159-172.
- Балкани. Балканизъм, УИ „Св. Климент Охридски“. София, 2004.
- Дарко Танасковиќ, Неоосманизам, доктрина и спољнополитичка пракса (друго, допуњено издање), Службени гласник, 2011.

- Емилија Георгиевска-Петревска, Безбедноста во контекст на политичкиот ислам и верската мобилизација, магистерски труд, одбранет на Факултетот за безбедност – Скопје, 2014 година.
- Иван Ристов, Турската моќ на Балканот и безбедносните импликации – случај Северна Македонија, докторска дисертација, одбранета на Факултет за безбедност – Скопје, УКЛО, 23.11.2020 година; достапна на: https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2020/10/Doktorska-Ivan.pdf.
- Изјава на Севба Абдула од 17.1.2019 година. Достапна на: https://www.aa.com.tr/mk/балкан/-балканските-народи-треба-да-изградат-поправедни-врски-со-османлиското-минато-/1367160.
- Мијалковски, Милан: Домети агресије селафија на неитегрисаном делу Балкана, Војно дело, Јесен/2011, Министарство одбране Републике Србије, Београд, 2011, стр. 398-399.
- Напредна визија за Балканот, Prof.Dr. Ahmet Davutoğlu, министер за надворешни работи на Република Турција, vision papers, SAM, број 1, октомври 2011 година.
- Стево Пендаровски, Меѓународна безбедност, Скопје, 2009 година.
- Степић, Миломир: Западни Балкан – пример географског распојмљивања и геополитичког манипулисања, Национални интерес, Београд, бр. 3/2012, стр. 9-34.

